# МАЧЕНИ

## ЗА ХРИСТОС

ПАСТОР РИЧАРД ВУРМБРАНД

Голос мучеников

OM EAST

Оригинално издадено на англиски како:
Tortured for Christ by Pastor Richard Wurmbrand

Living Sacrifice Book Company

© 2012. by The Voice of the Martyrs.
This edition published in cooperation
with OM EAST for the Macedonian edition.
Translated by permission. All rights reserved.

Издавач: ИЗГРЕВ - Скопје
во соработка со The Voice of the Martyrs и OM EAST

Превод: Јован Јоновски
Лектура: Бранкица Јовева
Уредник: Јован Јоновски

Дизајн и прелом: OM EAST

Печати: МАРИНГ
Тираж: 2000

Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира, да се складира во мемориски систем или да се распространува во која било форма или на кој било начин – електронски, механички, преку фотокопирање, преку снимање, или на кој било друг начин – без претходно добиена писмена дозвола.

CIP каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN: 978-9989-2817-2-3

ПОСВЕТА

# Посвета

На В. Стјуарт Харис, генерален директор на *Европската христијанска мисија* во Лондон, кој по моето ослободување од затвор во 1964 година, дојде во Романија како гласник на христијаните од Западот. Кога влезе во нашиот дом доцна навечер, по низа мерки на претпазливост, тој ни донесе зборови на љубов и утеха и на олеснување за семејствата на мачениците за Христос. Во името на овие верници, ја изразувам својата благодарност.

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 3 11/27/2012 8:55:15 AM

# ПРЕДГОВОР

## МАЧЕНИК

Ричард Вурмбранд кажа: „'Мачени за Христос' нема никаква литературна вредност. Таа е напишана само за три дена, веднаш по моето ослободување од затвор. Но, пишувана е со перо и солзи. И поради некоја причина, Бог благоволи да го благослови напишаното и да го употреби за Своја цел". На триесеттото јубилејно издание на Мачени за Христос, малку од тоа е променето. Оригиналното сведоштво за четиринаесетгодишното заточеништво на еден пастор под романската диктатура, остана недопрено.

Со текот на годините, Мачени за Христос е преведена на 65 јазици и милиони примероци се распространети низ целиот свет. Постојано сме изненадени од тоа како ова сведоштво е употребено од Бог за да го зајакне Своето тело. Откривме дека во ова тело, победата, храброста, издржливоста и истрајноста немаат граници, бојата на кожа, народноста, но се подеднакво дадени на сите од Светиот Дух.

Интересно е дека кинеските пастори, американските домаќинки и арапските таксисти можат да бидат инспирирани и охрабрени од книга, напишана од еден романски Евреин. Виетнамските водачи на домашни цркви, еднаш споделија со мене како ги подготвуваат христијаните да преживеат и да растат под очекуваното преземање на Јужен Виетнам од комунистите, во седумдесеттите години. Тие ја делеа виетнамската верзија на книгата Мачени за Христос како водач за преживување, сведоштво за вера којашто победува во неверојатно тешки услови. Добиваме писма од многумина

кои започнале лична врска со Христос, читајќи ја оваа книга и сфаќајќи дека Христовата љубов е моќна реалност. Во оваа смисла, овие страници не претставуваат политички напад, туку претставуваат евангелско сведоштво на мачениците.

Мнозина денес, веруваат дека мачeник е некој кој умира за својата вера. За жал, со оваа дефиниција го губиме вистинското значење и длабочина на маченииштвото. Свети Августин еднаш рекол: „Целта, а не страдањата, го прави вистинскиот маченик". Во својата драма Убиство во катедралата, Т. С. Елиот го опишува маченикот како некој „кој станал божји инструмент, кој ја загубил својата волја во Божјата. Не ја загубил, туку ја нашол, бидејќи нашол слобода во потчинувањето на Бог. Маченикот веќе не посакува ништо за себе, а дури ни славата на маченииштвото."

Самиот елински збор „мартир" значи „сведок". Писателот на Евреите вели: „Затоа и ние, имајќи околу себе толкав облак сведоци" (12:1), и Исус нè упатува во Дела 1:8, „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата."

Новозаветните маченици не само што лично посведочија за вистината и силата на Исус Христос туку беа упатени да го пренесат тоа сведоштво и на други, без разлика на цената. Подоцна, во Делата на Апостолите читаме за Стефан, првиот што ја платил крајната цена на сведоштвото. Од овој момент, зборот сведок – „мартир" добива многу појако значење, не само на некој кој што е сведок туку кој е спремен да го даде својот живот – да стане маченик за таа цел.

Вистината за којашто сведочиме, доаѓа со голема цена – може да нè чини нашата репутација, популарност и престиж. Може дури и да нè чини нашето семејство, пријатели, нашите животи. Но, пораката на нашето сведоштво е толку силна, што сме охрабрувани „да го положиме настрана секое бреме и гревот којшто нè сплеткува лесно" (Евреите 12:1), за истрајно да ја трчаме трката што Бог ја постави пред нас во нашиот живот.

Пораката на христијанското „сведоштво“ не е ограничена ниту со физички граници ниту со други ограничувања. Таа ги надминува сите дефинирани простори за коишто сметаме дека се соодветни. Маченииштвото не е депресивно, туку е неопходно за влегување во молитвено разбирање на глобалната христијанска реалност; неопходно е за да се добие она што ќе ви се даде „заради Христа“ – „туку и да страдате заради Него“ (Филипјаните 1:29). Верата на овие сведоци или маченици, не може да биде контролирана ниту убиена. Може само да го сее семето на идното Царство Божјо „како во Ерусалим така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата“ (Дела 1:8), како што нивните сведоштва сведочат за вистината на Исус Христос. Христос рече: „На тој Камен ќе ја изградам Мојата Црква, и портите на Пеколот нема да надвладеат наспроти неа“ (Матеј 16:18).

Со вакво разбирање се сретнав со пастор Ричард Вурмбранд, како еден од оние чиј живот одразува живот на маченик. Не поради смртта, туку поради тоа што тој носи сведоштво за животот на Христос, и затоа што помина низ страдања до момент кога смртта е попосакувана од самиот живот.

Мачени за Христос, не само што открива факти коишто го опкружуваат животот на еден човек кој страдал од рацете на бруталниот комунистички режим туку ја открива верата и истрајноста на човек, целосно посветен на Христос и неговата желба таа вера да ја споделува со други. Токму оваа вистина оживува на секоја страница, трансформирајќи ја мислата на западните христијани преку откривање целосна историја, дека и денес, христијаните минуваат низ ужасни страдања и умираат за нивното сведоштво за животот и силата на Исус Христос.

Нашата молитва е ова сведоштво да продолжи да живее, за ние да досегнеме до подлабоко познавање на нашата врска со Исус Христос и нашата одговорност тука, на земјата; За да дојдеме до разбирање на вистинските аспекти на животот на мачениците, и по Божја волја и ние да сакаме да бидеме такви сведоци.

Том Вајт,

*Директор на Гласот на мачениците за САД*

ГЛАВА 1

# Големата глад на Русите за Христос

## Еден атеист Го наоѓа Христос

Останав сирак уште од многу мала возраст. Пораснав во семејство во коешто верата не беше прифатена, и јас како дете, не добив никакво верско образование. Како резултат на тешкото детство што содржеше сиромаштија за време на Првата светска војна, на четиринаесетгодишна возраст бев убеден атеист како што се убедени и комунистите денес. Читав атеистички книги, и не само што не верував во Бог или Христос – јас ја мразев верата сметајќи дека таа е опасна за човечкиот ум. Така, пораснав со огорченост кон верата.

Но, како што разбрав подоцна, по милоста Божја бев еден од избраните од причини што не ги разбирам. Тие немаат врска со мојот карактер, бидејќи мојот карактер беше многу лош.

Иако бев атеист, нешто необјасниво секогаш ме влечеше кон црквите. За мене беше тешко да поминам покрај некоја црква, а да не влезам. Сепак, никогаш не разбрав што се случува во тие цркви. Ги слушав проповедите, но тие не му зборуваа на моето срце. Имав претстава за Бог како за господар кому треба да му бидам покорен. Ја мразев оваа претстава на Бог што ја имав во главата, но многу сакав да знам дека некаде во центарот на универзумот има едно срце што љуби. Бидејќи во детството и младоста имав доживеано малку радости, копнеев за некое срце коешто чука, полно со љубов и за мене.

Се убедив себеси дека нема Бог, но во исто време ми беше жал што еден таков Бог, полн со љубов – не постои. Еднаш, во текот на мојата внатрешна духовна борба, влегов во една католичка црква. Видов неколку луѓе кои клечеа и кажуваа нешто. Си помислив: „Ќе клекнам до нив за да чујам што кажуваат и ќе ги повторувам тие молитви за да видам дали ќе се случи нешто“. Тие ѝ се молеа на Богородица, „Здраво Марија полна со милост“. И јас ги повторував тие зборови повторно и повторно, гледав во статуата на Богородица, но ништо не се случи, и се нажалив.

Еден ден, иако бев убеден атеист, се помолив на Бог. Мојата молитва беше нешто како ова: „Боже, знам со сигурност дека не постоиш. Но, ако случајно постоиш, во што се сомневам, а и не е моја должност да верувам во тебе, ама твоја должност е да ми се објавиш“. Бев атеист, но атеизмот не ми даваше мир во срцето.

Во текот на оваа внатрешна бура, еден стар столар од едно село, високо во планините во Романија, се молел отприлика вака: „Господе, ти служев на земјата и сакам да имам награда и на земјата како и на небото. И мојата награда сакам да биде – да не умрам додека не доведам некој Евреин до Христос, бидејќи Исус беше од еврејскиот народ. Но јас сум стар, сиромав и болен. Не можам да одам наоколу и да барам евреин. Во моето село нема ниту еден. Донеси ми евреин во моето село и јас ќе сторам сè што можам за да го доведам до Христос.“

Нешто неодоливо ме влечеше кон тоа село. Немаше никаква потреба да одам таму. Романија има дванаесет илјади села, но јас отидов токму во тоа. Кога виде дека сум евреин, почна многу љубезно да се однесува со мене. Во мене тој виде одговор на неговата молитва и ми даде да читам од Библијата. Ја имав читано Библијата многупати од општ интерес. Но Библијата што тој ми ја даде беше поинаква. Како што подоцна ми кажа, тој заедно со неговата сопруга со часови се молеле за моето обраќање и за обраќањето на мојата сопруга. Библијата што ми ја даде, не беше напишана толку со зборови колку со огнови на љубовта, запалени од неговите молитви. Едвај прочитав

нешто. Можев само да плачам врз неа, споредувајќи го својот лош живот со оној на Исус, мојата нечистотија со Неговата праведност, мојата омраза со Неговата љубов – и Тој ме прифати како Негов.

Набргу потоа, и мојата сопруга се преобрати. Таа доведе и други до Христос. Тие пак, доведоа други и така започна Лутеранската црква во Романија.

Потоа, дојдоа нацистите од кои многу пострадавме. Во Романија, нацизмот имаше форма на диктатура на екстремните православни елементи коишто ги прогонуваа евангелските групи, како и евреите.

И пред моето формално ракополагање, и пред да бидам подготвен за служба, јас бев водач на оваа црква како нејзин основач. Бев одговорен за неа. Јас и жена ми бевме неколкупати затворани, тепани и носени пред нацистички судии. Нацистичкиот терор беше многу голем, но тоа беше само предвестување на она што ќе дојде со комунистите. Мојот син Михај требаше да го смени името во нееврејско за да ја избегне смртта.

Но, времето на нацизмот имаше една голема предност. Нè научи дека физичкото тепање може да се истрпи и дека човечкиот дух со Божја помош, може да преживее страшни тортури. Нè научија на техниката на тајна христијанска работа, што беше подготовка за многу потешкото искушение коешто беше пред нас.

## Служењето на Русите

Од жал затоа што бев атеист, од првиот ден на моето преобраќање копнеев да сведочам на Руси. Русите се пораснати со атеизам. Мојата желба да досегнам Руси се исполни, и јас не требаше да одам во Русија за да ги досегнам. Исполнувањето се случи уште во времето на нацистите, бидејќи во Романија имаше илјадници воени заробеници меѓу кои можевме да го вршиме христијанското дело.

Тоа беше драматично дело. Нема никогаш да ја заборавам мојата прва средба со руски заробеник, еден инженер. Го прашав дали верува во Бог. Ако речеше „не“ немаше да ми смета многу. Тоа е избор на секој човек – да верува или да не верува. Но кога го прашав, тој ме погледна и без да ме разбере одговори: „Немам наредба да верувам. Ако имам наредба, ќе верувам“.

Ми потекоа солзи. Срцето ми се кинеше. Пред мене стоеше човек чиј ум беше мртов, човек кој го изгубил големиот дар што Бог му го даде на човештвото – неговата личност и посебност. Тој просто беше една алатка со 'испран' мозок во рацете на комунистите, спремен да верува или не, во зависност од наредбата. Повеќе не можеше сам да мисли. Тој беше типичен Русин по сите години комунистичка доминација! Откако видов што им направи комунизмот на луѓето, Му ветив на Бог дека ќе го посветам својот живот на овие луѓе за да им ја вратам нивната личност и посебност, и да им дадам вера во Бог и во Христос.

Пред 23 август 1944 година, еден милион руски војници влегоа во Романија, и набргу потоа, комунистите ја зедоа власта во земјата. Тогаш почна кошмарот што го направи страдањето од нацистите да изгледа лесно.

Во тоа време, во Романија којашто сега има население од 24 милиони, комунистичката партија имаше само десет илјади членови. Но Вишински, Секретар за надворешни работи на Советскиот Сојуз го зазеде дворецот на нашиот сакан крал Михаил Први и со тупаница удрил на масата и рекол: „Мораш да поставиш комунисти во владата“. Нашата војска и полиција беа разоружани и со насилство, иако омразени скоро од сите, комунистите дојдоа на власт. И тоа не без поддршка од американските и британските владетели.

Луѓето се одговорни пред Бога, не само за своите гревови туку и за гревовите на својот народ. Трагедијата на сите поробени народи е одговорноста на срцата на американските и британските христијани. Американците мора да знаат дека тие неколкупати несвесно им помогнаа на Русите во поставувањето таков режим на убиства и терор. Како дел од телото Христово, Американците мора да се откупат за ова, со тоа што ќе им

помогнат на поробените народи да дојдат до Христовата светлост.

## Заведување на црквата

Кога комунистите дојдоа на власт, тие вешто употребија средства за заведување на црквата. Јазикот на љубовта и на заведувањето е ист. Оној кој сака една девојка за жена и оној што ја сака само за една ноќ, и двајцата ѝ велат: „Те сакам". Исус ни кажа да го разликуваме јазикот на љубовта од јазикот на заведувањето, и дека волците се облекуваат во овча кожа и тоа кожа од вистинска овца. За жал, кога комунистите дојдоа на власт, илјадници свештеници, пастори и служители не можеа да направат разлика помеѓу овие два гласа.

Комунистите спроведоа Конгрес на сите христијански организации во Парламентот. Таму беа четири илјади свештеници, пастори и служители од сите деноминации – и сите овие го избраа Јосиф Сталин за почесен претседател на Конгресот. Во исто време, тој беше претседател на Светското движење на безбожност и масовен убиец на христијани. Еден по еден, владики и пастори стануваа и изјавуваа дека христијанството и комунизмот во основа се исти и дека можат да живеат заедно. Еден по друг служител кажуваше зборови за слава на комунизмот и ја убедуваа новата влада во лојалност на црквата.

Јас и жена ми бевме присутни на Конгресот. Сабина ми рече: „Ричард, стани и избриши го срамот од Христовото лице! Овие плукаат по Неговото лице". Јас ѝ реков: „Ако го сторам тоа, ќе го изгубиш мажот". Таа одговори: „Не сакам да имам страшливец за маж".

Тогаш, станав јас и му се обратив на Конгресот славејќи го не убиецот на христијаните туку Исус Христос, велејќи дека нашата верност најнапред е кон Него. Говорите од Конгресот беа пренесувани низ целата земја, така што секој можеше да ја чуе пораката за Христос од говорницата на комунистичкиот парламент! Подоцна, морав да платам за ова, ама вредеше.

Православните и протестантските водачи се натпреваруваа меѓусебе во подјармувањето на комунизмот. Еден православен владика стави срп и чекан на својата мантија и побара од свештениците да не го викаат повеќе „Ваша милост“, туку „Другар Владика“. Свештениците како Патраскоиу и Росиану беа подиректни. Тие станаа агенти на тајната полиција. Рап, заменик-епископ на Лутеранската црква во Романија, почна да поучува на Теолошкиот факултет дека Бог даде три откровенија: едното преку Мојсеј, другото преку Христос, а третото преку Сталин, со тоа што последното ги надминува другите.

Бев и на Конгресот на баптистите во градот Ресита – Конгрес под црвеното знаме каде што беше интонирана химната на Советскиот Сојуз и сите стоеја исправени. Претседателот на баптистите го славеше Сталин како голем учител на Библијата и објави дека Сталин не правеше ништо друго, освен што ги извршуваше Божјите заповеди.

Мора да разбереме дека вистинските баптисти, кои јас многу ги сакам, не се согласуваа со тоа и останаа верни на Христос, притоа страдајќи многу. Сепак, комунистите ги „избираа“ нивните водачи, а баптистите немаа избор за да не ги прифатат. Истите услови постојат и денес во комунистичките држави, меѓу високите верски водачи на „официјалните“ цркви. Оние кои станаа слуги на комунизмот наместо на Христос, почнаа да се откажуваат од браќата кои не им се придружиле.

Како што христијаните во Русија формираа илегални цркви по Револуцијата, доаѓањето на власт на комунистите и предавството на многу водачи на официјалните цркви, нѐ натера и нас во Романија да создадеме такви цркви, коишто останаа верни во ’евангелизирањето‘ – проповедањето на Евангелието и на досегањето на децата за Христос. Комунистите го имаа забрането сето ова, а официјалните цркви се придржуваа до таа забрана.

Заедно со другите, почнав со илегална работа. Надворешно имав доста почитувана позиција – пастор на Норвешката лутеранска мисија, којашто служеше како покритие за мојата работа во тајност. Во исто време, го почитував Светскиот совет

на црквите во Романија (Во Романија немавме идеја дека оваа организација некогаш би соработувала со комунистите. Во тоа време, во нашата земја се вршеше само хуманитарна работа). Овие две титули ми дадоа добра позиција пред властите кои не знаеја за моите илегални активности.

Има два аспекта на оваа илегална активност. Првиот беше нашата илегална служба меѓу руските војници. А вториот, нашето служење на поробените луѓе во Романија.

## Русите – луѓе со жедни души

За мене, да го проповедам Евангелието на Руси е како да сум во рајот. Го проповедав Евангелието пред луѓе од многу националности, но никогаш немав видено луѓе толку многу жедни како Русите кои просто го голтаат Евангелието. Тие навистина беа жедни за Евангелието.

Еден православен свештеник, мој пријател, еднаш ми јави дека некој руски офицер дошол кај него да се исповеда. Мојот пријател не знаеше руски. Сепак, знаејќи дека јас знам, му ја дал мојата адреса. Следниот ден овој човек дојде кај мене. Тој копнеел по Бог, но никогаш не видел Библија. Немал никаква верска поука и никогаш не бил на богослужба во црква (црквите во тоа време во Русија беа многу ретки). Тој Го сакаше Бог без воопшто да има какви било познанија за тој Бог.

Му го прочитав Говорот на горета и Параболите на Исус. Откако ги слушна, тој играше во собата со радост, велејќи: „Колку голема убавина! Како можев да живеам без да знам за Христос“. Првпат видов некој толку радосен за Христос.

Потоа направив грешка – му го прочитав измачувањето на Христос без да го подготвам за тоа. Тој не очекуваше такво нешто, и кога слушна како Христос бил тепан и распнат и на крајот како умрел, тој падна на столот и почна силно да плаче. Тој веруваше во Спасителот, и еве, сега, неговиот Спасител е мртов!

Го погледнав и се засрамив. Се нарекував христијанин, пастор и учител на другите, но никогаш не го споделив

страдањето Христово како што го сторив сега со овој руски офицер. Кога го гледав него, ми се чинеше дека ја гледав Марија Магдалена како плаче на подножјето на крстот, и кога го положија Неговото тело во гробот.

Потоа, му ја прочитав сторијата за Воскресението и гледав како неговиот израз на лицето се промени. Тој не знаеше дека неговиот Спасител воскресна. Кога ги чу овие прекрасни вести, го удри коленото и почна да пцуе со најпогрдни зборови, но сепак со „свети" пцости. Така зборуваше тој. Но, потоа се зарадува викајќи: „Тој е жив! Тој е жив!" Повторно почна да игра низ собата, обземен од огромната радост.

Му реков: „Ајде да се помолиме!" Тој не знаеше како да се моли. Тој не ги знаеше нашите „свети" фрази. Паднавме на колена заедно, и неговата молитва беше: „О Господе, колку добар 'батка' си ти! Ако јас бев Ти, а Ти беше јас, никогаш немаше да ти ги простам гревовите. Но ти си навистина добар 'тип'! Те сакам со сето срце!"

Мислам дека сите ангели на небото запреа со тоа што го прават за да ја слушнат оваа збиена молитва на рускиот офицер. Тој беше придобиен за Христос!

Во продавница, сретнав еден руски капетан и една жена офицер. Тие купуваа многу работи, разни работи и имаа проблем да се разберат со продавачот кој не разбираше руски. Се понудив да им преведувам и така се запознавме. Ги поканив на ручек кај нас дома. Пред да почнеме со јадењето, им реков: „Вие сте во христијански дом и ние се молиме". Се помолив на руски. Тие ги спуштија виљушките и лажиците и веќе не им се јадеше. Следуваше прашање по прашање за Бог и за Библијата. Тие ништо не знаеја.

Не беше лесно да се зборува со нив. Им ја кажав параболата за човекот кој имал сто овци и изгубил една. Тие не разбраа бидејќи нивните умови беа измиени од комунистичката идеологија. Прашаа: „Како тој имал сто овци, зарем задругата не му ги одземала?" Потоа кажав дека Исус е Цар. Тие одговорија: „Сите цареви се лоши луѓе кои го контролираат народот, па и Исус мора да бил диктатор". Кога им ја раскажав параболата

за работниците во лозјето, тие рекоа: „Тие сториле добро што се побуниле против сопственикот на лозјето. Лозјето треба да им припаѓа на оние кои го обработуваат". Сè им беше ново. Кога им кажав за раѓањето на Христос, ми поставија прашање што на Запад се смета за богохулно: „Дали Марија му е жена на Бог?" Разговарајќи со нив и со многу други, научив дека за да им го проповедам Евангелието на Русите, по толку многу години комунизам, мора да се примени сосема нов пристап.

Ова се однесува и за многу други култури. Мисионерите во Централна Африка имаа проблеми да ги преведат зборовите на Исаија: „Ако вашите гревови се како пурпур, ќе станат побели од снег" (1:18). Никој во Централна Африка никогаш не видел снег, па затоа и немаат збор за снег. Мисионерите го превеле вака: „Вашите гревови ќе бидат бели како срцевината на кокосот".

Така, моравме да го преведеме Евангелието на „марксистички јазик" за да можат да го разберат. Тоа беше нешто што ние самите не можевме да го направиме, но Светиот Дух го стори тоа преку нас.

Капетанот и жената офицер се преобратија тој ден. Подоцна, тие многу ни помогнаа во нашата тајна служба меѓу Русите. Тајно печатевме и дистрибуиравме илјадници евангелија и друг вид христијанска литература. Преку преобратените руски војници, шверцувавме Библии и делови од Библијата во Русија. Користевме и други методи за да го донесеме Божјиот збор во рацете на Русите. Војниците веќе долги години се бореа и долго време си ги немаа видено децата. (Русите многу ги сакаат децата.) Син ми Михај и други деца под десетгодишна возраст, носеа Библии и друга христијанска литература по џебовите и им ги даваа на војниците по улиците и во парковите. Војниците ќе ги погалеа по главата, ќе им зборуваа убаво мислејќи на своите деца кои со години ги немаа видено. Им даваа на децата чоколади и бомбони, а тие пак, за возврат, им даваа Библии и Евангелија што војниците радо ги прифаќаа. Она што за нас беше опасно, за децата беше сосема безбедно. Тие беа „млади мисионери" меѓу Русите. Резултатите беа одлични.

Многу војници го прифатија Евангелието на овој начин бидејќи не постоеше друг.

## Проповедање во касарните

Работевме меѓу Русите не само со поединечно сведочење. Можевме да работиме и со мали групи.

Русите многу сакаа часовници. Тие крадеа часовници од секого. Ги запираа на улица и наредуваа да им ги дадат. Гледавме Руси со по неколку часовници на секоја рака и жени офицери со будилници обесени околу вратот. Тие никогаш претходно немале часовници и сега никако да се задоволат. Романците кои сакаа да имаат часовник требаше да отидат до касарната за да купат еден од украдените, а многу често да си го повратат својот. Така, беше вообичаено Романците да влегуваат во касарните. Илегалната црква го користеше тоа, под изговор дека сакаат да купат часовници, успеваа да влезат.

Првиот пат кога проповедав во касарна беше на денот на свети Петар и Павле, православен празник. Влегов во касарната преправајќи се дека сакам да купам часовник. Едни ми беа прескапи, други премали, трети преголеми. Неколку војници се собраа околу мене со своите понуди. На шега ги прашав: „Дали некој од вас се вика Петар или Павле?“ Неколкумина одговорија потврдно. Потоа прашав: „Дали знаете дека денес е ден кога православната црква ги слави свети Петар и Павле?“ (Некои од постарите војници знаеја) – па продолжив: „Дали знаете кои беа Петар и Павле?“ Никој не знаеше, па почнав да им кажувам. Еден од постарите војници ме прекина велејќи: „Ти не дојде тука да купиш часовник, туку да ни кажуваш за верата. Седни тука до нас и зборувај ни! Но биди многу внимателен! Знаеме од кого да се пазиме. Овие околу мене се сите добри луѓе, но кога ќе ти ја ставам раката на коленото, зборувај само за часовници. Кога ќе ја тргнам раката, продолжи со пораката“.

Голема толпа се насобра околу мене и јас им кажував за Петар и Павле, и за Христос за Кој тие двајцата умреа.

Од време на време, ќе се доближеше некој во кого немаа доверба. Војникот ќе ја ставеше раката на моето колено и јас ќе зборував за часовници. Кога тој ќе си заминеше, продолжував да зборувам за Христос. Оваа посета се повторуваше многупати со помош на војниците кои беа христијани. Многумина од нивните соборци Го најдоа Христос и илјадници Евангелија беа тајно поделени.

Многу од браќата и сестрите од црквата во тајност, беа фатени и многу тепани, но не ја предадоа организацијата.

Во текот на служењето, ја имавме радоста да се сретнеме со браќа од илегални цркви од Русија и да разбереме за нивното постоење. Најпрво, во нив видовме дела на големи светители. Тие поминале многу години на комунистичка индоктринација. Но, како што рибата живее во солена вода, а нејзиното месо е слатко, тие поминаа низ комунистички училишта и универзитети, но ги сочуваа своите души чисти во Христос.

Овие руски христијани имаа прекрасни души! Тие велеа: „Знаеме дека ѕвездата со срп и чекан којашто ја носиме на капите, е ѕвезда на антихристот“. Го кажуваа тоа со длабока тага. Многу ни помогнаа да го рашириме Евангелието меѓу руските војници.

Можам да кажам дека тие ги имаа сите христијански доблести, освен радоста. Неа ја имаа само при преобраќањето, а потоа исчезнуваше. Многу размислував за ова. Еднаш прашав еден баптист: „Како тоа не знаете за радост?“ Тој одговори: „Како да се радувам кога треба да се кријам од мојот пастор дека сум искрен христијанин, дека се молам и дека се обидувам да придобијам души за Христос? Пасторот е информатор на тајната полиција. Нѐ шпионираат и токму пастирите се тие што го предаваат своето стадо. Имам длабока радост за спасението, но онаа надворешна радост што ти ја имаш, веќе ја нема“.

Христијанството за нас стана драматично. Кога христијаните во слободните земји ќе придобијат некого за Христос, новиот верник може да стане дел од некоја црква којашто мирно живее. Но кога некој во поробените земји ќе придобие некого, знаеме дека може да завршат во затвор и нивните деца да

останат сираци. Радоста некој да се доведе до Христос секогаш е измешана со чувството дека има цена што мора да се плати. Се запознавме со еден сосема поинаков вид христијани, од илегалната црква.

Тука нè чекаа многу изненадувања.

Како што многумина кои веруваа дека се христијани, а во реалноста не беа, така ние откривме многумина кои се сметаа себеси за атеисти, а всушност не беа.

Еднаш во воз, пред мене седеше руски офицер. Му зборував за Христос неколку минути, кога тој почна со канонада од атеистички аргументи. Цитати од Маркс, Сталин, Волтер, Дарвин и други против Библијата, просто излетуваа од неговата уста. Зборуваше скоро цел час за да ме убеди дека нема Бог. Не ми ни даде можност да му се спротивставам. Кога заврши, го прашав: „Ако нема Бог, тогаш зошто се молиш кога си во неволја?“ Како крадец фатен на дело, одговори: „Како знаеш дека се молам?“ Не му дозволив да избега. „Јас прв прашав. Те прашав зошто се молиш. Те молам одговори!“ Ја наведна главата и призна: „На фронтот кога бевме опколени од Германците, сите се молевме. Не знаевме како, па велевме: ‘Бог и духот на мајката!’, што веројатно е добра молитва во очите на Оној Кој го гледа срцето“.

Еднаш сретнав еден брачен пар, и двајцата беа скулптори. Кога им зборував за Бог, тие одговорија: „Не, не постои Бог, ние сме ’безбожници’ – луѓе без бог. Но ќе ти кажеме нешто интересно што ни се случи.

Еднаш работевме на статуа на Сталин. Во текот на работата, жена ми ме праша: „Што мислиш за палецот? Ако немавме палец којшто е поставен спротивно на другите прсти, ако нашите прсти на раката беа како прстите на нозете, не ќе можевме да држиме чекан, ниту длето, ниту некаков алат, ни книга, ниту пак леб. Човечкиот живот би бил невозможен без палец. Кој ли го создаде палецот? И двајцата учевме марксизам на училиште и учевме дека и небото и земјата постојат од самите себе. Тие не се создадени од Бог. Така научивме, така

верувавме. Ако Бог не ги создаде небото и земјата, но ако само го создадеше палецот, ќе беше достоен за слава.

Ги славиме Едисон, Бел и Стивенсон кои ја измислија електричната светилка, телефонот, железницата и други нешта. Но зошто да не го славиме Оној Кој го измисли палецот? Ако Едисон немаше палец, тој немаше да измисли ништо. Правилно е да се слави само Бог Кој го измисли палецот".

Сопругот многу се налути, како што мажите често се лутат кога жените им кажуваат умни нешта. „Не кажувај глупости! Учеше дека нема Бог. Не знаеш дали ја прислушуваат куќава. Можеме да западнеме во неволја. Стави си во таа твоја глава еднаш и засекогаш дека нема Бог. Нема никого на небото!"

Таа одговори: „Тоа е дури и поголемо чудо. Ако на небото е Семоќниот Бог во Кого нашите татковци веруваа, во својата глупост, тогаш природно ќе беше да имаме палци. Еден Семоќен Бог може да направи сè, па дури и еден палец. Но ако нема никого на небото, тогаш од сесрце ќе го славам тој 'никого' кој го создаде палецот".

Така тие почнаа да го слават „Никого". Нивната вера во овој „Никого" растеше со текот на времето, и за него веруваа дека не само што го измислил палецот туку и ѕвездите, цвеќињата и сите убавини во животот. Исто како и во Атина кога Павле ги сретнал следбениците на „непознатиот Бог" (Дела 17:23).

Овој брачен пар беа неописливо среќни дека правилно верувале дека на небото има „Некого" – Бог Кој е Дух. Тој е Духот на љубовта, мудроста, вистината и силата, Кој толку многу ги засака што го прати Својот Единороден Син да биде жртвуван на крстот за нив.

Тие беа верници во Бога иако не знаеја дека се. Ја имав таа привилегија да ги пренесам еден чекор понатаму – до искуството на спасение и оправдание.

Еднаш видов жена офицер на улица, ѝ пристапив и се извинив: „Знам дека не е пристојно да се пристапи на непозната жена на улица, но јас сум пастор и моите намери се чесни. Сакам да зборувам со вас за Христос".

Таа ме праша: „Дали Го љубиш Христос?" „Со целото срце" – ѝ одговорив. Таа падна во мојата прегратка и почна да ме бакнува. Беше многу незгодна ситуација за еден пастор, па и јас ѝ возвратив надевајќи се дека луѓето ќе помислат дека сме роднини. „И јас Го љубам Христос!" – извика таа. Ја поканив дома и на мое чудење открив дека таа не знае ништо за Христос, апсолутно ништо, освен името. А̀, сепак Го љубеше. Не знаеше дека Тој е Спасител, ниту пак што значи спасение. Не знаеше каде и како живееше и како умре. Не ги знаеше Неговите учења ниту Неговиот живот, а ни службата. За мене, таа претставуваше едно психолошко чудо: Како можеш да сакаш некого ако единственото нешто што го знаеш за него е само неговото име?

Кога ја прашав, таа одговори: „Како дете, учев да читам преку слики. За буквата 'а' имаше авион, за 'б' баба и така натаму.

Во средно нѐ учеа дека наша света должност е да ја браниме нашата татковина. Учевме за комунистичкиот морал. Јас не знаев што е 'света должност' и 'морал'. Ми требаше слика за нив. Знаев дека нашите предци имаа слика за сѐ што е убаво, достојно и вистинско во животот. Баба ми секогаш се поклонуваше пред оваа слика, велејќи дека ова е слика на некој кој се вика Христос. И така јас го засакав самото име. Тоа стана многу реално за мене. Само што го кажував тоа име, ми носеше радост."

Слушајќи ја, се сетив на напишаното во Филипјаните 2:10 дека пред името на Исус секое колено ќе се поклони. Можеби антихристот привремено ќе може да го избрише познавањето за Бог од светот. Но, и во самото име на Христос има моќ, и тоа ќе го одведе човекот до светлината.

Таа радосно Го пронајде Христос во мојот дом и сега, Оној чие име таа го љубеше, живее во нејзиното срце.

Секој момент поминат со Русите беше исполнет со поезија и длабоки размислувања. Една сестра која го споделуваше Евангелието на железничката станица, му ја даде мојата адреса на еден заинтересиран офицер. Една вечер тој влезе во мојот дом, висок, убав руски поручник.

Го прашав: „Што можам да направам за вас?“

„Дојдов по Светлина“ – одговори.

Почнав да му ги читам основните делови на Писмото. Тој ги стави рацете врз моите и рече: „Те молам од сесрце, не ме застранувај. Јас припаѓам на луѓе кои ги држат во темнина. Кажи ми, дали е ова навистина Словото Божјо?“ Јас потврдив. Тој со часови слушаше и Го прими Христос.

Русите ретко се површни кога станува збор за верата. Кога се борат против верата или кога ја бараат верата во Христос, целосно се впуштаат во тоа. Затоа, во комунистичка Русија, христијаните се мисионери кои придобиваат души. Русите и историски се религиозни луѓе. Ваквите земји се зрели и плодни за Евангелието, и насоката на светот се менува кога агресивно го споделуваме Евангелието со нив. Голема трагедија е што Русија и нејзините луѓе се многу гладни за Словото Божјо, иако многумина ги имаат отпишано.

Нашата служба меѓу Русите беше многу плодоносна.

Се сеќавам на Пјотр. Никој не знае во кој затвор тој исчезна. Имаше околку 20 години. Дојде во Романија со Црвената армија. Се преобратил на некој таен состанок и побара да го крстам.

Откако го крстив, го запрашав кој стих од Библијата му оставил најголем впечаток и го натерал да Го следи Христос.

Кажа дека на една средба во тајност ја прочитал Лука 24, сторијата кога Исус ги среќава двајцата ученици на патот за Емаус. Кога стигнале близу до селото, „Тој се направи како да сака да оди натаму“ (28 стих). Тогаш рече: „Се прашувам зошто Исус го рекол ова. Тој сигурно сакаше да биде заедно со Своите ученици. Зошто тогаш тој рекол дека сака да продолжи?“ Моето објаснување е дека Исус е учтив. Тој сакаше да знае дека навистина Го сакаат. Кога виде дека е добредојден, Тој со радост влезе во куќата со нив. Комунистите се многу неучтиви. На сила влегуваат во нашите срца и умови. Нè тераат од утро до мрак да ги слушаме, преку радио, на училиште, преку плакати, филмови, атеистички средби и каде и да се свртиме. Мораме постојано да ја слушаме нивната

безбожна пропаганда, без разлика дали тоа го сакаме или не. Исус ја цени нашата слобода. Тој нежно чука на вратата на нашето срце.

„Исус ме придоби со својата учтивост“ – рече Пјотр. Овој голем контраст помеѓу комунизмот и Христос го убеди. Тој не е единствениот Русин кој е импресиониран од карактерот на Исус. (Како пастор, никогаш не размислував на тој начин.)

По преобраќањето, Пјотр постојано го ризикуваше животот и слободата шверцувајќи христијанска литература и помош за илегалната црква од Романија во Русија. На крајот беше фатен. Последниот пат кога слушнав за него, тој сѐ уште беше во затвор. Дали е умрен? Дали е на небото или ја продолжува добрата борба на земјата? Не знам. Само Бог знае каде е тој денес.

Како и Пјотр, многу други не беа само преобратени. Не треба да запреме само на придобивање души за Христос. Со тоа сме завршиле само половина работа. Секој кој е придобиен за Христос, самиот мора да стане придобивач на души за Христос. Русите не само што се преобраќаат туку стануваат вистински мисионери на црквата во тајност. Тие беа храбри и бестрашни за Христос, секогаш велејќи дека тоа е најмалку што можат да сторат за Христос кој умрел за нив.

## Нашата тајна служба за поробениот народ

Вториот аспект од нашата служба беше служењето на Романците.

На почетокот, комунистите користеа заведување за да ги придобијат водачите на црквата на своја страна, но набргу маските паднаа. Теророт започна и многумина беа уапсени. Да се придобиваат души за Христос стана драматично и за нас, како што веќе долго беше за Русите.

На пример, се најдов во затвор заедно со оние за кои Бог ми помогна да ги придобијам за Христос. Во ќелијата со мене беше еден кој зад себе остави шест деца, а сега е затворен поради христијанската вера. Неговата жена и деца гладуваа. Можеби

нема никогаш повторно да ги види. Го прашав: „Дали ми се лутиш што те доведов до Христос и сега твоето семејство толку страда?“ Тој одговори: „Немам зборови да ти заблагодарам што ме доведе до прекрасниот Спасител. Тоа нема никогаш да се промени“.

Проповедањето во тие нови услови не беше лесно. Нашите многу беа под притисок. Комунистите земаа сè од другите. Од земјоделците ја земаа земјата и овците. На берберот и на кројачот им ги земаа малите дуќани. Не одземаа само капиталистите. И сиромасите страдаа многу. Скоро секое семејство имаше некого во затвор, и сиромаштијата беше голема. Луѓето прашуваа: „Како Бог на љубовта дозволува злото да победи?“

Ниту на Апостолите им беше лесно да проповедаат на Велики петок, бидејќи Исус умре на крстот извикувајќи: „Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави?“ Но, фактот што работата продолжи да носи плод, докажува дека тоа беше од Бог, а не од нас. Христијанската вера има одговор на вакви прашања. На пример, Исус ни кажа за сиромавиот Лазар којшто беше потиснуван како и ние – на умирање, гладен, кучињата му ги лижеа раните – но на крајот ангелите го однесоа во прегратката на Авраам.

## Како илегалната црква работеше делумно и отворено

Илегалната црква се среќаваше тајно во домови, подруми, шуми и секаде каде што можеше. Како што е случај и денес во многу поробени земји, илегалната црква во Романија беше само делумно тајна. Како санта мраз, мал дел од нејзината работа е јавна. За време на комунизмот, разработивме план да имаме проповедање по улиците, коешто понекогаш стануваше многу ризично, но на овој начин досегнавме многу души кои не ќе можевме да ги досегнеме на друг начин. Мојата сопруга беше многу активна во ова. Некои христијани тивко ќе се соберат на некој агол и ќе почнеа да пеат. Луѓето ќе се насобереа околу нив за да го слушнат убавото пеење, и тогаш жена ми

ќе кажеше некоја порака. Го напуштавме местото пред да дојде тајната полиција.

Едно попладне додека бев зафатен со нешто друго, жена ми проповедаше една порака пред илјадници работници на влезот на големата фабрика МАЛАКСА во Букурешт. Таа им зборуваше на работниците за Бог и спасението. Следниот ден, многу работници беа застрелани по бунтот против неправдите на комунистите. Ја слушнаа пораката токму на време.

Ние бевме илегална црква, но како и Јован Крстител, им зборувавме отворено на луѓето и владетелите за Христос. Еднаш, на скалите пред една од зградите на владата, двајца христијани се истуркаа до премиерот Георгију Деј. Во тие неколку моменти што ги имаа, тие му посведочија за Христос, молејќи го да се одврати од своите гревови и прогонство. Тој нареди да ги затворат за да му посведочат за храброста. Години подоцна, премиерот Георгију Деј беше многу болен, семето на Евангелието што тие го посеаја пред многу години и за што многу пострадаа, вроди со плод. Во часот на потреба, тој се сети на зборовите што ги чу тогаш. Тие зборови, тоа слово како што вели Библијата е „живо и делотворно и поостро од секој меч остар од двете острици“ (Евреите 4:12). Тие пресекоа низ тврдината на срцето и тој му го предаде животот на Христос. Ги исповеда своите гревови, Го прими Спасителот и почна да Му служи во својата болест. Набргу потоа тој умре, но замина кај својот новонајден Спасител, само поради тоа што двајца христијани беа спремни да ја платат цената. Тие се и денес пример за храбрите христијани во поробените земји.

Споделувањето на Евангелието стана потешко под комунистичкиот притисок, но успеавме да испечатиме неколку брошури поминувајќи низ силната цензура. Предадовме книга којашто на корицата го имаше портретот на Карл Маркс со наслов, нешто како ’Религијата е опиум за народот‘. Цензорот сметаше дека тоа е некое комунистичко издание и стави печат на Одобрението. Во тие книги, по неколку страници со цитати од Маркс, Ленин и Сталин за да се задоволи цензурата, ја презентиравме пораката за Христос.

Кога одевме на комунистичките демонстрации, делевме од нашите „комунистички" книги. Комунистите кога ќе ја видеа сликата на Маркс, се натпреварува кој прв ќе ја купи книгата. Додека да стигнат до десеттата страница и да откријат дека таа книга навистина е за Бог и Исус, ние веќе бевме на безбедна далечина.

Сепак, илегалната црква не работеше само на тајни средби и скриени активности, туку и храбро и јавно го проповедаше Евангелието на улиците, дури и на водачите. Имаше цена, но ние бевме подготвени и да ја платиме. И илегалната црква денес, сè уште е спремна да ја плати.

## Прикриено работење

Тајната полиција многу ја прогонуваше илегалната црква бидејќи ја разбираа нејзината ефикасност во којашто го гледаа последниот отпор. Тоа беше (духовен) отпор којшто ако се остави непречен, ќе ја поткопа нивната атеистичка моќ. Тие признаа како што само ѓаволот може, дека тоа е голема закана за нив. Знаеја дека ако некој поверува во Христос, тој никогаш нема да биде млак, послушен поданик. Знаеја дека можеа да го затворат само телото, но не можеа да го затворат духот на човекот – неговата вера во Бог. И затоа се бореа многу силно.

Но илегалната црква имаше симпатизери и членови во власта и во тајната полиција.

Ги советувавме христијаните да се приклучат на тајната полиција и да ги облечат најомразените униформи во земјата за да известуваат за активностите на тајната полиција. Неколку браќа го сторија тоа чувајќи ја својата вера скриена. Им беше многу тешко да бидат омразени од роднините и пријателите поради униформата, а не можеа да ја откријат својата мисија. Но сепак, успеаја поради големата љубов за Христос.

Кога бев киднапиран од страна на полицијата и чуван во затвор во најголема тајност, еден доктор – христијанин, всушност се приклучи на тајната полиција само за да дознае каде сум! Како доктор на тајната полиција, имаше пристап до

сите ќелии на затворениците и се надеваше дека ќе ме најде мене. Сите негови пријатели го осудија мислејќи дека станал комунист. Да се шета наоколу во униформата на мачителите е поголема жртва отколку носењето на затвореничката униформа.

Докторот ме најде во една длабока темна ќелија и прати абер дека сум жив. Тој е првиот познат што ме најде во текот на мојот престој во затвор, осум и пол години! Поради него, зборот се прошири и јас сум сега жив, и кога ги ослободија затворениците за време на „затоплувањето“ на Ајзенхауер и Хрушчов во 1956 година, христијаните го бараа моето ослободување и јас бев набргу пуштен на слобода. Ако не беше овој доктор кој се приклучи на тајната полиција нарочно за да ме најде мене, никогаш немаше да ме пуштат на слобода. Сѐ уште ќе бев во затвор или во гроб.

Користејќи ја својата позиција во тајната полиција, тие членови на илегалната црква многупати нѐ предупредуваа и ни беа од огромна помош. Илегалната црква во комунистичките држави, има луѓе во тајната полиција за да ги заштитува и предупредува христијаните за опасностите што надоаѓаат. Некои се на високи владини позиции, држејќи ја својата вера во тајност, но многу ни помагаа. На небото ќе можат отворено да Го прослават Христос Кому сега Му служат во тајност.

Сепак, многу членови на црквата во тајност беа откриени и затворени. И ние имавме свои „Јуди“ кои ѝ пренесуваа на тајната полиција за нашите активности. Со мачење, тепање, дрогирање, закани и уцени се обидуваа да пронајдат водачи и членови кои ќе ги шпионираат своите браќа.

# ГЛАВА 2

## „Нема поголема љубов...“

Работев и во официјалната и во илегалната црква сè до 29 февруари 1948 година. Тој убав неделен ден додека одев во црква, бев киднапиран од улица од страна на тајната полиција. Често се прашував што значат зборовите „крадење луѓе“ што се среќаваа неколкупати во Библијата. Комунизмот ни покажа.

Мнозина во тоа време беа киднапирани на ист начин. Комбе на тајната полиција запре пред мене, четворица скокнаа и ме втурнаа во комбето. Бев одведен во затвор каде што бев чуван во тајност повеќе од осум години. Во тоа време, никој не знаеше дали сум жив или мртов. Од тајната полиција отидоа кај жена ми претставувајќи се дека биле заедно со мене во затвор и дека присуствувале на мојот погреб. Срцето ѝ препукна.

Во тоа време, илјадници верници од сите деноминации беа затворени. Не само црковни лица туку и обични селани, и момчиња, и девојки кои сведочеле за својата вера. Затворите беа полни, а во Романија како и во другите комунистички земји, да бидеш во затвор значи да бидеш измачуван.

Измачувањето беше ужасно. Се трудам да не зборувам многу за тие работи низ коишто поминав, тоа е премногу болно. Кога зборувам, потоа не можам да спијам. Во книгата „Божјото подземје“ се навраќам на многу детали од нашето искуство со Бог во затворот.

## Неописливи мачења

Еден пастор Флореску, беше измачуван со вжештено железо и со ножеви. Беше многу силно претепан. Потоа му пуштаа прегладнети стаорци во ќелијата низ една голема цевка. Тој не можеше да спие бидејќи се бранеше од стаорците. Ако малку се опуштеше, стаорците ќе го нападнеа.

Беше присилен постојано и ден и ноќ, две недели да стои исправен. Го тераа да ги предаде своите браќа, но тој издржа. На крај го донесоа неговиот четиринаесетгодишен син и почнаа да го камшикуваат пред неговите очи, велејќи дека ќе го камшикуваат сè додека пасторот не го каже она што го бараат од него. Кутриот човек скоро полуде. Издржуваше колку што можеше, а потоа му се обрати на синот: „Александар, морам да им го кажам она што го бараат од мене, не можам повеќе да издржам гледајќи ги како те тепаат!“ Но синот одговори: „Татко, немој да ми нанесеш неправда да имам предавник за татко. Издржи! Ако ме убијат, ќе умрам со зборовите: „Исус и татковината“. Комунистите збеснаа и се нафрлија на детето и го претепаа до смрт, а крвта ги испрска ѕидовите на ќелијата. Тој умре славејќи Го Бог. Нашиот брат Флореску веќе никогаш не беше истиот.

Ни ставаа на рацете лисици со остри шајки навнатре. Ако воопшто не мрдавме, тогаш не нè повредуваа. Но во мошне студените ќелии кога се тресевме од студ, шајките ни ги расекуваа зглобовите.

Ги бесеа христијаните на јаже со главата надолу и ги тепаа толку многу, што нивните тела се нишаа под силата на ударите. Ги ставаа и во замрзнати ќелии – „фрижидери“ коишто беа толку студени, што беа покриени со мраз. Беа фрлани во такви ќелии, со многу малку облека на нив. Затворските доктори внимаваа преку отворите на вратата додека да забележат симптоми на смрт од смрзнување, и тогаш ќе им дадеа сигнал на чуварите брзо да ги однесат во топла соба за да ги затоплат. Кога ќе се стоплеа, веднаш ги враќаа назад за да замрзнат. Стоплување, па повторно мрзнење до само неколку мига пред

смртта, па потоа пак стоплување, повторно и повторно! Дури и денес, понекогаш не можам да отворам фрижидер.

Нас христијаните, нѐ тераа да стоиме во дрвени кутии малку поголеми од нас. Немаше простор за мрдање. Тогаш заковуваа шајки што стрчеа од дрвото. Кога стоевме целосно без мрдање – беше во ред, но стоејќи со часови, кога се уморувавме или премалувавме, шајките се забиваа во телото. Ако се мрдневме или ако стегневме мускул, тука беа ужасните шајки.

Она што комунистите им го правеа на христијаните, го надминува човековиот разум. Видов комунисти на кои додека ги измачуваа христијаните, лицата им светеа од радост. Додека ги мачеа, извикуваа: „Ние сме ѓаволот!“

Не се боревме против тело и крв, туку против началствата и властите на злото. Видовме дека комунизмот не е од човекот туку од ѓаволот. Тоа е духовна сила – сила од ѓаволот, и на неа може да се спротивстави само поголема духовна сила – Духот Божји.

Често ги прашував мачителите: „Зарем немате жал во вашите срца?“, а тие често одговараа со цитати од Ленин: „Не можеш да направиш омлет без да ја скршиш лушпата на јајцата“ и „не можеш да сечеш дрва без да летаат деланки“. Јас пак реков: „Ги знам тие цитати на Ленин, но тука има разлика. Кога ќе отсечеш парче дрво, тоа не чувствува ништо. Но вие работите со живи луѓе. Секое тепање предизвикува болка и нечија мајка плаче.“ Беше залудно. Тие се материјалисти. За нив, освен материјата ништо друго не постои, за нив човекот е како дрво, како корупка од јајце. Со вакви верувања тие тонеа до незамисливи длабочини на свирепост.

Свирепоста на атеизмот тешко може да се замисли. Кога некој не верува дека има награда за доброто и казна за лошото, тогаш нема потреба да се биде хуман. Нема ограничувања колку човекот може да загази длабоко во злото. Мачителите често велеа: „Нема Бог, па според тоа нема казна за злото. Можеме да правиме што ќе посакаме“. Еднаш чув еден од нив како вели: „Му благодарам на Бога (во Кого не верувам), што доживеав ваков момент да го искажам сето зло од моето

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 29 11/27/2012 8:55:17 AM

срце“. Тој го кажуваше тоа неверојатно брутално, со мачење на затворениците.

Многу ми е жал ако крокодил изеде некој човек, но не можам да му се осветам на крокодилот. Тој не е морално битие. Затоа не може да им се осветите на комунистите. Комунизмот го уништи секое чувство на морал во нив. Се фалеа со тоа што во нивните срца немаше милост.

Научив од нив. Како што тие не даваа место за Исус во своите срца, јас решив во моето срце да не оставам ни најмалку простор за Сатаната.

Сведочев пред Поткомитетот за внатрешна безбедност на американскиот Сенат. Таму опишав грозни работи како на пример, за христијани кои се држеа врзани на крст четири дена и ноќи. Крстовите беа ставани на подот и стотици затвореници мораа да ги извршуваат своите физиолошки потреби врз нивните лица и тела. Потоа крстовите ги подигаа, и комунистите се исмеваа со нив и викаа: „Погледнете на вашиот Христос! Колку е убав! Каков мирис носи од небото!“ Опишав како некој свештеник откако со мачење ќе беше доведен до лудило, ќе беше приморан да освети човечки измет и урина и да им даде таква „причест“ на христијаните. Ова се случуваше во затворот во Питешти во Романија. Го прашав свештеникот подоцна зошто порадо не би умрел отколку да учествува во вакво исмевање. Тој ми одговори: „Те молам не ми суди! Јас пострадав повеќе од Христос!“ Сите описи за Пеколот од Библијата и од Данте, не се ништо во споредба со мачењето во комунистичките затвори.

Ова е само еден многу мал дел од она што се случи таа недела, а и многу недели во тој затвор. Другите работи просто не можат да се искажат. Ќе ми запре срцето ако треба повторно да ги кажувам. Тие се премногу ужасни и навредливи за да ги напишам. Низ ова поминуваа вашите браќа, а мнозина поминуваат и сега!

Ако треба постојано да ги кажувам сите ужаси на комунистичката тортура и саможртвата на христијаните, нема никогаш да завршам. Не само што се познати мачењата туку се

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 30 11/27/2012 8:55:17 AM

познати и херојските дела. Херојските дела на оние во затвор, многу ги инспирираа оние на слобода.

Еден од тие големи херои на верата беше пасторот Милан Хаимовици.

Затворите беа претрупани и чуварите не ѝ знаеја по име. Ги повикуваа оние кои беа казнети со дваесет и пет удари со камшик, за прекршување на некое правило на затворот. Неброени пати, пасторот Хаимовици излезе за да ги прими ударите за некого друг. На овој начин, тој ја придоби почитта на затворениците, не само за себе туку и за Христос Кого тој Го претставуваше.

Полицијата откри една девојка од илегалната црква која тајно делеше Евангелија и ги подучуваше децата за Христос. Одлучија да ја затворат. Но за да го сторат тоа на најболен можен начин, почекаа неколку недели, сè до денот на нејзината свадба. На самиот ден на свадбата, таа беше облечена како невеста – најрадосниот ден во животот на една девојка! Одеднаш вратата се отвори и припадниците на тајната полиција влегоа внатре.

Кога ги виде, таа ги испружи рацете кон нив за да ѝ стават лисици. Тие грубо ѝ ги ставија лисиците на рацете. Потоа погледна кон младоженецот, го бакна ланецот и рече: „Му благодарам на мојот небесен Младоженец за овој скапоцен камен што ми го подари на мојот свадбен ден. Му благодарам што сум достојна да страдам за Него“. Беше одведена, а младоженецот и сватовите останаа да плачат. Знаеја што им се случува на младите христијанки од комунистичките чувари. Нејзиниот младоженец верно ја чекаше. По пет години таа беше пуштена – уништена, скршена жена која изгледаше триесет години постара. Рече дека тоа е најмалку што можеше да стори за нејзиниот Христос. Такви убави христијани има во илегалната црква.

## Отпор кон „миењето“ мозоци

На Запад, сигурно слушнале за миењето мозоци во Корејската и Виетнамската војна. Јас лично, поминав низ процес на миење мозоци. Тоа е најужасното мачење.

Моравме да седиме седумнаесет часа дневно и тоа со недели, месеци и години слушајќи:

Комунизмот е добар!
Комунизмот е добар!
Комунизмот е добар!
Христијанството е лошо!
Христијанството е лошо!
Христијанството е лошо!
Откажи се!
Откажи се!
Откажи се!

Неколку христијани ме прашаа како можеме да пружаме отпор на миењето мозоци. Има само еден метод – „Миењето на срцето“. Ако срцето е измиено од Христовата љубов, и ако срцето Го сака Него, тогаш може да се спротивставиме на сите мачења. Што не би направила една невеста за младоженецот кого премногу го сака? Што нема да направи една мајка од љубов кон нејзиното дете? Ако Го сакаш Христос како што Го сакаше Марија која Го имаше Христос како бебе во своите раце, ако Го сакаш Исус како што невестата го сака младоженецот, тогаш можеш да го издржиш мачењето.

Бог нема да нè суди според тоа колку издржавме, туку колку можеме да љубиме. Христијаните кои пострадаа за својата вера по затворите, можат да љубат. Јас сум сведок дека тие можат да Го љубат Бог и луѓето.

Мачењата и бруталноста продолжија без престан. Кога ќе ја изгубев свеста или ќе бев премногу збунет за да им дадам надеж на мачителите дека ќе признаам, ме враќаа во ќелијата. Таму ќе лежев, без грижа и полумртов за да присоберам барем малку сила за да можат да продолжат да работат над мене. Многумина умреа при ова, но некако мојата сила секогаш ми

се враќаше. Во годините што следуваа, во различни затвори ми скршија неколку прешлени и многу други коски. Ме сечеа на многу места. Ме изгореа или ме пресекоа на осумнаесет места.

Кога јас и моето семејство бевме спасени од Романија и однесени во Норвешка, докторите во Осло гледајќи на сите рани на белите дробови од туберкулоза, рекоа дека тоа што сум сѐ уште жив е вистинско чудо! Според нивните медицински книги, требаше веќе со години да бидам мртов. И јас знам дека тоа е чудо. Тој дозволи да излезам жив и силно да ја пренесам пораката за вашите страдања, верни браќа.

## Кратката слобода и повторното апсење

Пристигна и 1956 година. Јас се наоѓав во затвор веќе осум и пол години. Изгубив многу тежина, а добив многу лузни, брутално бев тепан и клоцан, прегладнет, притискан, испрашуван до повраќање со закани и со злоставувања. Ништо од ова не даде резултат каков што очекуваа оние што ме затворија. И така, обесхрабрени, среде големите протести поради моето апсење – ме пуштија од затвор.

Ми беше дозволено да се вратам на мојата стара позиција како пастор, и тоа само за една недела. Проповедав само двапати. Потоа ме повикаа и ми кажаа дека повеќе не можам да проповедам, ниту да учествувам во какви било други религиозни активности. Што реков јас? Ги поучував луѓето од мојата парохија да имаат „трпение, трпение и повеќе трпение“. „Ова значи дека им велиш да бидат трпеливи и Американците ќе дојдат да ги спасат“ – велеше полицијата. Јас им кажав дека тркалото се врти и дека времињата се менуваат. „Велиш дека комунизмот нема да продолжи да владее?! Ова се контрареволуционерни лаги!“ – ми велеа. Така, мојата јавна служба заврши.

Веројатно, властите сметаа дека ова ќе ме уплаши и дека нема да продолжам со сведочењето во тајност. Тука тие згрешија. Тајно и со поддршка од моето семејство, се вратив на она што го правев порано.

Повторно сведочев на тајните групи верници, доаѓајќи и заминувајќи како дух, под заштита на оние на кои можев да им верувам. Овој пат имав лузни кои ја поткрепуваа мојата порака за злото на атеистичката филозофија и ги охрабрував нерешителните души да Му веруваат на Бог и да бидат храбри. Водев една тајна мрежа на евангелисти кои си помагаа меѓусебно во споделување на Евангелието, пред чудесно затворените очи на комунистите. Освен тоа, ако некој е доволно слеп за да не ја види Божјата рака како дејствува, веројатно нема да ја види и онаа на евангелистите.

На крајот, непрекинатиот интерес на полицијата за моите активности и движење, им се исплатеше. Повторно ме најдоа и ме затворија. Поради некоја причина, не го затворија и моето семејство, можеби поради целиот публицитет што го добив. Имав искуство од осум и пол години во затвори и неколку години на релативна слобода. Сега бев затворен за уште пет и пол години.

Моето второ затворање беше на многу начини полошо од првото. Знаев добро што да очекувам. Здравјето речиси веднаш ми се влоши. Но продолживме со работата на илегалната црква секаде каде што можевме, па и во комунистичкиот затвор.

## Имавме договор – ние проповедаме, а вие тепајте!

Беше строго забрането да им се проповеда на другите затвореници, како што и денес е во многу поробени земји. Се подразбираше дека секој кој беше фатен во тоа, беше сериозно претепуван. Неколкумина од нас решивме да ја платиме цената за привилегијата на проповедање, па ги прифативме нивните услови. Тоа беше договор – ние проповедавме, а тие нè тепаа. Ние бевме среќни што можевме да проповедаме, тие беа среќни што не тепаа, така што сите бевме среќни.

Следнава сцена се случи повеќепати отколку што можам да запаметам. Еден брат им проповедаше на другите затвореници, кога одеднаш влегоа стражарите прекинувајќи го сред реченица. Го одвлекоа низ ходникот до „собата за тепање“. По едно тепање коешто ни изгледаше како да нема крај, го довлечкаа

и го фрлија на подот, целиот раскрвавен и со модрици. Полека, тој се исправи со болки местејќи ја својата облека, велејќи: „Сега, браќа, каде запрев?" Тој продолжи со пораката на Евангелието!

Видов прекрасни нешта!

Понекогаш проповедниците беа лаици, едноставни луѓе инспирирани од Светиот Дух, кои често прекрасно проповедаа. Срцата целосно им беа во зборовите, бидејќи да се проповеда во вакви казниви услови, не беше лесна работа. Тогаш стражарите ќе го однесеа проповедникот и ќе го претепаа скоро до смрт.

Во затворот во Герла, еден христијанин по име Греку беше осуден на претепување до смрт. Процесот траеше неколку недели, при што тој беше тепан пополека. Тој беше удиран еднаш од долу од нозете со гумен чекан, и потоа беше оставан. По неколку минути повторно беше удиран и пак по неколку минути. Беше удиран и по тестисите. Потоа докторот му ставаше инјекција. Тој закрепнуваше и му се даваше многу добра храна за да ја поврати силата, за повторно да биде тепан додека не умре од бавното и континуирано тепање. Оној што го водеше ова мачење беше член на Централниот комитет на Комунистичката партија, а се викаше Рек.

Во текот на тепањето, Рек му кажал на Греку нешто што комунистите често им го кажуваа на христијаните: „Да знаеш, јас сум Бог. Јас имам власт над твојот живот и над твојата смрт. Оној што е на небото не може да реши дали ќе останеш жив. Сè зависи од мене. Ако сакам, ти ќе живееш. Ако сакам, ти ќе умреш. Јас сум Бог!" Така се исмеваа со христијаните.

Братот Греку во својата ужасна состојба, му дал на Рек многу интересен одговор што подоцна го чув од самиот Рек. Тој рекол: „Не знаеш колку длабоки работи кажа. Секоја гасеница, всушност е прекрасна пеперутка ако добро се развие. Ти не си создаден да бидеш мачител, убиец. Ти си создаден да станеш како Бог, со животот на Отецот во твоето срце. Многумина кои биле гонители како тебе сфатија – како и апостолот Павле – дека е срамно за човекот да прави зли дела, кога може да прави многу подобри дела. Така тие станаа учесници во Божјата природа. Исус им

рече на Евреите во Негово време „Вие сте богови". Верувај ми господине Рек, твојот вистински повик е да бидеш како Бог и да го имаш Неговиот карактер, а не да бидеш мачител."

Во тој момент Рек не обрна внимание на овие зборови на неговата жртва, како што и Савле од Тарс не обрна внимание на прекрасното сведоштво на Стефан кој беше убиен во негово присуство. Но, овие зборови работеа во неговото срце. Подоцна Рек разбра дека ова, всушност беше неговиот вистински повик.

Од сите овие тепања, мачења и касапење од комунистите, произлезе една голема лекција: 'Духот е владетел со телото'. Го чувствувавме мачењето, но често се чинеше како нешто далечно од духот којшто беше загубен во славата Христова и Неговото присуство меѓу нас.

Кога ни даваа едно парче леб еднаш неделно и матна супа секој ден, решивме и тогаш да даваме десеток. Секоја десетта недела, парчето леб му го дававме на послабиот брат како десеток за нашиот Господар.

Кога еден христијанин беше осуден на смрт, му беше дозволено да си ја види жената пред да биде егзекутиран. Неговите последни зборови кон жена му беа: „Да знаеш дека јас умирам љубејќи ги оние што ме убија. Не знаат што прават, и јас мора да барам од тебе и ти да ги сакаш. Немој да имаш горчина во срцето затоа што ти го убија мажот. Ќе се сретнеме на небото". Овие зборови оставија впечаток на агентот на тајната полиција, кој беше присутен на разговорот. Ми ја кажа оваа приказна подоцна, во затворот каде беше пратен поради тоа што станал христијанин.

Во затворот Тиргу-Окна имаше еден многу млад затвореник по име Матчевич. Беше затворен кога имал осумнаесет години. Поради мачењата беше болен од туберкулоза. Неговото семејство некако разбра дека тој е во многу лоша здравствена состојба и му испратија сто шишенца стрептомицин којшто можеше да го спаси од смрт. Политичкиот комесар на затворот го повикал Матчевич, му го покажал пакетот и му рекол: „Еве ги лековите што можат да ти го спасат животот. Но, не смееш да примаш пакети од семејството. Лично, сакам да ти помогнам.

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 36 11/27/2012 8:55:17 AM

Ти си млад. Не сакам да умреш во затвор. Помогни ми за да ти помогнам! Давај ми информации за затворениците, и тоа ќе ми даде можност пред претпоставените да ти го дадам пакетот!“

Матчевич одговорил: „Не сакам да живеам и да се срамам, да се погледнам во огледало и да видам лице на предавник. Не можам да прифатам таков услов. Повеќе би сакал да умрам“. Офицерот на тајната полиција му ја стегнал раката и му рекол: „Ти честитам, не очекував друг одговор од тебе. Сакам да ти дадам друг предлог. Некои од затворениците станаа наши информатори. Тие тврдат дека се комунисти и дека се откажале од тебе. Играат двојна игра. Немаме доверба во нив. Сакаме да знаеме до која мера се искрени. За тебе се предавници кои многу ти наштетуваат, ни кажуваат за твоите зборови и за тоа што правиш. Знам дека не сакаш да ги предадеш твоите другари. Но давај ни информации за оние кои се против тебе за да си го спасиш животот!“ Матчевич одговорил брзо како и првиот пат: „Јас сум Христов ученик и тој нè учи да ги сакаме непријателите. Оние што нè предаваат многу ни наштетуваат, но не можам да го наградам злото со зло. Жал ми е за нив. Се молам за нив. Не сакам да имам никаква врска со комунистите“. Матчевич се врати назад од разговорот со политичкиот комесар и умре во истата ќелија во којашто бев и јас. Го видов како умира – славејќи Го Бог. Љубовта го освои и природното тежнеење за живот.

Ако сиромавиот е љубител на музика, тој ја дава и последната пара за концерт. Потоа е без пари, но не се чувствува фрустриран. Слушнал убави нешта. Јас не се чувствувам фрустриран затоа што изгубив многу години во затвор. Видов убави нешта. И јас бев меѓу слабите и незначајните во затворот, но ја имав привилегијата да бидам во истиот затвор со големи светци, херои на верата кои се еднакви со христијаните од првите векови. Умираа радосно за Христос. Духовната убавина на ваквите светци и херои на верата не можат никогаш да се опишат.

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 37 11/27/2012 8:55:17 AM

Работите коишто ги пишувам тука не се извонредни. Натприродните нешта станаа како природни за христијаните, за илегалната црква којашто се врати на првата љубов.

Пред да отидам во затвор, многу Го љубев Христос. Сега, откако ја видов Христовата невеста (Неговото духовно тело) во затворот, можам да кажам дека ја сакам илегалната црква како и Самиот Христос. Ја видов нејзината убавина, нејзиниот дух на жртвување.

## Што се случи со мојата сопруга и со синот?

Откако ме затворија, не знаев што се случува со неа. Многу години подоцна разбрав дека и таа била затворена. Во затвор, христијанките страдаа многу повеќе од мажите. Чуварите ги силуваа девојките. Исмејувањето и вулгарноста се страшни. Жените ги тераа да работат тешка работа еднакво со мажите, градејќи канали. Копаа земја во зима. За надгледници им поставуваа проститутки кои се натпреваруваа која ќе биде полоша кон верните. Жена ми јадеше трева како стока за да преживее. Гладните затвореници јадеа стаорци и змии во каналот. Една од забавите на чуварите во недела беше да фрлат една жена во Дунав и потоа да ја ловат. Ја исмејуваа, ѝ се смееја за мокрите алишта и повторно ја фрлаа во реката.

Син ми беше оставен да лута по улиците кога јас и мајка му бевме во затвор. Михај беше многу религиозен од детството и многу заинтересиран за верата. На деветгодишна возраст кога му ги одведоа родителите, помина низ кризата на христијанскиот живот. Тој стана огорчен и почна да се сомнева во својата вера. Се соочуваше со проблеми со коишто другите деца на таа возраст не се соочуваат. Тој мораше да заработува за живот.

Беше злочин да им се помага на семејствата на христијанските маченици. Две жени кои му помогнаа на Михај, беа претепани толку лошо, што останаа трајни инвалиди. Друга жена која го зеде во својот дом беше осудена на осум години затвор за злочин што му помогна на семејство чии луѓе се во затвор.

Ѝ ги искршија сите заби и ѝ кршеа коски. Нема никогаш повеќе да може да работи. И таа ќе остане инвалид до крајот на животот.

## „Михај, верувај во Исус!“

На единаесет години, Михај почна да заработува за живот како општ работник, а страдањето доведе до разнишување на неговата вера. Но по две години од затворањето на Сабина, му беше дозволено да ја види. Тој отиде во затворот за да ја види мајка си зад решетки. Таа беше валкана, слаба, рацете ѝ беа цели со плускавци, носеше излитена затворска униформа. Тој одвај ја препозна. Нејзините први зборови беа: „Михај, верувај во Исус!“ Чуварите дивјачки ја зграбија и ја одведоа. Михај плачеше кога го виде тоа. Ова беше моментот на неговото обраќање. Тој знаеше, ако може да се сака Христос во вакви услови, тогаш Тој сигурно е Спасителот. Подоцна ќе каже: „Ако христијанството нема други аргументи на своја страна освен дека мајка ми верува, тоа е доволно за мене“. Тој ден, тој целосно Го прифати Христос.

На училиште, тој постојано се бореше за опстанок. Беше добар ученик и како награда доби црвена марама, знак на пионерите – младите комунисти. Тој рече: „Никогаш нема да ја носам марамата на оние кои ги затворија татко ми и мајка ми“. Поради ова, беше избркан од училиште. По изгубена година, тој повторно се запиша на училиште криејќи го фактот дека е син на затворени христијани.

Подоцна, требаше да напише теза против Библијата. Во неа тој напиша: „Аргументите и цитатите против Библијата се слаби и неточни. Сигурно професорот не ја има прочитано Библијата. Библијата е во хармонија со науката“. И повторно беше избркан, но овој пат мораше да изгуби две години.

На крај му беше дозволено да се запише на богословија. Таму го учеја „марксистичка теологија“. Сè се објаснуваше според Карл Маркс. Михај јавно протестираше на час, и други ученици му се придружија. Резултатот беше тоа што го избркаа и не можеше да заврши ниту богословија.

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 39 11/27/2012 8:55:18 AM

Еднаш на училиште, кога еден професор одржал атеистички говор, син ми станал и му контрирал на професорот, и му кажал за одговорноста што ја има заблудувајќи толку многу младинци. Целиот клас застанал на негова страна. Важно беше некој да ја има храброста и да зборува прв, потоа сите други застануваа на негова страна. За да се здобие со образование, тој постојано мораше да се крие дека е син на Вурмбранд, затвореник за Христос. Но, често го откриваа и следеше познатата сцена да го викнат кај директорот и да го избркаат од училиштето.

Михај страдаше и од глад. Многу семејства на затворени христијани изгладнуваа до смрт. Беше голем злочин да им се помогне.

Ќе ви раскажам само за еден случај за семејство што лично го познавам. Братот беше затворен поради работа во илегалната црква. Зад себе остави жена и шест деца. Постарите ќерки, со седумнаесет и деветнаесет години не можеа да се вработат. Единствениот вработувач во комунистичките земји е државата, и таа не им дава работа на децата на „злочинците" – христијани. Ве молам, немојте да ѝ судите на сторијава според морални стандарди, само примете ги фактите. Двете ќерки на христијанскиот мачeник, и самите христијанки – станаа проститутки за да ги издржуваат помладите браќа и болната мајка. Едниот од браќата, на четиринаесет години полуде кога го дозна тоа и мораше да го однесат во лудница. Кога по неколку години таткото беше пуштен од затвор, неговата единствена молитва беше: „Боже, врати ме во затвор, не можам да го издржам ова". Неговата молитва беше сослушана и тој повторно се најде во затвор за сведочење за Христос на деца. Ќерките веќе не беа проститутки, тие добија работа откако се согласија со барањата на полицијата да бидат информатори. Како деца на христијански мачeник, беа примани во секој дом со сите почести. Тие слушаа и потоа даваа извештај за сè што беше кажано на тајната полиција. Немој да кажеш дека тоа е лошо и неморално – се разбира дека е – но прашај се себеси дали не е грев што вакви трагедии се случуваа, и христијанските семејства се оставени сами, а вие кои сте слободни не им помагате.

ГЛАВА 3

# Откупот и хуманитарната работа од Запад

Во затвор поминав вкупно четиринаесет години. За сето ова време, не видов Библија или некоја друга книга. Заборавив да пишувам. Поради изгладнетоста, дрогираноста и мачењето, го заборавив Светото Писмо. Но на денот на исполнување на четиринаесетте години, одненадеж ми дојде стихот: „Така Јаков служеше за Рахила седум години, ама му се видоа, заради љубовта кон неа, како неколку дни“ (Битие 29:20). Набргу потоа бев ослободен со општа амнестија, поради силното влијание на американското јавно мислење.

Повторно ја видов жена ми. Таа верно ме чекаше сите тие четиринаесет години. Го започнавме нашиот нов живот во сиромаштија, бидејќи на оние кои беа затворани, сè им беше одземано.

На свештениците и пасторите кои беа ослободени, им дозволија да имаат мали цркви. Мене ми дадоа една црква во градот Орсова. Комунистичкиот оддел за култови ми кажа дека таа има триесет и пет членови и ме предупредија никогаш да нема триесет и шест! Исто така, ми кажаа дека треба да бидам нивен агент и да ги информирам за секој член и да ја држам младината надвор од црквата. Вака комунистите ги користеа црквите како алатка за контрола.

Знаев дека ако проповедав, мнозина ќе дојдеа да слушаат. Така не ни почнав да работам таму. Наместо таму, јас повторно почнав да служам во илегалната црква, споделувајќи ги сите убавини и опасности на ваквата работа.

Во текот на годините што ги поминав во затвор, Бог правеше чудесни работи. Илегалната црква веќе не беше оставена и заборавена. Христијаните од Америка и од други земји, почнаа да ни помагаат и да се молат за нас.

Едно попладне, се одморав во куќата на еден брат, во едно провинциско гратче. Тој ме разбуди и ми рече: „Дојдени се браќа од странство“. На Запад имаше христијани кои не нè оставија и заборавија. Христијани, поединци организираа тајна служба за помош на семејствата на христијанските маченици, и шверцуваа христијанска литература и помош.

Во другата соба, најдов шест браќа кои дојдоа да ја вршат оваа служба. Откако зборуваа со мене подолго време, ми кажаа дека на оваа адреса се наоѓа некој кој поминал четиринаесет години во затвор, и сакаа да го видат. Им реков дека тоа сум јас. Тие одговорија: „Очекувавме да видиме некој меланхоличен, ти не можеш да бидеш тој бидејќи си полн со радост“. Ги уверував дека јас сум тој затворениот, и мојата радост е тоа што тие нè посетија и дека повеќе не сме заборавени. Полека, почна редовно да пристига помош за илегалната црква. По тајни канали добивме библии и друга христијанска литература, како и помош за семејствата на христијанските маченици. Сега, со нивна помош, ние можевме за илегалната црква да работиме многу подобро.

Не само што ни го носеа Словото Божјо туку увидовме дека и ние сме сакани. Ни донесоа збор на утеха. Во текот на годините, поминати во перење мозок, слушавме: „Никој повеќе не ве сака, никој повеќе не ве сака, никој повеќе не ве сака“. Сега видовме американски и англиски христијани кои ги ризикуваа своите животи за да ни покажат дека нè сакаат. Им помогнавме да развијат техники за прикриена работа за да можат да се шмугнат незабележливо во куќите, опкружени со тајна полиција.

Американските и англиските христијани кои „пливаат“ во библии, не можат да ја разберат вредноста на бибилиите коишто беа шверцувани.

Моето семејство не можеше да преживее без материјалната помош што ја добивавме од христијаните од странство. Истото важи и за многу други пастори во илегалните цркви и маченици во комунистичките земји. Од моето искуство, посведочив за материјалната, и повеќе за моралната поддршка од мисиите организирани со таа цел од слободниот свет. За нас верните, беа како ангели пратени од Бог.

Поради обновената работа во црквата во тајност, бев во многу голема опасност за уште едно апсење. Во тоа време, две христијански организации, Норвешката мисија за Евреите и Еврејската христијанска алијанса платија откуп за мене, 10.000 долари – петпати повеќе отколку за политичките затвореници. Сега можев да ја напуштам Романија.

## Зошто ја напуштив комунистичка Романија

Немаше да ја напуштам Романија и покрај опасноста, доколку водачите на илегалната црква не ми наредија да ја искористам можноста и да ја напуштам земјата за да бидам глас на илегалната црква во слободниот свет. Тие сакаа да ви зборувам вам, од Западниот свет, во нивно име за нивните страдања и за нивните потреби. Дојдов на Запад, но моето срце остана со нив. Немаше никогаш да ја напуштам Романија ако не разберев дека има поголема потреба да се чујат страдањата и храброто дело на илегалната црква – ова беше мојата мисија.

Пред да заминам од Романија, двапати бев повикан од тајната полиција. Ми кажаа дека се добиени пари за мене (Романија ги продаваше своите државјани за пари, поради економската криза што комунизмот ја донесе во земјата). Ми рекоа: „Оди на Запад и проповедај за Христос колку сакаш! Само нас не нѐ чепкај! Немој да кажеш ниту еден збор против нас! Ќе ти кажам најискрено што планираме со тебе, ако им кажеш што се случи. Прво, за илјада долари можеме да најдеме гангстер да те убие или можеме да те киднапираме“. (Во ќелијата бев заедно со православниот владика Василе Леул кој беше киднапиран во Австрија и донесен во Романија. Сите нокти му беа откорнати.

Бев со други од Берлин. Романци кои беа киднапирани во Италија, во Париз). Понатаму, ми кажаа: „Можеме да ја срушиме и твојата моралност, да пуштиме приказна за тебе со некоја девојка, кражба или некој грев од твојата младост. Тие на Запад, особено Американците многу лесно се лажат“.

Откако ми се заканија, ме пуштија да дојдам на Запад. Имаа голема доверба во перењето мозок низ коешто поминав. На Запад има многумина кои поминаа низ истото тоа, но тие останаа тивки. Некои од нив го славеа комунизмот иако беа мачени од нив. Комунистите беа многу сигурни дека и јас ќе молчам.

Така, во декември 1965 година, јас и моето семејство ја напуштивме Романија.

Последното што го направив пред да заминам, беше да одам на гробот на полковникот кој ја даде наредбата за моето апсење и кој ги нареди моите мачења сите овие години. Положив цвеќе на неговиот гроб. Со тој чин, решив да се посветам на тоа да ја носам радоста на Христос, којашто ја имам за комунистите кои се толку духовно празни.

Го мразам комунистичкиот систем, но, ги сакам тие луѓе. Го мразам гревот, но го сакам грешникот. Ги сакам комунистите со сето мое срце. Тие можат да ги убијат христијаните, но не и љубовта што ја имаат кон оние кои ги убиваат. Немам никаква горчина или гнев кон комунистите или кон моите мачители.

ГЛАВА 4

# Победа над комунизмот со љубовта Христова

Евреите имаат една легенда дека, кога нивните предци биле избавени од Египет и Египќаните биле потопени во Црвеното Море, ангелите се придружиле на победничката песна што ја пееле Израелците. И Бог им рекол на ангелите: „Евреите се луѓе и можат да се радувааат за своето избавување. Но, од вас очекував повеќе разбирање. Зарем Јас не ги создадов и Египќаните? Зарем не ја гледате мојата тага за нивната трагична судбина?“

Исус Навин 5:13 вели: „Кога Исус му се приближи на градот Ерихон, ги подигна очите и здогледа човек како стои пред него со извлечен меч во раката. Исус му пристапи и го праша: ‘Дали си ти со нас или си со нашите непријатели?‘“

Ако тој што Исус Навин го сретнал е само човек, тој ќе одговореше: „Со вас сум“, или „Со вашите непријатели“ или пак, „Јас сум неутрален“. Ова се единствените човечки одговори на такво прашање. Но, Битието кое Исус Навин го сретнал беше пратено од Бог, затоа кога беше прашан дали е за или против Израел, одговорил со многу неочекуван и тежок за разбирање одговор: „Не!“. Што значи ова не?

Тој дошол од место каде што суштествата не се за или против, туку каде што секој и сè се гледа со разбирање, со милост и сочувствителност, и каде се љуби со огнена љубов.

Има едно човечко ниво, каде мора целосно да се бориме против комунизмот. На ова ниво мора да се бориме против комунизмот и против комунистите, бидејќи тие се поддржувачи на овој суров и дивјачки идеал.

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 45 11/27/2012 8:55:18 AM

Но, христијаните се повеќе од само обични луѓе, тие се деца Божји, сонаследници на божествена природа. Затоа, мачењето низ коешто поминав во комунистичкиот затвор, не ме направи да ги мразам комунистите. И тие се Божји созданија, како можам да ги мразам? Но, не можам да бидам нивни пријател. Пријателството значи една душа во две тела. Не сум една душа со комунистите. Тие го мразат дури и спомнувањето на Бог. Јас Го сакам Бог.

Ако ме прашаа: „Дали си за комунистите или против нив?", мојот одговор ќе беше комплексен. Комунизмот е една од најголемите закани за човештвото. Сосема сум против него и сакам да се борам сè додека не биде целосно отфрлен. Но, во духот, јас седам на небото до Исус. Седам во сферата на „не", каде што без оглед на сиот криминал, комунистите се разбрани и сакани, сфера во којашто има ангелски битија кои се обидуваат да помогнат секому да ја достигне највисоката цел, а тоа е да биде сличен на Христос. Затоа, мојата цел е да го споделам Евангелието меѓу комунистите, да им ја дадам радосната вест за Христос Кој е мојот Господ и Кој ги сака комунистите. Тој рече дека ги сака сите луѓе и дека порадо ќе ги остави деведесет и деветте отколку една да се загуби. Неговите Апостоли и сите големи учители на христијанството ја поучуваа оваа универзална вистина. Свети Макариј рекол: „Ако човек страсно ги сака сите луѓе, а само за еден каже дека него не може да го сака, тој кој вели вака повеќе не е христијанин, бидејќи неговата љубов не ги опфаќа сите". Свети Августин поучувал: „Ако целиот свет беше праведен, а да имаше само еден грешник, Христос ќе дојдеше и ќе ги претрпеше истите маки на крстот за овој човек, бидејќи Тој ги сака сите". Христијанското учење е јасно. Комунистите се луѓе и Христос ги сака. Така и секој кој го има Христовиот ум. Ги сакаме грешниците, но го мразиме гревот.

Знаеме за љубовта на Христос за комунистите, преку нашата љубов кон нив.

Видов христијани во затвор, со синџири од дваесет кила на нозете, мачени со вжештено железо, со ставена сол во грлата и

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 46 11/27/2012 8:55:18 AM

држени без вода, изгладнувани, камшикувани, премрзнати – кои се молеа со жар за комунистите. Ова, човечки е необјасниво! Ова е љубовта Христова којашто е ставена во нашите срца.

Подоцна, комунистите кои нè мачеа беа исто така пратени во затвор. Во комунизмот, комунистите дури и комунистичките водачи се затворани речиси толку често како и нивните противници. Сега мачителите и мачените беа во иста ќелија. И додека нехристијаните покажуваа омраза кон нивните поранешни мачители и ги тепаа, христијаните ги бранеа дури и по цена и самите тие да бидат натепани и да бидат обвинети дека се соучесници на комунизмот. Видов христијани како им го даваат последното парче леб (ни даваа едно парче леб неделно) и лекови коишто можат да им го спасат животот на болните комунистички мачители, кои сега беа заедно со нив во затвор.

Ова се последните зборови на Лилиу Маниу, христијанин и поранешен премиер на Романија, кој умре во затвор:

„Ако комунистите се симнати од власт во нашата земја, ќе биде најсвета должност на секој христијанин да оди по улиците и да го ризикува својот живот за да ги заштити комунистите од праведниот гнев на толпата која тие ја тиранизираа“.

Во првите денови по моето преобраќање, имав чувство дека не можам повеќе да живеам. Одејќи по улица, чувствував физичка болка за секој еден човек кој поминуваше покрај мене. Тоа беше како нож да ми се забива в срце, и прашањето дали тој ќе се спаси беше горливо прашање. Ако некој од мојата заедница згрешеше, ќе плачев со часови. Копнежот за спасение на сите луѓе остана во моето срце, а и комунистите не беа исклучени.

Во самица, не можевме да се молиме како порано. Бевме неописливо гладни, нè дрогира додека не бевме како идиоти. Бевме слаби како костури. Господовата молитва беше предолга за нас – не можевме да се концентрираме за да ја кажеме. Мојата единствена молитва што постојано ја повторував, беше: „Исусе, Те сакам“.

И еден ден добив одговор од Исус: „Ме сакаш? Сега ќе ти покажам како Јас те сакам“. Одеднаш, почувствував оган во срцето којшто гореше како експлозиите на сонцето. Учениците на патот за Емаус, рекоа дека нивните срца гореле како оган кога Исус зборуваше со нив. Исто беше и со мене. Ја знаев љубовта на Оној Кој го даде Својот живот на крстот за сите нас. Таа љубов не може да ги исклучи комунистите, колку и да се големи нивните гревови.

Комунистите извршија и сè уште вршат ужаси, но „љубовта е силна како смртта, а љубомората е цврста како гроб... Големи води не можат да ја угаснат љубовта“ (Песна над песните 8:6,7). Како што гробот сака да ги има сите, и богати и сиромаси, стари и млади, луѓе од сите раси, народи и политички убедувања, светци и криминалци – така и љубовта е сеопфатна. Христос – воплотената љубов, сака сите луѓе да дојдат кај Него вклучувајќи ги и комунистите.

Еден свештеник кој беше ужасно претепан, беше фрлен во мојата ќелија. Тој беше полумртов, а крв прскаше од неговото лице. Го измивме. Некои од затворениците ги проколнаа комунистите. Но тој стенкајќи, рече: „Ве молам, немојте да ги колнете! Бидете тивки! Сакам да се молам за нив“.

## Како можеме да бидеме радосни дури и во затвор

Кога ќе погледнам наназад на четиринаесетте години во затвор, понекогаш тоа беше многу среќно време. Другите затвореници и стражарите често се прашуваа како христијаните можат да бидат среќни во овие ужасни околности. Не можеа да нè спречат да пееме, иако бевме тепани за тоа. Си мислам дека и славејчињата би пееле, иако знаат дека на крајот, поради тоа ќе бидат убиени. Христијаните во затворот танцуваа од радост. Како можеа да бидат толку среќни во ваквите трагични услови?

Често размислував за Исусовите зборови упатени кон Неговите ученици: „Блажени се очите кои го гледаат ова, што вие го гледате!“ (Лука 10:23). Учениците само што се вратиле од тура низ Палестина каде што виделе многу ужаси. Палестина

беше поробена земја. Насекаде имаше грозна мизерија на тиранизирани луѓе. Учениците виделе болест, глад, зло и тага. Влегувале во куќите од каде што беа затворaните патриоти, оставајќи зад себе родители и жени облеани во солзи. Тоа не беше убав свет за гледање.

Сепак Исус рече: „Блажени се очите кои го гледаат ова, што вие го гледате". Тоа е затоа што тие не видоа само страдања. Тие Го видоа и Спасителот. За првпат грдиот црв – гасеницата што лази по лисјата – разбра дека, по ова мизерно искуство следува живот на прекрасна шарена пеперутка што може да лета од цвет на цвет. Ова беше и нашата радост.

Околу мене имаше многу како Јов – некои многу повеќе погодени отколку што беше и самиот Јов. Но, јас го знаев крајот на приказната за Јов, како тој доби двојно од она што го имаше пред тоа. Имав околу мене луѓе како сиромавиот Лазар, гладни и покриени со чирови. Но, знаев дека ангелите ќе ги однесат во прегратката на Авраам. Ги видов какви ќе бидат во иднина. Во излитените, валкани и слаби маченици видов крунисани светци на утрешнината.

Но, гледајќи на луѓето вака – не какви што се туку какви ќе бидат – можев да ги видам и нашите гонители како Саул од Тарсис, подоцна апостолот Павле. И некои навистина станаа такви. Многу офицери на тајната полиција на кои им сведочевме, станаа христијани и беа среќни подоцна и самите да пострадаат за Христос во затвор. Иако бевме тепани како што беше и Павле, во нашите чувари го гледавме и чуварот на затворот кој се преобрати во Филипи. Сонувавме наскоро и тие да кажат: „Што треба да направам за да се спасам?" Во оние кои ги исмеваа христијаните и ги врзуваа на крстови и ги мачкаа со измет, ја гледавме толпата на Голгота кои наскоро ќе се удираат во гради од страв поради тоа што згрешија.

Во затворот ја најдовме надежта за спасението на комунистите. Таму стекнавме чувство на одговорност за нив. Преку нивното мачење, научивме да ги сакаме.

Голем дел од моето семејство беше убиено. Во мојата куќа се спроведоа тие убиства. Тоа беше најпогодното место. Така, идејата за мисија за комунистите се роди во затворот.

Бог ги гледа работите поинаку од нас, исто како што и ние гледаме на работите поинаку од мравките. Од човечка гледна точка, да се биде врзан на крст и намачкан со измет е ужасно нешто. Сепак, Библијата ги нарекува страдањата на мачениците „лесни страдања". Да се биде во затвор четиринаесет години, за нас е долг период. Библијата тоа го нарекува – „но за момент", и ни кажува „зошто нашата сегашна лесна неволја ни донесува прекумерно и неизмерно вечно изобилство на слава" (2 Коринќаните 4:17). Ова ни дава за право да сметаме дека жестоките злосторства на комунистите, коишто за нас немаат оправдание, се полесни во Божјите очи отколку во нашите. Тиранијата којашто траеше скоро еден век, можеби за Бог за Кого илјада години се како еден ден, е само момент на застранување. За нив сѐ уште има шанса да се спасат.

Вратите на рајот не се затворени за комунистите. Ниту пак светлото е изгасено за нив. И тие можат да се покајат како и секој друг. И мораме да ги повикаме на покајание.

Само љубовта може да ги промени комунистите и терористите (љубовта мора јасно да се разграничи од компромисот со нехристијанските филозофии, практикувани од многу водачи на цркви). Омразата заслепува. Хитлер беше антикомунист, но тој мразеше. И наместо да ги освои, тој им помогна да освојат една третина од светот.

Со љубов испланиравме мисија којашто ќе работи со комунистите во затворот. Затоа, најнапред мислевме за комунистичките водачи.

Изгледа дека некои мисии малку ја проучувале историјата на црквата. Како Норвешка беше придобиена за Христос? – Преку придобивањето на кралот Олаф. Русија првпат го доби Евангелието кога нејзиниот крал Владимир беше придобиен. Унгарија беше придобиена преку придобивањето на свети Стефан, нејзиниот крал. Ист е случајот и со Полска. Во Африка, кога поглавицата ќе биде придобиен, неговото племе го следи.

Ние правиме мисии меѓу обични независни луѓе кои можеби ќе станат многу фини христијани, но кои имаат многу малку влијание и не можат да ги сменат работите во една држава.

Мора да придобиваме владетели и водачи во политиката, економијата, науката и уметноста. Тие ја оформуваат душата на човекот. Со нивно придобивање, се придобиваат и луѓето над кои тие имаат влијание.

Од мисионерска гледна точка, комунизмот имаше една предност пред другите општестевени системи, а тоа е големата централизација. Ако претседателот на САД стане мормон, САД нема да стане мормонска држава поради тоа. Но, ако комунистичките владини водачи се преобратат во христијанство, можеби целата земја може да биде придобиена. Така, влијанието на водачите е огромно.

Дали овие водачи можат да бидат преобратени? Сигурно, затоа што тие се несреќни и несигурни исто како и нивните жртви. Скоро сите комунистички водачи во Русија завршија во затвор или беа стрелани од своите другари. Исто е и во Кина. Дури и министри за внатрешни работи како Јагода, Јежов и Берија кои изгледаа дека ја имаат сета власт во своите раце, завршија како и последниот контрареволуционер, со куршум во глава. Пред неколку години, Шелепин (министерот за внатрешни работи на Советскиот Сојуз) и Ранковиќ (министерот за внатрешни работи на Југославија) беа фрлени како валкани крпи.

## Како можеме духовно да го нападнеме комунизмот

Комунистичкиот режим никого не усреќува, дури ни профитерите. Дури и тие да се плашат дека секоја ноќ комбето на тајната полиција може да ги земе, поради промена во линијата на партијата.

Лично познавам многу комунистички водачи. Тие се обременети и само Исус може да им даде одмор.

Да се придобијат комунистичките водачи за Христос, можеби ќе значи да се спаси светот од нуклеарно уништување,

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 51 11/27/2012 8:55:18 AM

да се спаси човештвото од глад бидејќи многу пари одат за скапото наоружување. Да се придобијат комунистичките водачи можеби ќе значи крај на меѓународните тензии. Да се придобијат комунистичките водачи значи, да се исполнат Христос и ангелите со радост. Многу други области во коишто мисиската работа оди тешко како на пример, во Нова Гвинеја или Мадагаскар, можеби ќе следуваат ако се придобијат комунистичките водачи, бидејќи тогаш христијанството ќе има сосем нов импулс.

Лично познавам преобратени комунисти. И јас бев милитантен атеист во својата младост. Преобратените атеисти и комунисти многу Го сакаат Христос, затоа што многу згрешиле.

Во мисионерската работа е потребно стратешко размислување. Од гледна точка на спасението, сите души се еднакви, но од гледна точка на мисиската стратегија, не се сите еднакви. Поважно е да се придобијат луѓе со поголемо влијание, кои подоцна можат да придобијат илјадници отколку да му се зборува на некој дивјак во џунглата и да се осигура спасението само за него. Затоа, Исус одбра да ја заврши Својата служба, не во некое мало село туку во Ерусалим, духовната престолнина на светот. Поради истата причина, Павле толку многу се трудеше да стигне до Рим.

Библијата вели дека семето женино ќе ја столчи главата на змијата (Битие 3:15). Ние ја скокоткаме змијата по мешето и таа се кикоти. Денес змијата продолжува да лази во Кина, Северна Кореја, Виетнам и Лаос. Има земји од Блискиот Исток каде што не е дозволено да се има ниту еден црковен објект. Судбината на поробените земји мора постојано да биде на дневниот ред на црковните водачи и директори на мисии, како и на секој совесен христијанин.

Треба да се откажеме од рутинската работа. Напишано е: „Проклет да е тој кој негрижливо ги извршува Господовите работи!“ (Еремија 48:10). Црквата мора да лансира фронтален напад против властите на поробените земји. Војните се добиваат само со напад, никако со одбрана.

Псалмот 107:16 вели дека Бог ги преполовува железните решетки. Железната завеса е мала работа за Него.

Раната црква работеше во тајност и во илегала и триумфираше. Мора да научиме да работиме на ваков начин.

До комунизмот, не можев да разберам зошто толку луѓе во Новиот Завет се нарекуваат со прекари: Симеон наречен Нигер, Јован наречен Марко итн. Ние користиме тајни имиња во нашата работа со поробените народи.

Никогаш не разбрав зошто Исус, сакајќи некој да ја организира тајната вечера, не даде адреса туку рече: „Отидете во град и ќе ве сретне човек кој носи вода во врчва. Одете по него“ (Марко 14:13). Сега разбирам. И ние имавме тајни знаци за препознавање во работата на илегалната црква.

Ако се согласиме да работиме вака – да се вратиме на методите на работа на раната црква – можеме да работиме ефективно за Христос во овие рестриктивни земји (во кои владината политика или практика забранува некој да се доведе до Христос, да се набават библии или друга христијанска литература и каде што христијаните се малтретирани, затворани, убивани или лишени од имот или слобода. Заб.прев.)

Но, кога срекавам некои водачи на цркви на Запад, наместо љубов кон комунистите – што уште одамна би довело до мисионерска работа во комунистичките земји – видов дека нивната политика е на страната на комунистите. Не најдов сочувство на добриот самарјанин за изгубените души во домот на Карл Маркс.

Човекот навистина верува, не во тоа што го рецитира како верување туку во оние работи за коишто е спремен да умре. Христијаните во илегалната црква докажаа дека се спремни да умрат за верата. Нашата меѓународна мрежа на мисиски организации продолжува и денес со тајна работа во поробените земји, што за нив може да доведе до затворање, мачење и смрт, ако бидат фатени во таква земја. Верувам во ова што го пишувам.

Имам право да прашам: „Дали црковните водачи во Америка кои се спријателуваат со комунистите, се спремни да умрат

за своите верувања? Што ги спречува во тоа да се откажат од високите позиции на Запад и да станат официјални пастори на Исток и таму, на самото место да соработуваат со комунистите? Доказ за таква вера сѐ уште не е даден од ниту еден црковен водач од Западот.

Човечките зборови извираат од човековата потреба за меѓусебно да се разбираат и да си ги искажат чувствата што ги имаат еден за друг. Нема човечки зборови што можат соодветно да ги искажат Божјите тајни и височините на духовните висини. Исто така, нема човечки зборови што можат да ја опишат длабочината на ѓаволската свирепост. Можеш ли со зборови да опишеш како се чувствувал оној кого нацистите го фрлаа во печка, или оној чие дете го фрлаа во печка?

Така, бескорисно е да се обидува да се опише како пострадаа христијаните и сѐ уште страдаат од комунизмот.

Бев во затвор со Лукрециу Патраскану, човекот кој го донесе комунизмот на власт во Романија. Неговите другари му вратија со тоа што го фрлија во затвор. Иако беше при ум, го ставија во лудница заедно со лудаци додека и тој самиот не полуде. Истото го сторија и со Ана Паукер, поранешен државен секретар. Христијаните понекогаш добиваат сличен третман. Добиваат електрични шокови и им ставаат лудачки кошули.

Светот се запрепасти од тоа што се случи на улиците на Кина. Сите сметаа дека Црвената гарда спроведува терор. Сега обидете се да си замислите како поминуваат христијаните во затворите во Кина каде што никој не гледа! Слушнав дека на еден реномиран кинески евангелски писател, и други христијани кои одбиле да се откажат од својата вера, му ги отсекле ушите, јазикот и нозете. И денес има христијани во затворите во Кина.

Но, најлошото што го прават комунистите не е тоа што го мачат и убиваат телото на човекот. Безнадежно ги фалсификуваат мислите на човекот и ги трујат младите и децата. Ставија свои луѓе на позиции во црквите за да ги водат христијаните и да ја уништат црквата. Ги учат младите да не веруваат во Бог и во Христос и да ги мразат тие зборови.

Со кои зборови да ја опишеме трагедијата на христијанските маченици кои се враќаат дома по годините поминати во затвор, а нивните деца ги пречекуваат со презир бидејќи во меѓувреме станале милитантни атеисти?

Оваа книга не е пишувана толку со мастило колку што е со крв од срцата што крвават.

Како во книгата на Даниел, кога тројца младичи биле ставени во разгорена печка – кога ги извадиле, не мирисале како изгорени – така и христијаните кои беа во комунистички затвори не мирисаа со огорченост кон комунистите.

Цвеќето, ако го изгазиш под нозете, ќе те награди со мирис. Исто така, и христијаните мачени од комунистите, ги наградуваа своите мачители со љубов. Доведовме многу од затворските чувари до Христос. И нѐ носи една желба, на комунистите кои нѐ мачеа, да им го дадеме она најдоброто што го имаме – спасението што доаѓа преку Исус Христос.

Јас немав таа привилегија како што многумина од моите браќа ја имаа, да умрам со маченичка смрт во затвор. Бев ослободен, дури и можев да ја напуштам Романија и да дојдам на Запад.

На Запад, најдов многу водачи на цркви со спротивен сентимент од оној којшто беше предоминантен во илегалната црква, пред бамбусовата или поранешната железна завеса. Многу христијани на Запад, немаат никаква љубов за оние во поробените земји. Доказ за ова е дека не прават ништо за нивното спасение. Имаат мисии да ги убедат другите христијани да ја сменат деноминацијата. Но многу немаат мисии меѓу поробените народи, велејќи дека ваквата работа е спротивна на законот. Едноставно, не ги сакаат. Инаку веќе одамна ќе направеа нешто невозможно – да гледаат на мисијата како и Вилјам Кери кој ги сакал Индијците и Хадсон Тејлор Кинезите, и ќе направеа свои мисии.

Но, не е доволно што тие не ги сакаат оние во поробените народи и не прават ништо за да ги доведат до Христос. Со своето самозадоволство и негрижа, дури понекогаш станувајќи вистински соучесници, некои водачи на цркви од Запад ги

помагаат неверниците во нивното неверие. Им помагаат на комунистите да навлезат во црквите на Запад, и да се здобијат со водство на црквите во светот. Тие помагаат во тоа, христијаните да останат несвесни за опасноста од комунизмот.

Со тоа што не ги љубат комунистите и оние во поробените земји, и не прават ништо за да ги придобијат за Христос (под изговор дека не е дозволено, како божем првите христијани го прашаа Него за дозвола за да го рашират Евангелието), водачите на црквата на Запад не ја сакаат ниту својата паства, ако не им дозволува да учествуваат во духовната битка низ светот.

## Игнорирани лекции од историјата

Во првите векови, христијанството цветало во Северна Африка. Од таму ги имаме свети Августин, свети Кипријан, свети Атанасиј и Тертулијан. Христијанството во Северна Африка запостави само една должност, да ги придобие муслиманите за Христос. Резултатот е тоа што муслиманите ја заземаа Северна Африка и го искоренија христијанството за многу векови. Северна Африка сега припаѓа на муслиманите и христијанските мисии ја нарекуваат „блокот на оние што не можат да се преобратат“. Да научиме нешто од историјата!

Во време на Реформацијата, религиозните интереси на Лутер, Хус и Калвин се совпаднаа со интересите на европските народи да го отфрлат јаремот на папството коешто тогаш беше угнетувачка политичка и економска сила. Исто и денес, интересите на илегалната црква во ширењето на Евангелието во тиранските режими и меѓу нивните жртви, се совпаѓаат со важните интереси на сите слободни луѓе, да продолжат да живеат во слобода.

Многу тирани имаат нуклеарно оружје и ако се нападнат воено, ќе значи почеток на нова војна во којашто ќе настрадаат милиони луѓе. Многу западни владетели се со ’испрани‘ мозоци и дури не ни сакаат да ги симнат од власт тие тирани. Тоа често и го кажуваат. Тие сакаат дрогата, зависноста, гангстерството,

ракот и туберкулозата да исчезнат, но не и злите системи како што е комунизмот којшто одзеде повеќе жртви отколку сите тие заедно.

Иља Екренбург (советски писател) вели дека ако Сталин не правел ништо, туку само ако ги пишувал имињата на неговите невини жртви, неговиот живот немало да биде доволен за да заврши со пишувањето. Хрушчов, на Дваесеттиот конгрес на Комунистичката партија рече: „Сталин ликвидира илјадници чесни и невини комунисти... од сто триесет и девет членови и кандидати за Централниот комитет кои беа избрани на Седумнаесеттиот конгрес, деведесет и осум, тоа се седумдесет проценти, подоцна беа уапсени и убиени“.

Сега замислете што им правеше тој на христијаните! Хрушчов се откажа од Сталин, но продолжи со истото. Од 1959 година, половина од оние цркви што останаа отворени во Советска Русија, беа затворени.

Во Кина, се издигнаа бранови на варваризам полоши и од оние на Сталиновиот период. Јавниот црковен живот сосема запре. Во Русија и во Романија имаше уште апсења. (По падот на комунизмот во Советскиот Сојуз, владата призна дека имаше масовни апсења на христијани во Русија.)

Со терор и измама, во земјите со преку милијарда жители, цели генерации се пораснати во омраза кон сѐ што е од Западот и особено кон христијанството.

Во Русија не беше необична глетката, како локалната власт седи пред црквите и ги набљудува децата. Оние кои ќе се обидеа да влезат, беа исфрлани и добиваа ќотек. Идните уништувачи на западното христијанство се воспитувани внимателно и систематски.

Има само една сила којашто може да ги промени злите влади. Тоа е истата онаа сила којашто им овозможи на христијанските држави да го заземат местото на паганската Римска Империја, силата којашто направи христијани од дивите Тевтонци и Викинзи, силата којашто ја отфрли крвавата инквизиција. Ова е силата на Евангелието, претставена во црквата во тајност која работи во сите поробени народи.

Да се поддржи оваа црква и да ѝ се помогне, не е само прашање на единство во страдањата со нашите браќа. Тоа е прашање на живот и смрт за твојата земја и твојата црква. Да се поддржи оваа црква, не е само интерес на слободните христијани туку треба да биде и на политиката на владите на слободните земји. Илегалната црква веќе има придобиено комунистички владетели за Христос. Георгију Деј, премиерот на Романија, умре како преобратен човек откако ги исповеда своите гревови и го промени својот грешен живот. Во многу поробени земји, има членови на владата кои се прикриени христијани. Тоа може да се рашири. Тогаш можеме да очекуваме вистинска промена во политиката на некои влади, не промени како оние на Тито и на Гомулка, по коишто повторно останаа истите диктаторски и зли атеистички партии – туку свртување кон христијанството и слободата.

За ова, сега постојат особени можности.

Оние кои веруваат во комунизмот, кои многу често се искрени во своите верувања како и христијаните во нивните, поминуваат низ голема криза. Тие навистина веруваа дека комунизмот ќе донесе братство меѓу народите. Сега ги гледаат комунистичките земји како се распаѓаат, исто како и земјите од Источниот блок.

Тие навистина веруваа дека комунизмот ќе создаде рај на земјата, за разлика од она што тие го нарекуваа – илузорен рај на небото. Сега нивните луѓе се гладни. Мора да увезуваат пченица од капиталистичките земји. Таков е случајот со гладот во Северна Кореја. Нација која се смета за најзатворена во светот, сега Северна Кореја стои на работ на физичко уништување. Поплавите ја уништија жетвата и ги збришаа залихите на храна. Сега, во длабок очај, Северна Кореја започна да ги подотвора своите прозорци и врати за остатокот на светот, за да може да добие идеја за она што се чуваше зад бодликавата жица.

Комунистите им веруваа на своите водачи. Сега во своите весници читаат дека Сталин беше убиец, а Хрушчов идиот. Исто и со нивните народни херои: Ракоши, Геро, Паукер,

Ранковиќ и така натаму. Комунистите повеќе не веруваат во непогрешливоста на нивните водачи. Тие се како католици, но без папа.

Во срцата на комунистите има празнина. Таа празнина може да ја надополни само Христос. Човековото срце, по својата природа Го бара Бог. Во секое срце има духовен вакуум, сè додека не се исполни со Христос. Тоа е вистина и за комунистите и за другите поробени народи. Во Евангелието има сила, силата на љубовта којашто може и нив да ги привлече. Видов како се случува тоа. Знаеме дека може.

Христијаните, исмевани и мачени од комунистите, заборавија и простија за тоа што им беше направено ним и на нивните семејства. Тие прават сè што можат за да им помогнат на комунистите да ја пребродат кризата и да го најдат патот до Христос. За оваа работа им е потребна нашата помош.

И не само за ова. Христијанската љубов е универзална. Кај христијаните нема пристрасност. Исус рече дека сонцето изгрева и за добрите и за лошите. Исто е и со христијанската љубов.

Оние водачи на црквата на Запад, кои покажуваат пријателство со комунистите и другите тирански режими го оправдуваат тоа со учењето на Исус дека треба да ги сакаме нашите непријатели. Но, Исус никогаш не рекол дека треба да ги сакаме само непријателите, а да ги заборавиме браќата.

Тие ја покажуваат својата „љубов“ со тоа што јадат и пијат заедно со оние чии раце се натопени со крвта на христијаните, а не со споделување на радосната вест за Христос. Со тоа им се простува на тираните. Тоа не е покажување љубов.

Пред неколку децении, Евангелистичката и Католичката црква во Германија дадоа 125 милиони долари за гладните. Американските христијани даваат дури и повеќе.

Има многу гладни во светот, но не можам да замислам некој погладен или на кого повеќе му следува таа помош од слободните христијани отколку на христијанските маченици. Ако германската, британската, американската и скандинавската црква успеаја да соберат толку пари за помош, таа треба да

дојде до сите што имаат потреба, но најнапред за христијанските мачениците и нивните семејства.

Дали е така сега?

За мене платија откуп христијански организации, што докажува дека христијаните можат да бидат откупени. Сепак, можеби јас сум единствениот таков случај од Романија. И фактот за мојот откуп, ќе ги обвини христијанските организации на Запад за запоставување на исполнувањето на нивната задача во други случаи.

Првите христијани се прашуваа дали новата црква беше само за евреите или и за другите народи. Прашањето го доби правилниот одговор. Во друга форма, проблемот се повтори во дваесеттиот век. Христијанството не е само за Западот. Христос не им припаѓа само на Америка, Англија и другите демократски земји. Кога беше распнат, една од рацете Му беше истегната кон запад, а другата кон исток. Тој сака да биде цар не само на Евреите туку и на другите народи, на комунистите и на Западниот свет. Исус рече: „Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание“ (Марко 16:15).

Тој ја пролеа Својата крв за сите, и сите треба да чујат и да поверуваат во Евангелието.

Она што нѐ охрабрува да го проповедаме Евангелието во поробените земји, е фактот дека оние што ќе станат христијани се полни со љубов и жар. Никогаш не сум сретнал ниту еден млак руски христијанин. Поранешните комунисти и муслимани стануваат извонредни ученици на Христос.

Христос ги сака овие луѓе и сака да бидат слободни, како што ги сака сите грешници и сака да ги ослободи од гревот. Некои западни црковни водачи го заменуваат овој став, единствениот исправен став со друг, задоволство кон гонителите на христијани. Нивната услуга е грешна, бидејќи им помагаат на прогонителите да останат на власт, на тој начин спречувајќи го спасението на истите тие непријатели, како и на нивните жртви.

## Што најдов по моето враќање

Кога по ослободувањето од затвор се вратив дома кај сопругата, ме праша кои се моите планови за иднината. „Идеалот којшто го имам пред себе е живот на духовна воздржаност“ – одговорив. Таа рече дека ја имала истата мисла.

Во младоста бев многу динамичен тип. Но затворот, особено годините поминати во самица, ме претворија во медитивен контемплативен тип. Сите бури во срцето беа смирени. Не ми сметаше комунизмот, не го ни забележував. Бев во прегратките на Небесниот младоженец. Се молев за оние што ме мачеа и ги сакав со сето срце.

Имав многу мала надеж за своето ослободување. Одвременавреме се прашував што би направил во случај да бидам пуштен. Секогаш си мислев дека ќе се повлечам некаде и ќе продолжам со живот во прекрасно единство со Небесниот младоженец.

Бог е „Вистината“. Библијата е „вистина за Вистината“. Теологијата е „вистина за вистината за Вистината“. Христијаните живеат во сите овие вистини и поради нив, ја немаат Вистината. Гладни, тепани и дрогирани, ја заборавивме теологијата и Библијата. Ја заборавивме „вистината за Вистината“, и затоа живеевме во Вистината. Пишано е: „Зашто Човечкиот Син ќе дојде во час, кога не мислите“ (Матеј 24:44). Не можевме да мислиме. Во најтемните моменти на мачењето, Синот Човеков ни доаѓаше правејќи ги ѕидовите на затворот да светат како дијаманти и да ја исполнат ќелијата со светлина. Некаде таму далеку, под нас беа мачителите, во сферата на физичкото. Но духот се радуваше во Господ. Немаше да се откажеме од оваа радост ни за царски палати.

Желбата да се бориш против некого и нешто, беше далеку од мојот ум. Не сакав да водам никаква војна ниту пак, праведна војна. Повеќе сакав да градам живи храмови за Христос. Тоа беше желба по ослободувањето од затвор, за тивките години на размислување.

Но, од денот на моето ослободување, се соочив со аспекти на комунизмот што беа погрди од сите мачења во затворот. Еден по еден, се среќавав со големи проповедници и пастори, дури и владици кои едноставно, со голема жал се исповедаа дека се информатори на тајната полиција против својата паства. Ги прашав дали се подготвени да се откажат од тоа да бидат информатори, ризикувајќи да бидат затворени. Сите до еден одговорија „не", и објаснија дека тоа што ги спречува не е стравот за себе. Тие ми раскажаа за нови моменти во црквите, нешта што не постоеја до моето апсење; да се откажат од тоа да се биде информатор значи да се затвори црквата.

Во секој град имаше владин претставник за контрола на „култовите", човек на тајната полиција. Тој имаше право да повика кој и да било свештеник или пастор, кога и да сака и да го праша кој бил на богослужба, кој почесто се причестува, кој е 'позагреан' за верата, кој сведочи што исповедаат луѓето итн. Ако не одговореше на прашањата, тој беше отпуштан и друг беше назначуван на негово место, некој кој ќе одговара на прашањата. Кога владиниот претставник не можеше да најде ваква замена (што скоро никогаш не се случуваше), тој едноставно ја затвораше црквата. Истото се случува и денес во Кина.

Поголемиот дел од проповедниците, даваа информации на тајната полиција. Некој тоа го правеше неволно обидувајќи се да сокрие нешто, додека пак, други влегоа во рутината и нивната совест затапи. Трети пак, се здобија со таква пасија, па кажуваа повеќе отколку што беа прашувани.

Слушнав сведоштва од децата на христијанските маченици кои беа обврзани да даваат информации, кои семејства ги примиле љубезно. Во спротивно им се заканувaa дека нема да можат да продолжат со школувањето.

Бев на Баптистички конгрес којшто се одржа под црвеното знаме, каде комунистите одлучуваа кој ќе биде „избран за водач". Знаев дека сите глави на официјалните цркви беа номинирани од комунистичката партија. Потоа сфатив дека она што го гледам е запустението за коешто зборува Исус.

Секогаш има добри и лоши пастори и проповедници. Но сега, за прв пат во историјата на црквата, Централниот комитет на една заколната атеистичка партија, со декларирана цел за искоренување на религијата, одлучуваше кој да ја води Црквата. Да ја води каде? Сигурно да ја води до искоренување на религијата.

Ленин напишал: „Секоја религиозна идеја, секоја идеја за Бог – дури и само помислата на идејата за Бог – е неискажлива одвратност од најопасен вид, зараза од најгнасен вид. Милиони гревови, нечисти дела, злодела и физичка зараза се далеку помалку опасни од суптилната духовна идеја за Бог“.

Комунистичката партија на Советскиот Сојуз беше ленинистичка. За нив, религијата беше полоша од рак, туберкулоза или сифилис. И тие одлучуваа кој треба да биде духовен водач. Водачите на црквата соработуваа со нив правејќи компромиси.

Бев сведок на труење деца и млади со атеизам, а официјалните цркви немаа ни најмала можност да се спротивстават на тоа. Во ниедна црква во Букурешт немаше ниту еден младински час или неделно училиште за деца. Децата на верните се воспитуваа во училиштата со омраза.

И откако го видов тоа, го замразив комунизмот како што не го мразев под нивното мачење.

Не го мразев поради тоа што мене ми го направи, туку поради злото што го прави на славата Божја, на името Христово и на душите на милијарда луѓе под негова власт.

Од цела земја, доаѓаа селани и ми кажуваа за колективизацијата. Тие беа гладни робови на дотогаш нивните полиња и лозја. Немаа леб. Децата немаа млеко, немаа овошје и тоа во земја со природни богатства како ханаанската земја.

Браќата исповедаа дека Лениновиот комунистички режим, ги направи да лажат и да крадат. Од глад, мораа да крадат од она што некогаш беше нивно поле, а сега припаѓа на колективот. И потоа мора да лажат за да ја покријат кражбата.

Работниците ми кажуваа за теророт во фабриките и искористувањето на човековиот труд како што капитализмот никогаш не ни сонувал. Работниците немаа право на штрајк.

Интелектуалците мораа да подучуваат спротивно на својата внатрешна убеденост, дека нема Бог.

Целиот живот и мисли на една третина од светот во тоа време беше уништена или фалсификувана, како што и денес се прави во поробените земји.

Младите девојки се жалеа дека ги повикуваа во Младинската комунистичка организација и ги караа и им се закануваа затоа што бакнале момче кое било христијанин, и им покажуваа некого друг кого можеа да бакнат.

Сѐ беше така очајно, погрешно и грдо.

Потоа се сретнав со борците од црквата во тајност – моите стари пријатели – некои од нив останаа неоткриени, а други продолжија со борбата по ослободувањето од затвор. Ме повикаа да им се придружам во борбата. Присуствував на нивните собирања каде што пееја од песнарки, напишани на рака.

Се сетив на свети Антониј Велики кој бил во пустина триесет години. Тој целосно го напуштил светот минувајќи го животот во пост и молитва. Но кога чул за борбата помеѓу свети Атанасиј и Ариј за божественоста на Христос, тој го напуштил самотниот живот на молитва и отишол во Александрија да ѝ помогне на вистината да победи. Се сетив на свети Бернар од Клерво кој бил монах високо на планините. Но слушнал за глупоста на крстоносните војни, за убиствата од христијаните врз Арапите и Евреите и на нашите браќа од друга деноминација за да освојат празен гроб. Го напуштил својот манастир и слегол од планината за да проповеда против крстоносните војни.

И решив да го направам она што сите христијани мора да го направат: Да ги следат примерите на Христос, на апостол Павле и на големите светии; да се откажам од размислувањето и повлекувањето; и да се вклучам во борбата. Каков вид борба ќе биде тоа?

Христијаните во затвор, секогаш се молеа за своите непријатели и им оставија прекрасно сведоштво. Желбата на нашите срца беше тие да се спасат, и се радувавме кога тоа ќе се случеше. Но, го мразев комунистичкиот систем и сакав да ја зајакнам илегалната црква, единствената сила којашто може да ја отфрли оваа ужасна тиранија, со силата на Евангелието.

Не мислам само на Романија туку и на целиот комунистички свет. Сепак, сретнав голема незаинтересираност на Запад.

Писателите околу светот протестираа кога двајца комунистички писатели, Синиавски и Даниел, беа осудени на затвор од страна на своите другари. Но дури ни црквите, не протестираа кога христијани беа затворани поради својата вера.

Кому му е грижа за братот Кучик, осуден поради „криминалот“ на дистрибуирање „отровни“ христијански публикации како што се Библијата или книги за тивок час од Тори? Кој знае за братот Прокофиев, осуден за тоа што дистрибуирал испечатени проповеди? Кој чул за Грунвалд, еврејски христијанин осуден за сличен престап во Русија, од комунистите кои му го одземаа малиот син? Знам како јас се чувствував кога мене ме оттргнаа од мојот Михај. И страдав заедно со браќата Грунвалд, Ивананеко, со баба Шевчук, Таисија Ткаченко, Екатерина Веказина, Георги Веказин, брачниот пар Пилат од Латвија и така натаму (Имиња на светители и херои на верата од дваесеттиот век). Се наведнувам да им ги бакнам ланците, како и првите христијани кои ги бакнувале ланците на браќата пред да ги одведат и да ги фрлат пред дивите животни.

На некои од водачите на Запад, не им е грижа за нив. Имињата на мачениците не им се во списоците за молитва. Додека тие беа осудени и мачени, водачите на официјалната баптистичка и православна црква се откажаа од нив и ги предадоа кога примија награди во Њу Делхи, Женева и на други конференции. Таму ги убедуваа сите дека во Русија има полна верска слобода.

Водачот на Светскиот совет на цркви, го бакна болшевичкиот архиепископ Николај кога ја даде таа изјава. Потоа се гоштаваа заедно, во име на Светскиот совет на црквите додека светиите

во затворот јадеа зелка и неизмиени внатрешни органи, како што и јас јадев во името на Исус Христос.

Работите не можеа повеќе да останат такви. Илегалната црква одлучи дека јас треба да ја напуштам земјата ако ми биде пружена таква можност, и да ги информирам христијаните на Запад за она што се случува.

Одлучив да се откажам од комунизмот, иако ги сакам комунистите. Но сметам дека не е право да го проповедам Евангелието без да се спротивставам на комунизмот.

Некој ми рече: „Проповедај го чистото Евангелие!" Ова ме потсети на тајната полиција којашто исто така ми рече: „Проповедај Го Христа, но не споменувај го комунизмот". Дали и тие кои се за „чистото Евангелие" се инспирирани од тајната комунистичка полиција?

Не знам што е тоа, таканаречено чисто Евангелие. Дали проповедањето на Јован Крстител беше чисто? Тој не велеше само: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно!" (Матеј 3:2), туку и го „укори Ирод... заради сите зли дела што ги направил Ирод" (Лука 3:19). Тој беше обезглавен бидејќи не се придржуваше на апстрактното учење. Исус не ја проповедаше само „чистата" Проповед на гората, туку и нешто што денешните црковни водачи би го нарекле негативна проповед: „Горко вам, книжници и фарисеи, лицемери,... Змии, змиски породи!" (Матеј 23:27, 33). Токму за ваквото „нечисто" проповедање тој беше и распнат. Фарисеите немаше да се загрижат воопшто за Проповедта на гората.

Гревот мора да се именува. Денес, комунизмот е еден од најопасните гревови во светот. Секое Евангелие коешто не го разоткрива комунизмот, не е чисто Евангелие. Илегалната црква го разоткрива, притоа ризикувајќи ги слободата и животот. А ние на Запад, не треба да замолкнеме.

Одлучив да се откажам од комунизмот, не во смисла како што го прават оние кои се нарекуваат антикомунисти. Хитлер беше антикомунист, но беше и тиранин. Ние го мразиме гревот, а ги сакаме грешниците.

## Зошто страдав на Запад

На Запад страдав повеќе отколку во комунистичките земји.

Моето страдање, на почетокот се состоеше во сите оние копнежи за неописливите убавини на црквата во тајност, црквата којашто ја исполнува латинската изрека: 'Nudisnudum Christi sequi' (гол, следи Го голиот Христос).

Во поробените земји, Синот Човеков и оние кои се Негови немаат каде да ја положат својата глава. Многу христијани не градат куќи за себе. Чуму? И онака ќе им ги конфискуваат при нивното апсење. Самиот факт дека имаш нова куќа може да биде поголема причина да бидеш уапсен, зашто другите ќе сакаат да ти ја земат куќата. Таму не го погребуваш татко ти, ниту пак се поздравуваш со семејството пред да Го следиш Христос. Која е твојата мајка, твојот брат, твојата сестра? За ова си како Исус. Мајка ти и браќа ти се оние кои ја исполнуваат Божјата волја. А што се однесува до природните врски, дали тие можат да се сметаат кога често невестата се откажува од младоженецот, децата се откажуваат од родителите, жените од нивните мажи? Сè повеќе и повеќе остануваат само духовните врски.

Илегалната црква е сиромашна црква којашто страда, но има помалку млаки членови.

Службата во илегалната црква е како онаа пред деветнаесет века во раната црква. Проповедникот не знае голема теологија. Не знае хомилетика, како што и Петар не знаеше. Секој професор по теологија ќе му даде ниска оценка на проповедта на Петар на Пентекост. Библиските стихови не се многу добро познати во многу држави каде што Библијата е забранета. Покрај тоа, постои голема веројатност проповедникот да поминал многу години во затвор без Библија. Кога ја изразуваат својата вера во Отецот, тоа значи многу, зад тоа има една цела драма. Секојдневно Го молеа семоќниот Отец за леб, а добиваа зелка измешана со помија. Сепак, веруваме дека Бог е Татко кој љуби. Тие се како Јов кој рече дека ќе верува во Бог дури иако

Тој го убие. Тие се како Исус кој го нарекува Бог 'Татко', иако изгледаше напуштен на крстот.

Секој еден што ја познава убавината на илегалната црква, не може да биде задоволен со празнотијата на некои цркви на Запад.

Страдав повеќе на Запад отколку во комунистичкиот затвор, бидејќи сега видов со свои очи дека западната цивилизација изумира.

Освалд Спендглер напишал во Паѓањето на Западот:

> "Умирате, во вас ги гледам сите знаци на распаѓање. Можам да докажам дека вашето големо богатство и голема сиромаштија, вашиот капитализам и социјализам, вашите војни и револуции, вашиот атеизам и песимизам и цинизам, вашиот неморал, растурени бракови, контрола на раѓањето, тоа е крвавење одоздола коешто ве убива од врвот на мозокот – може да се докаже дека ги имате карактеристичните знаци на смртта на старите држави –Александрија и Грција и невротичниот Рим.

Ова е напишано во 1926 година. Оттогаш, демократијата и цивилизацијата веќе умреа во половина Европа дури и толку далеку, сè до Куба. Поголемиот дел од Западот спие.

Но, има една сила која не спие. Додека на Исток, комунистите се разочарани и ги изгубија своите илузии, на Запад „хуманистичкиот комунизам“ стана опасен. Западните хуманисти/комунисти едноставно не веруваат на сите лоши извештаи за суровоста, мизеријата и прогонот во комунистичките земји. Неуморно ја споделуваат својата вера во горната класа, во клубовите на интелектуалците, на колеџите и во црквите. Ние христијаните, често со пола срце застануваме на страна на вистината. Тие се со целото срце на страна на лагата.

Во меѓувреме, теолозите на Запад дискутираат за неважни работи. Тоа ме потсетува на следново, додека трупите на Мехмед II го опколиле Цариград во 1493 година и кога требало да се одлучи дали на Балканот ќе завладеат Мохамеданците, локалните црковни концили во опсадниот град се занимавале со

следниве проблеми: Каква боја биле очите на Богородица? Кој пол го имаат ангелите? Ако мува падне на осветена вода, дали таа ќе ја испогани водата или самата ќе се освети? Можеби ова е само легенда за тие времиња, но погледнете ги црковните списанија и ќе видите дека во нив можете да најдете дискусии за токму вакви прашања. Заканите на прогонителите и маките на илегалната црква исклучително ретко се спомнуваат.

Има бескрајни теолошки дебати за ритуали, за небитни работи.

На една забава, некој прашал: „Ако си на брод кој тоне и ако можеш да избегаш на пуст остров и имаш шанса да земеш само една книга од бродската библиотека, која ќе ја избереш?“, еден одговорил: „Библијата“, друг: „Шекспир“. Но, раскажувачот го имаше точниот одговор: „Би земал книга којашто ќе ме научи како да направам чамец и да стигнам на брегот. Тогаш ќе можам да читам што ќе посакам“.

Да се зачува слободата за сите деноминации и теологии, и да се обнови онаму каде што е загубена поради широкиот религиозен прогон, е поважно отколку да се држи одредено теолошко гледиште.

„Вистината ќе ве ослободи“ рече Исус (Јован 8:32). Но таа слобода, само таа слобода може да ви ја донесе вистината. И, наместо да се расправаме за неважни работи, треба да се обединиме и да се бориме за слобода против тираните во светот.

Страдав и со споделувањето на големите страдања на црквата во поробените народи. Поминувајќи низ страдањата, тие ми се вртеа низ главата.

Во јуни 1966 година, советските весници „Известија“ и „Деревенскаја газета“ ги обвинија руските баптисти дека ги поучуваат своите членови да ги убиваат своите деца за да се откупат од гревовите. Ова е старо обвинение за ритуални убиства што се користени за да се подигне револт против Евреите.

Но, знам што значи тоа. Тоа беше во затворот во Клуј, во 1959 година, со затвореникот Лазарович – обвинет дека убил

девојка. Имаше само триесет години, но косата одеднаш му побеле од мачењето. Изгледаше како старец. Ноктите му беа искорнати во обид да се натера да го признае делото коешто не го изврши. По една година, се востанови дека е невин и беше ослободен, но слободата повеќе не му значеше ништо. Тој беше скршен засекогаш.

Други читаа весници смеејќи се на глупавите обвинувања што советскиот печат ги правеше против баптистите, во времето на комунизмот. Знам што значат тие за обвинетите.

Ужасно е да си на Запад и постојано да добиваш такви слики пред очите.

Што се случи со архиепископот Јермоген од Калуга и другите седум владики кои протестираа против екстремната соработка со советскиот режим, спроведувана од патријархот Алексеј и архиепископот Никодим кои беа алатки во рацете на комунистите? Ако не ги видов владиките кои протестираа, како умираа до мене во затворот, немаше да ми е грижа за тие побожни владики.

Свештениците Николај Ешлиман и Глеб Јакунин беа дисциплинирани од патријархот, затоа што бараа верска слобода за црквата. Западот знае толку малку. Во затворот бев заедно со отец Јоан од Владимирешти, кому му се случи истото. На површината, тоа беше само црковна дисциплина. Но нашите официјални црковни водачи, како и повеќето официјални црковни водачи во комунистичките земји, работеа рака под рака со тајната полиција. Така, тие ставени под црковна дисциплина, беа исто така и под поефикасна „дисциплина" – мачење, тепање и дрогирање во затвор.

Треперам за страдањата на оние прогонувани во другите земји. Треперам за вечната судбина на нивните мачители. Треперам за христијаните на Запад што не им помагаат на своите прогонети браќа.

Длабоко во моето срце, сакам да ја одржувам убавината на моето лозје и да не се впуштам во една ваква голема борба. Толку многу сакам да бидам некаде во мир и тишина. Но, тоа не е можно. Кога комунистите го окупираа Тибет, им ставија

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 70 11/27/2012 8:55:20 AM

крај на сите заинтересирани само за духовните работи. Во мојата земја, им ставија крај на оние кои се оттргнуваа од реалноста. Црквите и манастирите беа распуштени одржувајќи некој минимум само за да ги залажат странците. Мирот и тишината по коишто копнеам, би биле бегање од реалноста и опасни за мојата душа.

Ја водев оваа борба иако беше многу опасна за мене самиот. Ме киднапираа од улица во 1948 година, и ме затворија под лажно име. Ана Паукер, државниот секретар на Романија, во тоа време му рече на шведскиот амбасадор, господин Патрик вон Ројтершверде: „Ах, Вурмбранд сега се шета по улиците на Копенхаген“. Шведскиот министер го имаше моето писмо што успеав кришум да го изнесам од затворот. Тој знаеше дека му кажуваат лаги. Такви работи можат повторно да се случат. Ако ме убијат, убиството ќе биде нарачано од комунистите. Никој друг нема мотив за да ме убие. Ако чуете гласини за мене за разни неморални дела, кражби, хомосексуалност, прељуба, сомнителна политичка вмешаност, лажење и други страшни работи, тоа ќе биде исполнување на заканите на тајната полиција: „Ќе ја уништиме твојата моралност“.

Добро информиран извор ми кажа дека романските комунисти одлучиле да ме убијат по моето сведоштво што го дадов пред Сенатот на САД, кон крајот на 1960-тите. Но не можам да седам и да молчам. А ваша должност е да проверите што кажувам. Ако мислите на тоа, по сето она што го преживеав дека страдам од комлекс на прогонство, мора да се прашате каква е таа ужасна сила на комунизмот што им прави на своите граѓани да страдаат од таков комплекс. Која сила ги направи луѓето од комунистичка источна Германија да земат дете, да го стават во булдожер и да поминат низ бодликавата жица, ризикувајќи да бидат стрелани, тие и целото смејство?

Западот спие, но мора да се разбуди за да го види дереџето на поробените народи.

***

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 71 11/27/2012 8:55:20 AM

Луѓето кои страдаат, често бараат некого кого ќе го обвинат. Да се најде таков некој ја олеснува маката. Јас не можам да го сторам тоа.

Не можам да обвинам некого од водачите на црквата на Запад, кои прават компромиси со оние кои ги мразат христијаните. Злото не доаѓа од нив. Тие водачи се жртва на многу постаро зло. Тие не го направија нередот во црквата, туку само го открија.

На Запад посетив многу теолошки факултети. Таму слушнав лекции за историјата на камбаните, за историјата на литургиското пеење, за канонски закони веќе одамна расправани и за црковна дисциплина којашто веќе одамна не постои. Слушнав дека некои студенти по теологија учат дека библиската сторија за создавањето не била вистинита, ниту пак, таа за Адам, ниту онаа за потопот, ниту таа за чудата на Мојсеј. Некои учат дека пророштвата се напишани по нивното исполнување; дека девственото раѓање на Исус е мит, исто како и Неговото воскресение; дека Неговите коски почиваат некаде во некој гроб; дека посланијата не се оригинални и дека Откровението е дело на лудак. Сепак Библијата била света книга! (Ова дава света книга со повеќе лаги отколку во кинеските комунистички весници.)

Ова е дел од она што некои сегашни водачи на црквата, учеле на Теолошкиот факултет. Тоа е атмосферата во којашто живеат. Зошто да веруваат во Господ за кого велат толку чудни работи? Зошто водачите на црквата да ѝ бидат верни на црквата во којашто можат слободно да зборуваат дека Бог е мртов?

Некои од водачите на деноминациите не се од невестата Христова. Тие се водачи на црква во којашто мнозина веќе одамна Го предадоа Господ. Кога ќе видат некого од илегалната црква, некој маченик, го гледаат чудно.

Не можеме да судиме некого, само за дел од неговите ставови. Ако го правиме тоа, ќе бидеме како и фарисеите во чии очи Исус беше лош, бидејќи не ги почитуваше нивните

правила за саботата. Ги затвораа очите за сè она што беше добро кај Исус, дури и кога тоа се случуваше пред нивните очи.

Истите црковни водачи кои имаат погрешен став кон комунизмот, можеби се исправни во многу други аспекти и можеби се и искрени. А во тоа што имаат погрешен став, можат да се променат.

Еднаш се сретнав со православен владика во Романија. Тој беше човек на комунистите, откажувајќи се од својата паства. Му ја земав раката и му ја кажав параболата за изгубениот син. Тоа се случи една вечер во неговата градина. Му реков: „Види со каква љубов Бог го прима грешникот кој се кае. Тој со радост ќе прифати и владика, ако се покае“. Му испеав една христијанска песна. Овој човек се преобрати.

Во затвор бев во иста ќелија со православен свештеник кој во надеж дека ќе биде ослободен, пишуваше атеистички предавања. Зборував со него и тој го искина она што го беше напишал ризикувајќи никогаш да не го пуштат од затвор.

Не можам да ја фрлам вината врз некого за да ми олесни маката што ја имам во срцето.

***

Има една друга болка. Дури и најблиските пријатели погрешно ме разбираат. Некои ме обвинуваат за огорченост и омраза кон комунистите, за што знаеме дека не е така.

Еврејскиот писател Калуде Монтефиоре рекол дека ставот на Исус кон книжниците и фарисеите, неговото јавно укорување кон нив е спротивно на Неговата заповед да се љубат непријателите и да се благословуваат оние кои нè колнат. И д-р В.Р. Метјус, пензиониран декан на Св. Павле во Лондон, заклучува дека ова е неусогласеност и непостојаност на Исус. Му простува затоа што Исус не бил интелектуалец!

Впечатокот на Монтефиоре беше погрешен. Исус ги љубеше фарисеите, иако ги укоруваше јавно. Јас ги љубам комунистите, како и нивните алатки во црквата, иако ги укорувам.

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 73 11/27/2012 8:55:20 AM

Постојано ми велат: „Заборави ги комунистите, работи само за духовни нешта“.

Сретнав христијанин кој многу пострадал од нацистите. Тој рече дека е целосно на моја страна сè додека сведочам за Христос, но не смеам да кажам ниту еден збор против комунизмот. Го прашав дали христијаните кои се бореле против нацистите во Германија биле грешка, и дали требаше да останат да зборуваат само за Библијата, без да кажат ниту еден збор против Хитлер? Одговорот беше: „Но Хитлер уби шест милиони Евреи! Некој мораше да му се спротивстави“. Му одговорив: „Комунистите убија триесет милиони Руси и милиони во Кина и во другите земји. А, убиваа и Евреи. Мораме ли да протестираме само кога се убиваат Евреите, а не и Руси и Кинези?“. Тој рече: „Тоа е сосема друго“. И не добив одговор.

Полицијата ме тепаше и за време на Хитлер и за време на комунизмот, и јас не гледам некаква разлика. И двете болеа.

Христијанството мора да се бори против многу аспекти на гревот, не само против комунизмот. Ние не сме опседнати само од овој проблем. Но, комунизмот е голем непријател на христијанството и е најопасен. Повторно, мора да се здружиме.

Да повторам пак! Највисоката цел на човекот е да стане како Христос. Главната цел на комунистите е да се спречи ова. Тие се против религијата. Веруваат дека по смртта, човекот станува сол и минерали, ништо повеќе. Сакаат целиот живот да се одвива на ниво на материја.

Тие знаат само за материјата. Нивниот збор е како оној на демонот во Новиот Завет кога го прашале како се вика: „Ние сме легион“. Индивидуалноста, една од најголемите Божји дарови – мора да се скрши. Затвориле некого, затоа што го фатиле како ја чита книгата Индивидуална психологија од Алфред Адлер. Офицерот на тајната полиција викал: „А, индивидуална – секогаш индивидуална! Зошто не колективна?“.

Исус сака да сме личности. Затоа нема можност за компромис со комунистите. Комунистите тоа го знаат, во магазинот *Наука и религија*, напишаа: „Религијата е некомпатибилна

со комунизмот. Таа е непријател... Содржината на програмата на комунистичката партија е смртоносен удар за религијата... Тоа е програма за создавање атеистичко општество во коешто луѓето засекогаш ќе бидат ослободени од религиозните стеги".

Дали христијанството може да коегзистира со комунизмот? Вака одговараат комунистите на тоа прашање: „Комунистичката партија е смртоносен удар на религијата".

ГЛАВА 5

# Непобедливата широко раширена илегална црква

Илегалната црква работи во многу тешки услови. Атеизмот е државна религија во сите комунистички држави. На старите им даваат релативна слобода да веруваат, но децата и младите не смеат да веруваат. Сè во тие земји, исто како и во поробените земји, радиото, телевизијата, киното, театарот, печатот и издавачките куќи имаат за цел да го искоренат верувањето во Исус Христос.

Илегалната црква има многу малку средства за да се спротивстави на огромната сила на тоталитаристичките држави. Служителите на илегалната црква во Русија, немаат теолошко образование. Денес, има пастори во Кина кои никогаш не ја прочитале целата Библија.

Ќе ви кажам како биле ракополагани голем број пастори. Сретнавме еден млад Русин кој беше илегален свештеник. Го прашав, кој го ракоположи. Одговори: „Немавме вистински владика за да нè ракоположи. Официјалниот епископ не сакаше да ракоположи никого кој не е одобрен од комунистичката партија. Така, ние десет млади христијани отидовме на гробот на еден епископ кој умре како маченик. Двајца ставивме рака на надгробниот камен, а другите направија круг околу нас. Го замоливме Светиот Дух да нè ракоположи. Сигурни сме дека сме ракоположени од прободените раце на Исус“. За мене, ова ракополагање е валидно пред Бог.

Луѓе како овие кои никогаш немале теолошко образование и често, многу малку ја знаат Библијата (како и евангелистите во Бангладеш), ја продолжуваат работата на Христос.

Исто како и црквата во првите векови. Каква богословија имале оние кои го превртеа светот за Христос? Дали сите знаеле да читаат? И од каде нашле библии? Бог им зборувал.

Ние во илегалната црква немавме катедрали. Но, има ли поубава катедрала од синото небо во коешто гледавме кога се собиравме тајно по шумите? Пеењето на птиците ги замени оргулите. Мирисот на цвеќињата беше нашиот темјан. И изветвените алишта на мачениците, скоро отпуштени од затвор, беа многу поубави од најраскошните свештенички одежди. Месечината и ѕвездите ни беа свеќи. Ангелите беа епитропи.

Не можам да ја опишам убавината на оваа црква! Често, по илегалните богослуженија, христијаните беа фаќани и испраќани во затвор. Таму, носеа ланци со радост којашто ја има невестата кога ќе добие накит од својот младоженец. Водата во затворот е застојана. Тие го добија Неговиот бакнеж и Неговата прегратка и не би ги менувале ниту за кралство. Имам најдено навистина радосни христијани само во Библијата, во илегалната црква и во затвор.

Илегалната црква е потиснувана, но има и многу пријатели – дури и меѓу тајната полиција, дури и меѓу членовите на владата. Понекогаш тие тајни верници ја заштитуваат илегалната црква.

Во Советската империја, весниците се жалеа на зголемениот број „надворешно неверни“. Тие, како што објаснуваа весниците, се безброј мажи и жени кои работат во секој ешалон на комунистичката сила – во владата, во одделите за пропаганда, и насекаде – кои однадвор се комунисти, а одвнатре се тајни верници и членови на илегалната црква.

Весниците пишуваа сторија за една млада жена која работела во одделот за комунистичка пропаганда. По работата, заедно со својот сопруг собирале група млади луѓе од нивната зграда за тајно проучување на Библијата и молитва. Истото сè уште се случува насекаде низ светот. Постојат десетици илјадници такви „надворешно неверни“. Тие сметаат дека не е мудро да ги посетуваат црквите во коишто се служи само за

шоу, каде што само ќе бидат видени и ќе слушнат разводнети пораки. Наместо тоа, тие остануваат на позиција во власта и со одговорност со којашто можат тивко и ефективно да сведочат за Христос.

Верната илегална црква има илјадници верници на такви позиции. Се состануваат тајно по подруми, тавани, станови и полиња.

Во комунистичка Русија, веќе никој не се сеќаваше на расправиите за или против крштавање деца, или непогрешливоста на папата. Тие не беа пре или постмиленијалисти. Не можеа да ги протолкуваат пророштвата и не се караа за нив, туку се прашуваа колку често можат да им докажат на атеистите дека постои Бог.

Нивните одговори кон атеистите беа едноставни: „Ако некој те покани на гозба со секаков вид убава храна, дали ќе веруваш дека нема готвач кој ја подготвил? Но природата ни подготви гозба! Имате домати, и праски, и јаболка, и млеко, и мед. Кој ги подготвил сите тие за човештвото? Природата е слепа. Ако не веруваш во Бог, како можеш да објасниш дека слепата природа успеа да ги подготви сите тие работи што ни се потребни, и тоа толку многу и со таква разновидност?"

Докажуваа дека вечниот живот постои. Чув кога некој му велеше на атеист: „Да претпоставиме дека можеме да зборуваме со ембрион во утробата на мајката и да му кажеме дека животот на ембрионот е само една кратка фаза по којашто следува вистински, долг живот. Што ќе одговори ембрионот? Ќе го каже она што вие атеистите ни го кажувате нам, кога зборуваме за рајот и пеколот. Ќе каже дека животот во мајчината утроба е единствениот живот, а сè друго е религиозна глупост. Но, ако ембрионот може да мисли, ќе си рече: „Еве, ми растат раце, ама не ми требаат. Не можам ниту да ги испружам. Зошто ли ми растат? Веројатно има друг стадиум во мојот живот кога ќе можам да ги употребам. Ми растат нозе, а морам да ги држам свиткани до моите гради. Зошто ли ми растат? Веројатно следува живот во големиот свет што ќе дојде, кога ќе можам да одам. Ми растат очи иако сум опкружен со потполна темнина

и не ми требаат. Зошто ли имам очи? Веројатно има живот исполнет со светло и со бои, којшто ќе следува.

Така, ако ембрионот размисли за својот развиток, ќе знае за животот надвор од мајчината утроба и без да го види. Исто е и со нас. Кога сме млади имаме полет, но не и ум за да го искористиме умно. Кога со годините ќе се здобиеме со знаење и мудрост, тогаш погребната кочија ќе нè однесе во гроб. Зошто е потребно да растеме во знаење и мудрост ако не можеме повеќе да ги користиме? Зошто на ембрионот му растат раце, нозе и очи? За она што следува. Така е и со нас. Растеме во искуство, знаење и мудрост за она што следува. Се подготвуваме да служиме на повисоко ниво коешто следува по смртта".

За Исус, комунистите пишуваа дека Тој никогаш не постоел. Оние што служеа во илегалната црква, на ова одговараа со леснотија: „Каков весник имаш во џеб? Тоа е Правда од денес или од вчера? Дај да видам. Аха! 4 јануари 1964 година. 1964 година сметана од кога? Велиш дека Исус никогаш не постоел, а ги сметаш годините од Неговото раѓање. Времето постоеше и покрај Него. Но кога Тој дојде, за целото човештво изгледаше дека тоа беше напразно, а она вистинското започна токму тогаш. Твојот комунистички весник е доказ дека Исус не е измислен".

Пасторите на Запад, обично претпоставуваат дека оние кои им се во црква, се навистина убедени во главните вистини за христијанството, но не се. Ретко ќе чуете проповед којашто ја докажува вистината на верата. Но, зад Железната завеса, луѓе кои никогаш не научиле како да го сторат тоа, им даваат солидна основа на своите преобратеници, и тоа многу добра основа.

Нема јасна линија на поделба за да може да се каже каде завршува илегалната црква, а каде почнува регистрираната. Тие се испреплетени. Некои од пасторите во видливите цркви во поробените земји, имаат и паралелна служба далеку од органичувањата поставени од власта.

Регистрираната црква којашто соработува со комунистите, има долга историја. Таа започна веднаш по социјалистичката

револуција во Русија со „живата црква", водена од владика по име Сергеј. Еден од неговите соработници изјави: „Марксизмот е евангелие напишано со атеистички букви". Колку убава теологија.

Има многумина како Сергеј во секоја земја.

Во Унгарија, меѓу католиците, тоа беше отец Балог. Тој и неколку протестантски пастори им помогнаа на комунистите да дојдат на власт.

Во Романија, комунистите дојдоа на власт благодарејќи на православниот свештеник Бурдуцеа, поранешен фашист кој мораше да испашта на Црвените за гревовите во минатото, станувајќи поцрвен дури и од црвените. Овој свештеник стоеше до Вишински, советскиот државен секретар, и со насмевка на одобрување, при инсталирањето на новата комунистичка власт изјави: „Оваа власт ќе изгради рај на земјата, така што нема да ви треба рај на небото".

За оние како Николај од Русија, има записи дека биле информатори на власта. Мајор Дерјабин, поранешен агент на тајната полиција, посведочи дека Николај беше нивни агент.

Ваква беше ситуацијата во скоро сите деноминации. Водството на романските баптисти беше наметнато со сила, отфрлајќи ги вистинските христијани. Во Русија се случи истото. Претседателот на романските адвентисти Тачич, ми кажа дека бил информатор за тајната полиција од првиот ден на неговата функција.

Наместо да ги затворат сите цркви – иако затворија многу илјади – комунистите остроумно одлучија да дозволат неколку регистирани цркви да останат отворени за да ги искористат како прозорец низ којшто можат да ги набљудуваат, контролираат и на крајот да ги уништат христијаните и христијанството. Одлучија дека е подобро структурите на црквата да останат и да се претворат во алатка за контрола на христијаните, а и да ги лажат посетителите во нивните земји. Оваа ситуација постоеше во официјалната протестантска црква во Кина, во последниот век. Оваа „единствена легална" црква во Кина, претставува помалку од дваесет проценти од христијаните во Кина.

Во Романија, ми беше понудена таква црква, под услов јас како пастор да давам извештаи за моите членови на тајната полиција. Изгледа дека Западњаците, навикнати само на „црно и бело“, или вака или онака, не можат да го разберат ова. Но илегалната црква нема да ја прифати оваа мамка – контролирана црква во замена за ефективно евангелизирање „на секое создание“, вклучително и на младите.

Но, во официјалните цркви има вистински духовен живот, и покрај многу предавнички водачи. (Имам впечаток дека и на Запад, ситуацијата е слична. Конгрегацијата е верна понекогаш не поради, туку наспроти своето највисоко водство.)

Во Русија, православната литургија остана непроменета и ги хранеше срцата на членовите на оваа црква, иако проповедите им се умилкуваа на комунистите. Лутеранците, Презбитеријаните и протестантите ги пеат истите стари песни. И тогаш, дури и проповедите на информаторите мора да содржат нешто од Библијата. Луѓето во Кина, денес се преобраќаат под влијание на луѓето за кои знаат дека се предавници. Знаат дека ќе пренесат на тајната полиција за нивното преобраќање. Мора да ја кријат верата токму од оние кои таа вера и им ја дале со лошите проповеди. Ова е големо Божјо чудо цитирано во Левит 11:37, со симболичен јазик: „И ако нешто од нивната мрша падне на житното семе што ќе биде посеано, тоа останува чисто“.

За да бидам фер, треба да кажам дека не сите водачи на регистрираните цркви (дури и највисоките водачи) беа луѓе на комунистите.

Членовите на илегалната црква беа многу проминентни членови и во официјалните цркви, освен оние кои мораа да се кријат. И тие гледаат дека христијанството не е ’гола вода‘ туку вера којашто се бори. Кога полицијата дојде да го затвори манастирот во Владимирешти, и други такви во Романија и Русија, видоа мака. Некои комунисти платија со живот за злосторството, при обидот да ја забранат религијата.

Но, официјалните цркви ги имаше сѐ помалку и помалку. Се прашувам дали во целиот Советски Сојуз имаше пет или шест

илјади цркви. (Соединетите Американски Држави со ист број население, а имаат околу триста илјади цркви). И тие цркви обично беа само една мала собичка, а не црква каква што би се подразбрала на Запад. Западните посетители би ја виделе преполната протестантска црква во Москва (единствената во градот) и би кажале дека тука навистина има слобода. „Дури црквата е преполна" – радосно би заклучиле. Тие не ја гледаа трагедијата – една протестантска црква на седум милиони луѓе! А, дури и црквите како една соба не беа на растојание за коешто можеа да допатуваат осумдесет проценти од луѓето во Советскиот Сојуз. Ова мнозинство, или беа заборавени или беа досегнати со тајни методи на евангелизирање. Нема друг избор.

Колку повеќе комунизмот доминира во една земја толку повеќе црквата мора да дејствува во илегала.

На местото на затворените цркви се случуваа настани на антирелигиските организации.

## Како илегалната црква се „храни" од атеистичката литература

Илегалната црква знае како да ја употребува и атеистичката литература, хранејќи се од неа како Илија од гавраните. Атеистите вложија многу енергија и умешност во исмевањето на стиховите од Библијата.

Објавија книги под наслов „Комичната Библија" и „Библијата за верници и неверници". За да покажат колку е глупаво Светото Писмо, цитираа многу стихови од Библијата. Колку многу се радувавме за тоа! Тие беа печатени со милиони и беа полни со библиски стихови коишто беа неописливо убави дури и кога комунистите се исмеваа со нив. Самиот критицизам беше толку глупав, што никој не го земаше за сериозен. Во минатото, „еретиците" беа палени од инквизицијата, облечени во костуми со исцртани пламени јазици од пеколот и со ѓаволи. И какви светци беа тие еретици! На ист начин, и стиховите од Библијата остануваат вистинити дури и Ѓаволот ако ги цитира.

Комунистичките издавачки куќи беа многу радосни кога добиваа илјадници писма кои бараа одново да се печатат овие атеистички книги што содржат многу стихови од Библијата. Не знаеја дека овие писма доаѓаа од илегалната црква којашто немаше друга можност да стигне до Светото Писмо.

Знаевме добро да ги употребиме и атеистичките настани.

Некој професор по комунизам, на едно предавање тврдел дека Исус бил само обичен магионичар. Пред него имало еден бокал со вода. Ставил во бокалот некаков прав и водата станала црвена. „Ова е целото чудо" – објаснувал тој. „Исус имаше скриено во ракавот ваков прашок и потоа се преправаше дека ја претворил водата во вино на чудесен начин. Но јас можам да направам поголемо чудо од тоа на Исус, виното да го претворам повторно во вода". И ставил друг прашок во бокалот и тој се избистрил. Потоа друг прашок и тој станал повторно црвен.

Некој христијанин станал и рекол: „Нè зачудивте другар професор со тоа што можете да го направите. Би ве замолиле да направите уште нешто – напијте се една чаша од вашето вино!" Професорот одговорил: „Тоа не е можно. Овој прашок е отровен". Тогаш христијанинот одговорил: „Ова е целата разлика меѓу христијанинот, Вас и Исус. Тој со Неговото вино ни дава радост веќе две илјади години додека вие нè труете со вашето вино". Христијанинот завршил во затвор. Но веста за овој настан се рашири надалеку и мнозина зајакна во својата вера.

Ние сме слаби како Давид. Но сме појаки од Голијат на атеизмот, бидејќи Бог е на наша страна. Вистината ни припаѓа нам.

Еднаш некој комунист имал предавање за атеизмот. Сите работници во фабриката морале да присуствуваат. Меѓу нив имало многу христијани. Тие седеле тивко слушајќи ги сите аргументи против Бог и за глупоста да се верува во Христос. Предавачот се обидувал да докаже дека нема духовен свет, нема Бог, нема Христос, нема живот по смртта. Човекот е само материја и нема душа. Многупати повторил дека постои само материја.

Еден христијанин побарал глас. Му било дозволено. Тој го зел столот на расклопување и го треснал од земја. Подзастанал гледајќи го столот. Потоа дошол до говорникот и му врзал шамар. Тој многу се налутил. Лицето му поцрвенело од гнев. Запрашал: „Зошто ме удри? Која е причината?“

Христијанинот одговорил: „Само што докажа дека лажеш. Ти рече дека сè е материја... и ништо друго. Го фрлив столот. Тој навистина е материја. Тој не се налути. Тој е само материја. Материјата не се лути или гневи, но ти се налути. Затоа другар професор, ти си грешка. Човекот е повеќе од материја. Ние сме духовни битија!“

На безброј вакви начини, обичните христијани од илегалната црква ги порекнуваа атеистичките аргументации.

Во затвор, политичкиот комесар ме праша: „До кога ќе продолжиш со таа твоја глупава религија? Му одговорив: „Видов безброј атеисти кои на смртната постела зажалија дека беа без Бог и Го повикуваа Христос. Можеш ли да замислиш некој христијанин кога е близу до смртта, да зажали што бил христијанин и да го повика Маркс или Ленин за да го спаси од неговата вера? Комесарот одговори: „Мудар одговор“. Продолжив: „Кога некој инженер ќе изгради мост, фактот дека мачка може да помине преку мостот не е доказ за неговата издржливост. Фактот дека можеш да бидеш атеист кога сè оди на добро, не ја докажува вистината на атеизмот. Тоа се случува во моменти на тешка криза“. Употребив и книги од Ленин за да докажам дека дури и кога стана премиер на Советскиот Сојуз, самиот Ленин се молел кога работите оделе во погрешна насока.

Седевме мирно чекајќи го развојот на настаните. Комунистите беа оние кои не седат мирно и лансираа антирелигиозни кампањи. Со тоа, тие го потврдија свети Августин кој рекол: „Немирно е срцето додека не се смири во Тебе“.

## Зошто дури и комунистите можат да бидат придобиени?

Илегалната црква, ако е потпомогната од христијаните од слободниот свет, ќе ги освои срцата на комунистите и ќе го смени лицето на светот. Ќе ги освои тоа што комунизмот е неприроден за нив. Дури и кучето сака да има своја коска. Срцата на комунистите се бунат против улогата што мора да ја играат и во апсурдноста во којашто се присилени да веруваат.

Некои комунисти тврдеа дека „материјата е сè“ – дека сме една дланка хемикалии организирани на некој начин, и по смртта ние пак ќе бидеме соли и минерали. Тоа беше доволно да ги прашам: „Како тоа комунистите во толку земји го дадоа својот живот за она во што веруваат? Дали ова „дланка хемикалии“ има верување? Дали минералите можат да се жртвуваат за доброто на другите?“ На ова не можеа да одговорат.

Потоа, тука е прашањето за бруталноста. Луѓето не се создадени да бидат брутални и не можат долго да бидат такви. Видовме, по пропаѓањето на нацизмот, некои водачи извршија самоубиство додека други се покајаа и ги признаа злосторствата.

Огромната бројка пијанства во комунистичките земји го изразува копнежот кон живот со смисла, којшто комунизмот не го пружа. Просечниот Русин е длабоко дарежлив и со големо срце. Комунизмот е плиток и површен. Тој бара подлабок живот и кога нема каде да го најде, го бара во алкохолот. Во него тој покажува колкав е стравот од бруталноста и измамата на животот што мора да го живее. Алкохолот го ослободува на неколку моменти. Вистината доколку ја познава, може да го ослободи засекогаш.

Еднаш, за време на руската окупација (1947-1989) во Букурешт, добив неодолив повик да влезам во една кафеана. Ја зедов и жена ми со мене. Кога влеговме, видов како еден капетан со вперен пиштол се заканува барајќи уште алкохол. Не му даваа бидејќи веќе беше доста пијан. Луѓето беа во паника. Отидов кај сопственикот кој ме познаваше, и го замолив да му даде уште вино на капетанот, ветувајќи дека ќе седнам

до него и ќе се погрижам да го смирам. Шише по шише, доаѓаа шишињата на нашата маса. На масата имаше три чаши. Капетанот љубезно ги полнеше сите три... и сите три ги испиваше. Јас и жена ми не пиевме. Иако беше многу пијан, умот му работеше. Беше навикнат на алкохол. Му зборував за Христос, а тој слушаше со неочекувано внимание.

Кога завршив, тој рече: „Сега кога ми кажа кој си ти, ќе ти кажам кој сум јас. Јас сум православен свештеник кој беше меѓу првите кои се откажаа од својата вера кога почна големото прогонство под Сталин. Одев од село во село и држев предавања дека нема Бог и дека како свештеник, ги лажев. ‘Јас сум лажов и сите свештеници се исти такви’ – им велев. Многу ме ценеа за овој жар и така станав офицер на тајната полиција. Мојата казна од Бог е што со оваа рака морав да убијам христијани откако претходно ги мачев. И сега пијам ли пијам за да заборавам што направив. Но не ми успева“.

Многу комунисти извршуваат самоубиство. Како и нивните големи поети Есенин и Мајаковски. И нивните големи писатели како Фадеев. Тој само што завршил со пишување на романот „Среќа“ во којшто објаснува дека среќата се состои во неуморна работа за комунизмот. Беше толку среќен што на крајот се самоуби. Беше претешко за неговата душа да ја носи таа лага. Јофе и Томкин, големите комунистички водачи и борци за комунизмот во времето на Царска Русија, не можеа да го издржат комунизмот во реалноста. И тие извршија самоубиство.

Комунистите се несреќни. Несреќни се дури и големите диктатори. Колку само беше несреќен Сталин! Откако ги уби скоро сите свои стари другари, живееше во постојан страв дека и самиот ќе биде отруен или убиен. Имаше осум соби во коишто можеше да се заклучи како во банкарски сеф. Никој не знаеше, која ноќ во која од нив спие тој. Никогаш не јадеше додека готвачот прв не проба од храната и тоа во негово присуство. Комунизмот никого не усреќува, дури ниту своите диктатори. Ним им е потребен Христос.

Со преобраќање на оние кои ги прогонуваат христијаните, ние не само што ќе ги ослободиме нивните жртви туку и самите прогонувачи.

Илегалната црква ја исполнува најдлабоката потреба на поробените луѓе во поробените земји. Помогнете ѝ!

***

Главната карактеристика на илегалната црква е искрената вера.

Еден свештеник со псевдоним „Георги“, во својата книга „Божјото подземје“ ни кажува за следниов настан:

Некој руски офицер отишол кај еден проповедник во Унгарија и побарал да се видат насамо. Младиот капетан бил многу дрзок и свесен за својата улога како освојувач. Кога го однел во една мала соба за состаноци, климнал со главата кон крстот што висел на ѕидот.

„Знаеш дека тоа е лага“ – му рекол на проповедникот. „Тоа е само дел од измамата којашто вие свештениците ја користите за да ги заблудите сиромасите и да ги направите такви за да можат богатите да ги држат во незнаење. Ајде, сега сме сами, признај ми дека никогаш не си верувал дека Исус Христос е Божји Син!“

Проповедникот се насмеал. „Мој беден младичу, се разбира дека верувам. Тоа е вистина!“

„Нема да ти дозволам да си играш со мене!“ – извикал капетанот. „Ова е сериозно, немој да ми се смееш!“

Го извадил својот револвер и го вперил кон проповедникот.

„Ако не ми признаш дека е лага, ќе пукам!“

„Не можам така да кажам бидејќи нема да биде вистина. Нашиот Господ навистина е Божји Син“ – одговорил проповедникот.

Капетанот го фрлил револверот на подот и го гушнал Божјиот човек. Почнале да му навират солзи.

„Тоа е вистина!“ – извикал. „Вистина е! И јас верувам, но не бев сигурен дека некој е подготвен да умре за тоа додека

самиот не се уверив. Ти благодарам! Ја зајакна мојата вера. Сега и јас можам да умрам за Христос. Ми покажа како“.

Знам и други такви примери. Кога Русија ја окупира Романија, двајца вооружени војници влегле во една црква со вперено оружје. Извикале: „Не веруваме во вашата вера. Оние кои нема веднаш да заминат ќе бидат стрелани на самото место! Оние кои ќе ја оставаат вашата вера, отидете на десно!“ Некои излегоа на десно и беа избркани од црквата. Тие побегнаа за да го спасат својот живот. Кога Русите биле со останатите христијани, почнале да ги гушкаат и да им кажуваат: „И ние сме христијани, но сакаме да имаме заедништво само со оние кои се спремни да умрат за Него.“

Такви луѓе се бореа за Евангелието и сѐ уште се борат во комунистичките држави во Југоисточна Азија. И тие не се борат само за Евангелието – тие се борат за слобода.

Во домовите на западните христијани со часови се слуша световна музика. И кај нас се слуша гласна музика, но само за да ги прикрие разговорите за Евангелието и работата во тајност, за соседите да не можат да начујат и да пренесат на тајната полиција.

Како христијаните во тајност се радуваат на оние ретки можности кога ќе сретнат сериозни христијани од Западот!

Оној кој ги пишува овие редови е само еден незначаен човек. Но, јас сум глас на безгласните, од оние кои се замолкнувани и никогаш не биле претставени на Запад. Во нивно име барам сериозност во верата, во справување со проблемите на христијанството. Во нивно име молам за вашите молитви и практична помош за верните од илегалната црква, кои денес страдаат во комунистичките земји и другите поробени народи.

***

Ќе ги придобиеме комунистите. Прво, затоа што Бог е на наша страна. Второ, бидејќи нашата порака соодветствува на најдлабоките потреби на срцето.

Комунистите кои биле во нацистички затвори признаваа дека се молеле во тешки моменти. Видов и комунистички офицер како умира со зборовите „Исус, Исус" на усните.

Ќе победиме, бидејќи целосното културно наследство на нашиот народ е на наша страна. Русите можат да ги забранат сите пишувања на модерните христијани. Но, тука се книгите на Толстој и Достоевски, и луѓето тука можат да ја најдат Христовата светлина. Така е и со Гете во Источна Германија, Сиенкеевич во Полска и други. Најголемиот романски писател е Садовеану. Комунистите ја објавија неговата книга „Животот на светиите" под наслов „Легендите за светиите". Но дури и со овој наслов, животот на светците сѐ уште инспирира.

Не можат да ги исклучат делата на Рафаел, Микеланџело и Леонардо да Винчи од историјата на уметноста. Овие слики зборуваат за Христос.

Кога зборувам за Христос со комунистите, најголемата потреба во нивниот живот е мој сојузник. Најголемата тешкотија за нив е да одговорат на моите аргументи. Нивната најголема тешкотија е да го стишаат гласот на својата совест, што е на моја страна.

Лично, познавам професори по марксизам кои пред да имаат атеистичко предавање, се молат на Бог за да им помогне со предавањето! Познавам комунисти кои одеа далеку на тајни богослужби. Кога ќе ги откриеја, тие негираа дека одат во илегална црква. Потоа плачеа, затоа што немаа храброст да застанат зад својата вера којашто ги натера да одат. И тие се само луѓе.

Кога некој ќе дојдеше до некоја вера – па дури и примитивна – таа растеше и се развиваше. Сигурни сме дека таа ќе победи, бидејќи ние од илегалната црква имаме видено многупати како таа освојува.

Христос ги сака комунистите и другите „непријатели на верата". Тие можат и мораат да се придобијат за Христос. Кој сака да го задоволи копнежот на своето срце за Исус и за спасението на душите на целото човештво, треба да опстане во илегалната црква и во нејзината работа. Исус рече: „Научете

ги сите народи". Никогаш не рече дека за тоа ни треба дозвола од власта за да евангелизираме. Верноста кон Бог и Големото пратеништво, нѐ тера да посегнеме зад границите до луѓето во рестриктивните земји.

Можеме да ги досегнеме преку црквата во тајност којашто веќе е таму!

## Компонентите на илегалната црква

Три групи ја сочинуваат илегалната црква. Првата група се илјадниците поранешни пастори и проповедници кои биле отстранети од своите цркви и од нивната паства, затоа што не сакале да го компромитираат Евангелието. Многу од нив биле затворани и мачени за нивната вера. Откако биле пуштани, веднаш се враќале во служба, но овој пат ефективно служејќи во илегалната црква. Иако комунистите или некој друг вид власт ги затвориле нивните цркви или биле заменети со „мошне погодни", овие пастори ја продолжија службата поефикасно служејќи на тајните средби во амбари, покриви, подруми и навечер по полињата – или на други места каде што верниците тајно се собираа. Овие луѓе се „живи маченици" кои не престануваат со својата служба, ризикувајќи повторно затворање и повеќе мачење.

Вториот дел од илегалната црква е големата армија на посветени лаици. Еден од пет луѓе живее во комунистичка Кина, каде што илјадници лаички проповедници евангелизираат без „дозвола". Прогонот секогаш произведува подобри христијани – христијани кои сведочат, кои придобиваат души за Христос. Комунистичкиот прогон даде сериозни, посветени христијани какви што се ретки во слободните земји. Тие не можат да разберат како некој може да биде христијанин, а да не сака да ја придобие секоја душа што ќе ја сретне.

Црвена ѕвезда, весникот на Советската армија, ги нападна руските христијани, велејќи: „Следбениците на Христос сакаат секого да го ставаат во своите алчни канџи". Но нивните светли христијански животи ги придобија љубовта и почитта на своите

соселани и соседи. Во секое село или град, христијаните беа најсаканите и најпосакуваните соседи. Кога некоја мајка беше премногу болна за да се грижи за своите деца, некоја христијанка ќе дојдеше и ќе се погрижеше за нив. Кога некој човек беше премногу болен за да цепи дрва, некој христијанин ќе му помогнеше. Тие го живееја своето христијанство, и кога сведочеа за Христос, луѓето ги слушаа и поверуваа – бидејќи Го видоа Христос во нивните животи. Бидејќи никој освен лиценциран проповедник не можеше да зборува во регистираните цркви, милиони посветени христијани полни со жар, во секој агол на комунистичкиот свет придобиваа души, сведочеа и служеа по пазарите, на изворите сред село и секаде каде што одеа. Комунистичките весници признаа дека христијаните-месари, ставаа евангелски трактати во хартијата со којашто го виткаа месото. Весниците признаа дека христијаните кои работеа во издавачките куќи, преку ноќ одеа на работа, ја пуштаа печатницата и печатеа неколку илјади христијански трактати, и заминуваа пред да изгрее сонцето. Весниците исто признаа дека децата во Москва добиваа Евангелија што ги препишуваа на рака. Потоа ги ставаа во џебовите на мантилите на нивните учители додека висеа во шкафовите. Големиот број лаици претставуваат многу силна ефективна мисионерска сила којашто веќе постои во секоја комунистичка земја.

Овие милиони посветени, вистински христијани полни со жар, во црквите се исчистени од огнот на прогонството за коешто комунистите се надеваа дека ќе ги уништи.

Во комунистичка Куба се појавија илјадници домашни цркви, и покрај притисокот од власта. Екуменскиот Совет на Куба се состои главно од марксистички водачи на црквата.

Третиот витален дел од илегалната црква е големиот број верни пастори од регистрираните, но брутално замолчени „цркви“. Илегалната црква не е нешто што е целосно одвоено од регистрираните цркви. За време на владеењето на комунизмот во Полска, Унгарија и бивша Југославија, многу од пасторите од регистрираните цркви работеа тајно и во илегалната црква. Во некои земји, овие две се испреплетуваат дури и денес. На

овие пастори не им е дозволено да говорат за Христос, надвор од нивните малечки цркви коишто се собираат во една соба. Не им е дозволено да имаат детски и младински поуки. Оние што не се христијани се плашат да дојдат. На пасторите не им е дозволено да се молат за болните членови во нивниот дом. Од сите страни се ограничени со комунистички закони што ги прават нивните „цркви“ сосема безначајни.

Мошне често, пасторите, соочени со контролата којашто се исмева со „слободата на вероисповест“, храбро ја ризикуваат својата слобода со тоа што одржуваат паралелна служба во тајност што ги надминува ограничувањата на власта. Тие тајно им служат на деца и млади. На Блискиот Исток, Северна Африка и Азија, тие тајно евангелизираат во домовите на христијаните и по подрумите. Тајно добиваат и дистрибуираат христијанска литература на гладните души. Ја ризикуваат својата слобода, што во тајност ги игнорираат официјалните ограничувања и им служат на гладните души околу нив. На изглед понизни и покорни, ги ризикуваат своите животи за да го распространат Словото Божјо. Во бившиот Советски Сојуз, многу од нив беа откриени и уапсени и добија повеќегодишни затворски казни.

Многумина се апсат и денес. Тие се витален дел од илегалната црква во земјите со ограничен пристап.

Бивши проповедници кои биле истерани од црквите и прогонети од власта, лаици и пастори на регистрираните цркви, кои тајно прават повеќе од што им е дозволено – сите овие работат во илегалната или нерегистрирана црква. И илегалната црква ќе трае сѐ додека комунизмот и другите тирании не се поразени. Во некои земји, едниот дел е поактивен од другиот, но сите се тука, работат за Христос и покрај големиот ризик.

Некој човек кој многу патувал по комунистичките земји и е многу заинтересиран за прашањата за религијата, се вратил и напишал дека не сретнал ниту една од илегалните цркви.

Тоа е како да патуваш во Централна Африка меѓу неписмените племиња и да се вратиш и да кажеш: „Многу истражував, и прашував дали зборуваат во проза. Сите тие

одговараа дека не зборуваат во проза". Вистината е дека тие сите зборуваат во проза, само не го знаат тоа.

Христијаните од првите декади не ни знаеја дека се христијани. Ако си ги прашал за нивната религија, ќе ти одговореле дека се Евреи, Израилци, верници во Исус Месијата, браќа, светии, божји деца. Името христијани им беше дадено многу подоцна, во Антиохија.

Никој од следбениците на Лутер не знаел дека е лутеран. Лутер многу протестираше против тоа име.

„Илегалната црква" е име дадено од комунистите, како и од Западните истражувачи кои ја опишуваат религиозната состојба на Истокот, за да ја опишат тајната организација што спонтано се создаде во сите комунистички земји. Членовите на илегалната црква не ја нарекуваат својата организација со тоа име. Тие се нарекуваат христијани, верници, деца божји. Но, тие вршат служби во тајност, се среќаваат во тајност, го шират евангелието на тајни средби, посетени понекогаш од странци кои тврдат дека никогаш не ја виделе илегалната црква. Тоа е прикладно име, дадено од нејзините непријатели и оние кои однадвор гледаат со симпатии кон оваа прекрасна тајна организација.

Можеш да патуваш со години на Запад и никогаш да не се сретнеш со некоја меѓународна шпионска мрежа, што не значи дека оваа мрежа не постои. Тие не се толку глупави да им се покажуваат на љубопитните туристи.

Во следната глава, ќе цитирам некои написи објавени пред неколку декади од советскиот печат, докажувајќи ја растечката важност на храбрата црква во тајност.

ГЛАВА 6

# Како христијанството го поразува комунизмот

Ви кажував од лично искуство за тајното ширење на Христовата порака меѓу Советската армија и во комунистичка Романија. Ви се обраќам вам за да помогнете во проповедањето на Христос, на комунистите и на луѓето кои тие ги угнетуваат. Дали предизвикот што ви го давам е „премногу визионерски“ или „неостварлив“? Дали е реален?

Дали илегалната црква сега постои во комунистичка Азија и во другите поробени земји? Дали илегалната работа таму сè уште е можна?

На овие прашања можеме да одговориме со многу добри вести.

Комунистите прославуваат повеќе од половина век владеење. Но нивната победа е пораз. Христијанството победи, а не комунизмот. Рускиот печат когошто нашата организација детално го истражува, е исполнет со негативна пропаганда за илегалната црква. Руската илегална црква стана толку силна, што започна да дејствува полујавно преплашувајќи ги комунистите. Сега, сегашното водство на поранешниот Советски Сојуз ги потврдува извештаите на комунистичкиот печат.

Запомнете, денес, илегалната црква во светот е како санта мраз. Поголемиот дел е под површината, а само мал дел работи во јавност.

На следниве страници подготвив краток преглед на некои од нејзините победи во дваесеттиот век.

## Врвот на сантата

На 7 ноември 1966 година во Сухуми (Кавказ), илегалната црква одржа голем настан под отворено небо. Многу верни дојдоа од другите градови за да присуствуваат на оваа средба. По повикот за покајание, четириесет и седум млади луѓе Го прифатија Христос и беа крстени на самото место, во Црното Море како во библиските времиња.

По децении комунистичка диктатура, без библии и други христијански книги и без богословија, служителите на илегалната црква не се обучени теолози. Ниту пак, беше ѓаконот Филип. Сепак евнухот со кого зборуваше можеби само еден час, го праша: „'Еве вода! Што ми пречи да се крстам?', а Филип рече: 'Ако веруваш од сесрце – можеш.' Тој одговори и рече: 'Верувам дека Исус Христос е Божји Син.' И заповеда да застане колата, и двајцата – Филип и Етиопјанецот – слегоа во водата. И го крсти" (Дела 8:36-38).

Имаше доволно вода во Црното море и илегалната црква дејствуваше според практиката од библиско време. Денес, иако комунистичката партија не владее во Русија, христијаните во неколку од бившите Советски републики се соочуваат со прогонство.

„Учитељскаја газета" на 23 август 1966 година, напиша дека демонстрациите на улиците на Ростов на Дон беа организирани од страна на баптистите кои одбија да ја регистрираат својата заедница и да им се потчинат на таканаречените „водачи", назначени од страна на комунистите.

Ова се случи на Први мај. Како што Исус правеше чуда во сабота за да им пркоси на фарисеите, илегалната црква понекогаш користеше комунистички празници за да ги победи комунистичките закони. На Први мај, комунистите ги одржуваат најголемите демонстрации на коишто секој е принуден да присуствува. Но на овој ден, втората голема сила во Русија – илегалната црква, исто така се појави на улиците.

Дојдоа илјада и петстотини верници. Она што ги натера беше љубовта кон Бог. Знаеја дека ја ризикуваат својата слобода, и дека во затвор ги чека мачење и глад.

Секој верник во Русија го знаеше „Тајниот манифест" печатен од евангелските христијани во Барнаул, којшто опишува како сестра Хмара од селото Кулунда, добила вест дека нејзиниот сопруг починал во затвор. Остана вдовица со четири мали деца. Кога го доби телото на покојниот сопруг, можеше да ги види трагите од прангите на рацете. Дланките, прстите и стапалата беа ужасно изгорени. Во долниот дел на стомакот имаше траги од нож. Левата нога беше потечена. На двете нозе имаше траги од тепање. Имаше рани по целото тело од ужасно мачење.

Секој верник кој присуствуваше на јавните демонстрации на Ростов на Дон, знаеше дека ова може да биде негова судбина. Сепак дојде.

Но тие исто така знаеја дека овој маченик кој го даде животот за Бог, само три месеца по преобраќањето, беше погребан пред големиот број верници кои имаа плакати со следниве натписи:

> „Зашто за мене животот е Христос, а умирањето – придобивка" (Филипјаните 1:21).

> „И не бојте се од оние кои го убиваат телото, душата не можат да ја убијат. Туку бојте се повеќе од Оној Кој може да ги погуби и душата и телото во пеколот" (Матеј 10:28).

> „Ги видов под жртвеникот душите на заклаќите заради Божјото" (Откровение 6:9).

Примерот на овој маченик ги инспирира оние во Ростов на Дон. Тие се собраа околу малата куќа. Луѓето беа насекаде – некои на околните покриви, а други, качени на дрва како Закхеј. Беа преобратени осумдесет луѓе од кои повеќето младинци. Од овие, дваесет и тројца беа поранешни комсомолци! (членови на Комунистичката младина).

Христијаните го поминаа целиот град, одејќи кон реката Дон каде што новите верници се крстеа.

Набргу стигнаа полициски возила. Полицајците ги опколија верниците на брегот, чекајќи да го уапсат оној кој е главен (Не можеа да ги затворат сите илјада и петстотини). Верниците веднаш паднаа на колена и во горлива молитва побараа Бог да ги заштити Своите луѓе и да им дозволи да имаат богослужба тој ден. Тогаш браќата и сестрите, рамо до рамо, ги опколија браќата кои ја водеа службата, во надеж дека ќе ги спречат полицајците да ги уапсат. Ситуацијата стана мошне напната.

„Улитељскаја газета" објави дека „илегалната" баптистичка организација во Ростов има илегална печатница. (Во Русија, под баптисти ги подразбираа и евангелистите и пентекосталците). Во тие илегални публикации, младите се повикуваат да застанат во одбрана на својата вера, а родителите христијани да го сторат она, што и јас мислам дека е добро: „Да ги носат децата на погреби за да научат да не се плашат од минливите нешта". Родителите се охрабруваа да им дадат христијанско образование како противтежа на атеизмот со којшто беа труени на училиште.

Весникот го заврши написот прашувајќи: „Зошто учителите се мешаат во животите на семејствата во коишто децата се идиотизирани (со религијата)?"

Оваа „Улитељскаја газета" исто така опишува што се случи на судењето на служителите кои тајно крштаваа: „Младите верници повикани како сведоци, гледаа со „пркос" и презир кон комунистичкиот суд. Тие се однесуваа луто и фанатично. Младите девојки кои беа во публиката, гледаа со восхит на обвинетите и со неодобрување кон атеистичката јавност."

Членовите на илегалната црква во Русија, ризикуваа да бидат натепани и затворени кога бараа повеќе слобода, и тоа пред седиштата на комунистичката партија во Русија.

Имаме документ којшто беше пренесен на Запад по тајни канали. Документот беше од „легалниот" комитет на Евангелско-баптистичките цркви во Советскиот Сојуз (спротивно на Баптистичкиот сојуз, контролиран од комунистите

и воден од предавникот Карев кој го славеше хуманизмот на комунистичките масовни убијци и кој ја воздигнуваше „слободата“ што владеела таму).

Овој таен документ кажува за една друга херојска демонстрација, овојпат во самата Москва.

Преведувам од овој Манифест:

Итна комуникација.

Возљубени браќа и сестри, Благослов и мир од Бог – нашиот Татко и нашиот Господ Исус Христос. Итаме да ви соопштиме дека делегатите на црквите на евангелските христијани – баптисти, вкупно на број петстотини, кои отпатуваа во Москва на 16 мај 1966 година за да интервенираат пред централните органи на моќ, отидоа во зградата на Централниот комитет на Комунистичката партија на Советот на Социјалистичките Советски Републики, со барање да бидат примени и сослушани.

Доставивме петиција, адресирана до генералниот секретар Брежњев.

Понатаму, Манифестот вели дека тие петстотини луѓе стоеја пред зградата цел ден. Тоа беше првиот јавен протест против комунизмот во Москва. И тој беше составен од делегација на илегалната црква. На крајот на денот, предадоа втора петиција адресирана до Брежњев, во којашто се жалат дека извесен „другар“ Строганов, одбил да го пренесе нивното барање до Брежњев и им се заканувал.

Петстотините делегати останаа на улица цела ноќ, и покрај дождот. Иако беа вербално напаѓани и прскани од колите што поминуваа покрај нив, тие останаа до утрото пред зградата на комунистичката партија!

Следниот ден беше предложено петстотините браќа да влезат внатре за да се сретнат со некој понизок офицер. Но, „знаејќи дека верниците кои ги посетиле властите, често

пати беа претепувани кога влегуваа во згради каде што нема сведоци, одбија едногласно и продолжија да бараат да бидат примени од Брежњев".

Тогаш се случи неизбежното.

Во 13 часот и 45 минути, дојдоа дваесет и осум автобуси и започна бруталната репресија кон верниците. „Направивме прстен и држејќи се за раце, ја пеевме песната: 'Најдобрите денови на нашиот живот се деновите кога можеме да го носиме крстот'. Луѓето од тајната полиција почнаа да нè тепаат, и млади и стари. Оттргнуваа некого од кругот и го тепаа по лице и по глава, а потоа ги фрлаа на асфалтот. Некои ги влечеа за коса до автобусите. Кога некој ќе се обидеше да замине, го тепаа до бессознание. Откако ги наполнија автобусите со верници, полицијата ги однесе на непознато место. Песните на нашите браќа и сестри се слушаа од автобусите. Сето ова се случи пред очите на многуброен народ".

А сега следува нешто поубаво. Откако петстотините беа затворени и мачени, братот Г. Винс и друг водач, братот Хорев (вистински пастор на стадото Божјо) сè уште имаа храброст да отидат до истиот Централен комитет на Комунистичката партија – како што по апсењето на Јован Крстител, Исус почна јавно да проповеда на истите места и со истите зборови за коишто Јован Крстител пострада: „Покајте се, зашто царството небесно се приближи!" (Матеј 4:17).

Винс и Хореј прашаа каде е уапсената делегација и бараа нивно пуштање. Овие двајца браќа едноставно исчезнаа. Подоцна, се слушна вест дека тие се во затворот Лефторовскаја.

Дали овие христијани од илегалната црква беа уплашени? – Не! Други повторно ја ризикуваа својата слобода, објавувајќи го Манифестот којшто е пред нас, раскажувајќи за тоа што се случи, велејќи: „Зашто вам ви се даде милост заради Христа, не само да верувате во Него туку и да страдате заради Него" (Филипјаните 1:29). Тие ги воздигаа браќата „за да не се поколеба никој во овие маки; зашто и самите знаете дека за тоа сме определени" (1 Солуњаните 3:3). Исто така цитираа и Евреите 12:2 и ги повикаа „гледајќи во Исуса, Почетникот

и Исполнителот на нашата вера, Кој поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот презирајќи го срамот“.

Илегалната црква отворено се спротивставуваше на труењето со атеизам на младите во Ростов и во Москва и низ цела Русија. Тие се бореа против комунистичкиот отров и против предавничките водачи на официјалните цркви, за кои напишаа во тајниот манифест: „Во нашите денови, Сатаната диктира и 'црквата' ги прифаќа сите одлуки коишто се спротивни на Божјите заповеди“ (цитирано од „Правда Украини“ од 4 октомври 1966).

„Правда Вастока“ ги објави стенограмите од судскиот процес против браќата Алексеј Неверов, Борис Гармашов и Аксен Зубов кои организираа групи да слушаат евангелски емисии, емитувани од Америка. Тие ги снимаа овие пораки на касети коишто подоцна ги разменуваа.

Ги обвинуваа и за организирање тајни средби под закрилата на „екскурзии“ и „уметнички кружоци“. Така, илегалната црква работеше како и раната црква во катакомбите во Рим.

„Советска Молдовија“ на 15 септември 1966 година пишува дека илегалната црква размножува трактати на шапирограф. Се собираат на јавни места, иако беше забрането со закон, и одат од место во место за да сведочат за Христос.

Истиот весник пишува дека во возот од Рени до Кишињев, тројца младичи и четири девојки ја пееја христијанската песна „Да ја посветиме нашата младост на Христос“. Репортерот призна дека е револтиран, бидејќи верниците проповедаа „по улици, на станици, во возови, автобуси, па дури и во државните институции“. Ова беше работата на илегалната црква во Русија, во комунистичко време.

Кога на судењето на овие христијани беше изречена казна за пеење христијански песни во јавност, обвинетите паднаа на колена и рекоа: „Се предаваме во Божјите раце. Ти благодариме Тебе Боже што ни дозволи да страдаме за верата“. Потоа публиката, водена од „фанатичниот“ Мадан, ја пееја во судот

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 100 11/27/2012 8:55:21 AM

токму песната за којашто нивните браќа беа осудени на затвор и на мачење.

На Први мај, христијаните од селата Копкеаг и Захаровка, бидејќи немаа цркви, организираа тајна богослужба во шумата. Исто така, организираа и средби под изговор дека станува збор за роденденски забави. (Многу христијански семејства со по четири или пет члена, имаа триесет и пет „родендени“ како покритие за тајните средби.)

Ниту затворот ниту мачењето не може да ги уплаши христијаните од илегалната црква. Исто како и во раната црква, прогонството само ја продлабочува нивната посветеност.

„Правда Украини“ на 4 октомври 1966 година пишуваше за братот Прокофјев – еден од водачите на руската илегална црква – дека тој веќе трипати бил во затвор, но веднаш штом ќе го пуштат, тој организира неделни училишта и повторно е уапсен. Тој напиша во тајниот манифест: „Со потчинувањето на човечките (комунистичките) закони, официјалната црква се лиши самата себеси од Божјите благослови“.

Кога слушаш дека некој брат е затворен во рестриктивните земји, немој да си замислуваш затвор како на Запад. Таму затворот значи глад, мачење и ’перење‘ на мозокот.

„Наука и Религија“ број 9 од 1966 година, известува дека христијаните шират евангелска литература во кориците на списанието „Агањок“. Исто така делат книги што имаат корици на „Ана Каренина“, а внатре има делови од Библијата.

Понатаму, верниците јавно пеат христијански песни. На музиката на Интернационалата, тие пеат песна којашто Го прославува Христос („Казакстанскаја Правда“, 30 јуни 1966 година.)

Во едно тајно писмо објавено во Кулунда (Сибир), христијаните велат дека официјалните „баптистички“ водачи ја уништуваат црквата и вистинските служители, на ист начин како и првосвештениците, книжниците и фарисеите Го предадоа Исус Христос на Пилат“. Но, илегалната црква продолжува со работа!

„Бакински Рабочи“, на 27 април 1966 година репродуцира писмо од Тања Циугунова (член на Комунистичката младина) која беше придобиена за Христос. Писмото беше запленето од властите:

> „Драга тета Надја, ти испраќам благослови од нашиот сакан Господ. Тета Надја, колку многу Тој ме љуби! Ние не сме ништо пред Него. Тета Надја, верувам дека ги разбираш овие зборови: ‚Љуби ги твоите непријатели, благословувај ги кога те преколнуваат, прави им добро на оние кои те мразат и моли се за оние кои ве гонат‘“.

Откако го запленија писмото, Петар Серебреников, братот кој ја доведе неа и многу други млади комунисти до Христос, беше испратен во затвор. Весниците пренесоа цитати од неговата проповед: „Мора да веруваме во нашиот Спасител како и првите христијани. За нас основен закон е Библијата. Не признаваме друг. Мора да побрзаме да ги спасиме сите луѓе од гревот, особено младите“. Весникот нагласи дека Советскиот закон им забранува да им се зборува за Христос додавајќи: „За нас основен закон е Библијата“ – многу нормален одговор кога зли атеисти владеат со една земја.

Весниците потоа дадоа и опис на оваа „дивјачка“ слика: „Млади момчиња и девојки пеат духовни песни. Го примаат ритуалот на крштевањето, и го држат тоа зло и предавничко учење за љубов кон непријателите“. Написот исто така истакна дека многу младинци и девојки кои се членови на Комунистичката младина, се всушност христијани! Завршува со зборовите: „Колку бессилно мора да е училиштето, колку здодевно и без светло..., па така пасторите можат да ги оттргнат нивните ученици од пред нос на незаинтересираните наставници“.

Во „Казакстанскаја Правда“ на 30 јуни 1966 година, пишува дека комунистите го изразиле својот ужас кога откриле дека ученикот со најдобри оценки е христијанин!

„Киргизкаја Правда“ на 17 јануари 1966 година, цитира еден илегален леток упатен кон мајките: „Ајде да ги здружиме нашите напори и молитви, да ги посветиме на Бог животите на нашите деца од времето кога се во лулката!... Да ги спасиме нашите деца од влијанието на светот“.

Овие напори беа успешни. Весниците сведочат за фактот дека христијанството напредува меѓу младите!

Еден весник од Целиабинск опиша како една девојка, Нина (комсомолец), станала христијанка кога присуствувала на тајна христијанска средба.

„Советскаја Јустиција“ број 9 од 1966 година, опишува едно такво тајно собирање: „Се одржува на полноќ. Скриени, уплашени дури и од сопствената сенка, доаѓаа луѓе од различни краеви. Браќата ја исполнија темната соба со многу низок таван. Беа толку многу, што немаше место за клечење. Поради недостиг на воздух, примитивните лампи на гас се гаснеа. Пот течеше од лицата на присутните. На улицата, еден од служителите на Господ гледаше да не дојде полиција“. Нина кажа дека на еден таков собир беше примена со прегратки, топлина и грижа. „Тие имаат, како што и јас имам сега, голема вера којашто просветлува – вера во Бог. Тој нè става под своја закрила. Комсомолците кои ме познаваат, нека поминат покрај мене и нека не ме поздравуваат! Нека ме гледаат со презир и нека ме наречат „баптист“! Нека прават така, не ми се веќе потребни“.

Така, многу други млади комунисти како неа, донесоа одлука да Го следат Христос до крај.

„Казакстанскаја Правда“ од 18 август 1967 година го опишува судењето на браќата Класен, Бондар и Телегин. Не кажува какви казни добиле, но беше објавено нивното злодело – поучуваа деца за Христос.

„Советскаја Киргизија“ од 15 јуни 1967 година се пожали дека христијаните „провоцираат примена на административни мерки против себе“. Така невината комунистичка власт, постојано провоцирана од самите христијани да ги апси, затворија друга група христијани кои не се задоволни што

се слободни. Нивното злодело беше поседување нелегална печатарска машина со петнаесет хектографи и шест машини за укоричување, користени за печатење христијанска литература.

Правда од 21 февруари 1967 година, пишува за илјадници жени и девојки кои се откриени со појаси и панделки на коишто има испечатено библиски стихови и молитви. Властите со истрагата открија дека зачетник на оваа мода што ја предлагам и на Запад, беа никој друг туку христијаните во полицијата – браќата Стасиук и Лиуберц. Весникот го објави нивното апсење.

Одговорите што христијаните од илегалната црква ги даваа пред судот се божествено вдахновени. Еден судија прашал: „Зошто привлекувате луѓе во вашата забранета секта?“ Една христијанка одговорила: „Наша цел е да го придобиеме целиот свет за Христос“.

„Вашата религија е ненаучна“ – се потсмевал судијата со една девојка, на што обвинетата одговорила: „Дали вие знаете повеќе за науката од Ајнштајн? Повеќе од Њутн? Тие биле верници. Нашиот универзум го носи неговото име. Во средно училиште научив дека се вика Ајнштајнов универзум. Ајнштајн напиша: ‘Ако ги тргнеме пророците од јудеизмот и христијанството какво што го поучувал Исус, од она што следувало подоцна, особено од злоупотребите на свештениците, имаме религија којашто може да го спаси човештвото од секое зло. Тоа е света должност на секој човек да стори сè што може за оваа религија да триумфира’. А да си спомнеме за нашиот голем физиолог Павлов! Зарем нашите книги не велат дека тој беше христијанин? Дури Маркс, во предговорот на Капиталот вели: ‘Христијанството, особено во неговата протестантска форма, е идеална религија за возобновување на карактерот уништен од гревот’. Маркс ме поучи да станам христијанин за да го возобновам карактерот. Како вие макрсисти, ме судите за тоа?“

Лесно е да се разбере зошто судијата останал без зборови.

На обвиненијата дека христијанството е ненаучна религија, некој христијанин вака одговорил во судот: „Сигурен сум судијо,

дека не си така голем научник како Симпсон кој го откри хлороформот и други лекови. Кога го прашале кое е неговото најголемо откритие, тој одговорил: „Тоа не е хлороформот. Моето најголемо откритие е да знам дека сум грешник и дека може да бидам спасен по милоста Божја“.

Животот, саможртвувањето и крвта што верниците се спремни да ја пролеваат за својата вера се најголемите аргументи за христијанството покажано од илегалната црква. Тоа го формира, како што вели познатиот мисионер во Африка, Алберт Швајцер: „Светото братство на оние кои ја носат лузната на болката“ – заедништво на кое и Исус, човекот на тага, му припаѓал. Илегалната црква е обединета со врската на љубовта кон Спасителот. Истата врска ги обединува членовите на црквата еден со друг. Никој на светот не може да ги победи.

Во едно писмо коешто е тајно пренесено, илегалната црква вели: „Ние не се молиме да бидеме подобри христијани, но можеби сме единствениот вид христијани какви што Бог сака да бидеме: христолики, а тоа е христијани кои доброволно го носат крстот за Божјата слава“.

Со мудрост на змија, според учењето на Исус, христијаните секогаш одбиваа да ги откријат своите водачи кога ги испрашуваа на суд.

„Правда Востока“ на 15 јануари 1966 година, пишува како обвинетата Марија Севчук одговори на прашањето што ја доведе до Христос: „Бог ме привлече во својата заедница“. Друг, запрашан: „Кој е твојот водач?“, одговорил: „Ние немаме човечки водач“.

Децата христијани ги прашуваа: „Кој ве поучуваше да ги напуштите пионерите и да ја извадите црвената марама?“ Тие одговараа: „Го сторивме тоа по своја слободна волја, никој не ни кажа“.

Иако на некои места врвот на „сантата“ беше видлив, на други места христијаните практикуваа само крштавање за да спречат апсење на нивните водачи. Некои крштевања се случија во река каде и тој што крштава и тој што се крштава носат маски за да не бидат препознаени од фотографии.

„Учитељскаја газета“ од 30 јануари 1964 година пишува за атеистичко предавање во селото Воронин, во обласа Волнечно-Корскиј. Штом предавачот завршил, „верниците започнаа јавно да го напаѓаат атеистичкото предавање преку прашања“ на коишто предавачот не можел да одговори. Го прашале:

„Од каде вие комунистите ги добивате вашите морални принципи, но коишто не ги почитувате – како што се ‘не кради‘ и ‘не убивај‘?“

Христијаните му покажале на предавачот дека секој принцип доаѓа од Библијата, против којашто комунистите се борат. Предавачот бил целосно збунет и предавањето завршило со победа на верниците!

## Гонењето на илегалната црква расте

Христијаните, во некои од поранешните Советски Републики и денес сѐ уште се прогонувани. Во земјите со ограничени слободи, христијаните од илегалната црква страдаат повеќе од кога и да било до сега. Се проценува дека околу 160.000 христијани се убиени во 1997 година. На христијаните им се одзема здивот кога ќе чујат за прогонот на евреите во комунистичките земји. Но, главна цел на гонењето е илегалната црква. Пред многу години, советскиот печат извести за бран на масовни апсења и судења. На едно место, осумдесет и двајца христијани беа ставени во лудница. Дваесет и четворица умреа по неколку дена поради „продолжена молитва“. Од кога продолжената молитва убива? Можете да замислите низ што поминуваа?

Најголемото страдање на коешто беа подлегнати ако откријат дека ги поучувале своите деца за Христос, беше да им ги одземат децата засекогаш – без право да ги посетат.

Во комунистичко време, Советскиот Сојуз ја потпиша Декларацијата „против дискриминација во образованието“, којашто велеше: „Родителите мора да имаат право да им обезбедат религиозно и морално образование на децата по

сопствено убедување“. Во еден напис, предавникот Карев кој беше водач на официјалниот Сојуз на баптистите во Советскиот Сојуз, велеше дека ова право се остварува во Русија – и будалите му веруваа! Еве што пишуваа советските весници.

Во изданието од 4 јуни 1963 година, „Советскаја Росија“ пишува како на една баптистка по име Макринкова, ѝ беа одземени шестте деца, затоа што ја споделуваше со нив христијанската вера и им забрани да носат црвени марами.

Кога ја чу казната, таа само рече: „Страдам за верата“. Таа мораше да плати за престојот на децата кои ѝ беа одземени за да ги трујат со атеизам. Мајки христијанки, мислете на нивната агонија!

„Учитељскаја Газета“ пишува дека истото се случило и со Игнатиј Мулин и неговата жена. Судијата бараше да ја напуштат нивната вера:

„Одберете помеѓу Бог и ќерката. Дали го избирате Бог?“ Таткото одговорил: „Нема да се откажам од мојата вера“.

Павле вели: „Сите работи содејствуваат за добро (Римјаните 8:28). Сум видел такви деца кои растеле во христијански семејства и кои биле одземени од нивните родители и биле ставени во комунистички училишта. Наместо да бидат отруени од атеизмот, верата којашто ја научиле дома ја пренеле на другите деца.

Библијата вели: „Кој го љуби таткото или мајката повеќе од Мене, не е достоен за Мене“ (Матеј 10:37). Овие зборови имаат значење кај поробените народи.

Обидете се да живеете една недела без да си ги видите децата! Тогаш ќе ги знаете страдањата на браќата во рестриктивните народи. Според „Знамја Јуности“ од 29 март 1967 година, синот на сестра Ситш, Вечеслав, беше одземен од мајка си затоа што беше подучуван во страв Божји. На Забавина од Хабровск ѝ беше одземена внуката Тања, сирак, бидејќи ѝ беше давано „неприродно (христијанско) образование“ („Советскаја Росија“, 13 јануари 1968 година). Одземање на родителското право продолжува и денес во земјите каде што христијанството е забрането.

Би било неправедно да зборувам само за протестантската илегална црква.

Православните христијани во Русија, беа целосно променети. Милиони од нив поминаа низ затвор каде што немаше бројаници, немаше крстови, немаше икони, немаше темјан и немаше свеќи. Луѓето беа во затвор без ракоположен свештеник. Свештениците немаа одежди, бради, вино за посветување, немаа свето масло ни книги со подготвени молитви. И сфатија дека можат да поминат и без тоа, пристапувајќи Му директно на Бог преку молитва. Тие почнаа да се молат и Бог почна да истура изобилно од Светиот Дух над нив. Меѓу православните во Русија, под комунизмот се случи искрено духовно пробудување, слично на фундаменталното христијанство.

Во Русија и нејзините земји-сателити, постоеше илегална православна црква којашто во реалноста беше евангелска, фундаментална и многу блиска до Бог. Таа задржа, само поради навика, многу малку од православните ритуали. Оваа илегална православна црква даде многу големи маченици. Кој може да каже што се случи со архиепископот Јермоген од Калуга кој веќе беше во поодминати години? Тој се осмели да протестира против предавничката соработка на Патријаршијата со безбожната комунистичка власт.

Во текот на седум декади од комунистичкото владеење на комунизмот во Советскиот Сојуз, во раните деведесетти години, рускиот печат беше исполнет со победите на илегалната црква. Таа помина низ неописливи маки, но остана верна... и порасна!

Во Романија посеавме семе со нашата работа во тајност, во руската армија. Истото го правеа во Русија и во другите земји окупирани од неа. Тоа семе донесе многу плод.

Комунистичка Азија и другите поробени земји можат да бидат придобиени за Христос. Нашите противници можат да станат христијани! Можат и оние кои се потискувани од нив, ако им помогнеме.

Доказ дека сум во право е фактот дека илегалната црква процвета под комунистите во Советскиот Сојуз, цвета во комунистичка Азија и расте на блискиот Исток.

За да ти ги покажам убавините на нашите браќа христијани под ужасни околности, еве неколку писма од една девојка од Русија, од коишто последните две се напишани во затвор.

Како девојка-комунист Го најде Христос

Следуваат три писма од Марија која ја доведе Варија, член на Младинската комунистичка организација до Христос.

## *Прво писмо*

...Продолжив да живеам тука. Многу сум сакана. Ме сака и еден член на клетката на Комсомол. Таа ми рече: „Не можам да сфатам какво создание си ти. Тука многу те навредуваат и те повредуваат, а ти ги сакаш сите“. Одговорив дека Бог нè учи да ги љубиме, не само пријателите туку и непријателите. Претходно оваа девојка многу ме повредуваше, но се молев за неа со посебна грижа. Кога ме праша дали можам и неа да ја сакам, ја гушнав и двете почнавме да плачеме. Сега се молиме заедно.

Ве молам молете се за неа, се вика Варија.

Кога ги слушаш оние кои гласно Го негираат Бог, изгледа дека цврсто веруваат во тоа. Но животот покажува дека многу од нив, иако го колнат Бог со својата уста, во срцата имаат голем копнеж. И ги слушаш воздишките на срцето... Бараат нешто за да ја покријат внатрешната празнотија со својата безбожност.

*Твојата сестра во Христос, Марија*

## *Второ писмо*

Во претходното писмо ви пишав за Варија, атеист. Сега брзам да ви кажам возљубени мои за една голема радост: Варија Го прими Христос како личен Спасител, сведочејќи за ова отворено и на секого.

Кога поверува во Христос, ја знаеше радоста на спасението, таа во исто време се почувствува несреќно. Беше несреќна

поради тоа што порано пропагираше дека нема Бог. Сега таа реши да се искупи за својата вина.

Отидовме заедно на Собирот на безбожниците. Иако ја предупредив да биде воздржана, тоа беше бескорисно. По пеењето на комунистичките песни (во што Варија не учествуваше), застана пред целото собрание. Храбро и со многу емоции, таа им сведочеше на присутните за Христос како нејзин Спасител и побара прошка од поранешните другари, зашто духовните очи ѝ беа затворени сè дотогаш и дека одеше во пропаст водејќи и други со неа. Ги повика сите да се откажат од гревот и да дојдат кај Христос.

Сите замолкнаа и никој не ја прекинуваше. Кога заврши со зборувањето, со прекрасниот свој глас ја испеа целата христијанска песна „Не се срамам да го воздигнам Христос Кој умре за да ги одбрани Своите заповеди и силата на крстот."

И потоа... потоа ја одведоа Варија.

Денес е деветти мај. Не знаеме ништо за неа. Но Бог е моќен да ја спаси!

*Ваша Марија*

### *Трешо йисмо*

Вчера, втори август, зборував во затворот со нашата возљубена Варија. Срцето ме боли кога мислам на неа. Всушност таа сè уште е дете. Има само деветнаесет години. Како верник во Господ, таа е духовно бебе. Но таа Го сака Господ со сето срце и веднаш тргна по тешкиот пат. Сиротата девојка е многу гладна. Кога дознавме дека е во затвор, ѝ праќавме пакети. Но, таа доби само малку од она што ѝ го праќавме.

Кога ја видов вчера, беше слаба, бледа, тепана. Само очите ѝ сјаеја со мирот Божји и со 'неовоземна' радост.

Да, драги мои, оние кои не го доживеале прекрасниот Христов мир, не можат да го разберат... Но колку се среќни оние кои го имаат овој мир... за нас кои сме во Христос, нема страдања и фрустрации кои ќе нè сопрат...

Ја прашав низ решетките „Варија, дали зажали што го стори

тоа?“ „Не!“ – одговори таа. „И ако ме ослободат, пак ќе одам да им кажам за големата Христова љубов. Немој да мислиш дека страдам. Многу сум среќна дека Господ ме сака толку многу што ми дава радост за да опстојам за Неговото име“.
Ве молам да се молите за неа. Веројатно ќе биде пратена во Сибир. Ѝ ги одземаа облеката и сите нејзини работи. Остана без ништо, освен она што е на неа. Таа нема роднини и ние мора да ги собереме неопходните работи. Ја одвоив сумата што ми ја прати. Ако ја депортираат Варија, ќе ѝ го дадам тоа. Верувам дека Бог ќе ѝ даде сила за да опстане и во иднина. Бог нека ја чува!

*Ваша Марија*

## *Четврто писмо*

Драга Марија, најпосле можам да ти пишам. Стигнавме безбедно во ... (локацијата е намерно пропуштена). Нашиот логор е десет километри од градот. Не можам да ти го опишам нашиот живот. Знаеш добро. Сакам да ти напишам само малку за мене. Му благодарам на Бог што ми дава здравје и што можам да работам физички. Јас и сестра Х работиме на машини во работилницата. Работата е тешка и здравјето на сестра Х е лошо. Морам да работам и за мене и за неа. Најпрвин завршувам со мојата работа, а потоа ѝ помагам. Работиме дванаесет до тринаесет часа на ден. Нашата храна е како и вашата, многу ретка. Но не сакав за ова да ти пишувам.

Моето срце Го слави и Му благодари на Бог дека преку тебе, Тој ми го покажа патот на спасението. Сега, почнувајќи по тој пат, мојот живот има цел и знам каде одам и за кого страдам. Имам желба да кажувам и да сведочам секому за големата радост на спасението, што ја имам во срцето. Кој може да нè одвои од љубовта Божја во Христос? Никој и ништо. Ниту затворот ниту страдањето. Страдањето што ни го праќа Бог е само за да нè зајакне што повеќе во верата во Него. Моето срце е толку полно, што благодатта Божја се прелива. На работа ме колнат и ме казнуваат, ми даваат повеќе работа бидејќи не

можам да молчам. Мора да кажам секому што Господ направи за мене. Тој ме направи ново создание, мене која одев кон пропаст. Можам ли да молчам за ова? Не, никогаш! Сè додека мојата уста може да зборува, секому ќе сведочам за Неговата голема љубов.

На пат за логорот, се среќававме со многу браќа и сестри во Христос. Колку чудесно е кога чувствуваш преку Духот дека и тие се Божји деца, кога првпат ќе ги видиш браќата и сестрите. Нема потреба од зборови. Од прв поглед чувствуваш и знаеш кои се тие.

Кога одевме кон логорот, на една железничка станица ми пристапи една жена, ми даде храна и рече само два збора: „Бог живее“.

Првата вечер кога стигнавме тука (беше доцна), нè одведоа во подземни бараки. Ги поздравивме присутните со зборовите: „Мир со вас“. На наша голема радост, од сите агли го чувме одговорот: „Ве примаме во мир“. И од првиот момент почувствувавме дека сме во семејството.

Да, така беше навистина. Еве многумина кои веруваат во Христос како нивни личен Спасител. Повеќе од половина од затворениците беа христијани. Меѓу нас имаше и големи пејачи и големи проповедници на Евангелието. Навечер, сите се собираме по напорната работа. Колку е прекрасно да се помине барем малку време заедно. Тука научив многу убави песни и секој ден Бог сè повеќе ми дава од Неговиот збор. На деветнаесет години, за првпат го прославив роденденот Христов. Нема никогаш да го заборавам тој прекрасен ден! Моравме да работиме цел ден до доцна. Сепак, неколку браќа успеаја да отидат до блиската река каде што го искршија мразот и подготвија место, каде во текот на ноќта – според Божјиот збор – седум браќа и јас бевме крстени. Ох колку бев среќна и колку сакав и ти Марија, да беше со мене за да можам барем малку да се искупам преку љубовта за сето она зло што ти го направив во минатото. Но, Бог секој еден од нас го става на негово место и мора да истраеме цврсто каде што Тој нè става.

Поздрави го целото семејство на Божјите деца. Бог богато ќе ве благослови во заедничката работа како што ме благослови и мене. Прочитај Евреите 12:1-3.

Те поздравуваат сите браќа и се среќни за твојата вера во Бог, којашто е толку моќна, и дека Го славиш Него без престан во твоите страдања. Ако пишуваш и на други, пренеси го нашиот поздрав.

*Ваша Варија*

### *Петто писмо*

Драга Марија, конечно наидов на можност да ти пишам неколку збора. Можам да ти кажам мила моја, дека по милоста Божја, јас и сестра Х сме здрави и добро се чувствуваме. Сега сме во ... (локацијата намерно е отстранета).

Ти благодарам за твојата мајчинска грижа за мене. Добивме сè што сте подготвиле за нас. Ти благодарам за највредното нешто – Библијата. Фала на сите. Кога ќе им пишеш, поздрави ги од мене и заблагодари им за сè што направија за мене.

Бидејќи Бог ми ја открива Неговата длабока тајна на Неговата љубов, се сметам себеси за најсреќна во светот. Прогонството низ коешто морам да минам, го сметам како посебна благодат. Се радувам што Господ ми ја даде, од првиот ден на мојата вера, големата радост да страдам за Него. Молете се за мене до крај да останам верна на Господ.

Нека Бог ве чува сите и ви дава сила за светата битка!

Сестра Х и јас ве бакнуваме сите. Кога ќе бидеме однесени во ... (локацијата намерно е отстранета), можеби ќе имам можност пак да ти пишам. Не грижете се за нас. Ние сме радосни и среќни, бидејќи нашата награда е голема на Небото (Матеј 5:11,12).

*Ваша Варија*

Ова е последното писмо од Варија – младата комунистка која Го најде Христос, и сведочеше за Него и беше осудена

на тешка работа. Никогаш не слушнавме повторно за неа, но нејзината љубов и сведоштво за Христос покажаа духовна убавина во страдалната и верна илегална црква.

ГЛАВА 7

# Како христијаните од Запад можат да помогнат

Ме нарекуваат „Гласот на илегалната црква“. Не се чувствувам достоен да бидам гласник на така значаен дел од телото Христово.

Сепак, во комунистичките држави, со години водев дел од илегалната црква. За чудо, преживеав четиринаесет години затвор и мачење, вклучително и две години во затворската „соба за умирање“. Но уште поголемо чудо е што Бог некако сметаше дека треба да досегне во затворот и да ме извлече од таму. Илегалната црква во Романија реши дека треба да ја напуштам земјата и да ја однесам пораката кај слободните христијани во светот. За чудо, јас и моето семејство можевме да заминеме и јас имав можност да ја исполнам задачата, дадена од оние кои останаа и продолжија да работат ризикувајќи, страдајќи и умирајќи во многу поробени земји.

Зборувам во име на големиот број безимени гробови. Зборувам во име на моите браќа кои се среќаваат тајно во шумите, подрумите, таваните и други такви места.

Ова е пораката што ја носам од илегалната црква:

„Не нè напуштајте!“

„Не нè заборавајте!“

„Не нè отпишувајте!“

„Дајте ни ги алатките коишто ни се потребни! Ние ќе ја платиме цената за нивното користење!“

Ова е пораката што ми е дадена за да ја пренесам на слободната црква.

Зборувам за илегалната црква, замолкнуваната црква, „немата“ црква којашто нема глас да зборува.

Слушнете го гласот на браќата и сестрите во поробените земји! Тие не зборуваат за бегање, безбеден или лесен живот. Тие само бараат алатки со коишто ќе се спротивстават на труењето на младите – нашата следна генерација – со атеизам. Тие бараат библии за да ги користат при ширењето на Божјото Слово. Како можат да го шират Божјото Слово ако го немаат?

Илегалната црква е како хирург кој патува со воз. Возот се судира со друг и стотици луѓе лежат на земјата, осакатени, повредени, умираат. Хирургот поминува покрај оние што умираат и вика: „Камо да ги имав моите инструменти, камо да ги имав моите инструменти!“ Со тие хируршки инструменти може да се спасат многу животи. Тој сака, има желба... но нема инструменти. Така е и со илегалната црква. Таа е толку подготвена целосно да се даде. Толку е подготвена дури и да ги даде своите маченици! Толку е спремна да ризикува години во затвор! Но, сета нејзина желба нема никаква вредност ако ги нема алатките потребни за работа. Молбата од верната, храбрата илегална црква до вас кои сте слободни е: „Дајте ни ги алатките – евангелија, библии, литература, помош – ние ќе го сториме останатото!“

## Како христијаните од слободниот свет може да помогнат

Секој христијанин од слободниот свет може веднаш да помогне на некој од следниве начини.

Атеистите се луѓе кои не го признаваат невидливиот извор на нивниот живот. Немаат идеја за тоа што е мистерија во универзумот и во нивниот живот. Христијаните најдобро можат да им помогнат одејќи не по гледање, туку по вера, водејќи живот на заедништво со невидливиот Бог.

Најмногу можат да ни помогнат со тоа што постојано ќе живеат доследен христијански живот, живот на жртвување.

Можат да помогнат протестирајќи јавно, секогаш кога ќе има прогонство на христијани.

Западните христијани можат да помогнат молејќи се за гонителите да бидат спасени. Ваквата молитва можеби изгледа наивна. Ние се молевме за комунистите и тие нѐ мачеа повеќе отколку пред молитвата. Но, молитвата на Господ во Ерусалим беше исто така „наивна". Го распнаа по Неговата молитва. Но, само неколку дена подоцна, се удираа во гради, и пет илјади се преобратија во еден ден.

И за другите, молитвата не беше залудна. Секоја молитва што не е прифатена од оној за кого се застапуваш, ти се враќа со големи благослови. Исполнување на зборот на Христос, јас и многу христијани се молевме за Хитлер и неговите луѓе. И јас сум сигурен дека нашите молитви помогнаа тој да се победи исто колку и куршумите на сојузниците.

Мора да ги сакаме ближните како самите себеси. Комунистите и другите се нашите ближни како и секој друг.

Тие се резултат на тоа што ние не ги направивме познати зборовите на Христос: „Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно" (Јован 10:10). Христијаните сѐ уште не го направија овој живот достапен за секого. Тие само дадоа делче од сѐ она што е вредно во животот. Овие поединци се побунија и ја формираа Комунистичката партија и други лажни верувања. Често жртвите на социјалните неправди, сега се огорчени и зли. Треба да се бориме против нив. Но христијаните, иако се борат против непријателот, тие него го разбираат и го сакаат.

Ние не сме без вина за фактот дека некои живеат во бунт. Ние сме виновни барем затоа што сме ги запоставиле нашите обврски.

За ова треба да се искупиме сакајќи ги нив – што е нешто сосема поинакво од тоа да ни се допаѓаат – и молејќи се за нив.

Не сум толку наивен да верувам дека само љубовта ќе ги реши тие проблеми. Не би ја советувал власта да го решава проблемот со гангстерите со љубов. Мора да има полиција, судии и затвори за гангстерите – не само за пасторите. Ако

гангстерите не се покајат, мора да бидат затворени. Никогаш нема да ја употребам христијанската фраза „љубов“ за да применам потребна политичка, економска или културна борба против комунистите и другите тирани кои не се ништо друго туку само гангстери, но на меѓународно ниво. Гангстерите крадат торба; а тие цела држава.

Но, пасторите и поединечните христијани треба да сторат сè што можат за да ги доведат до Христос побунетите народи – без разлика какво зло направиле – како и нивните невини жртви. Мора да се молиме за нив со разбирање.

## Итно се потребни библии

Друг начин на кој слободните христијани можат да помогнат е со праќање на библии или делови од Библијата. Постојат начини како тие безбедно да се доставаат во рестриктивните земји, но само доколку слободните христијани ги обезбедат за браќата и сестрите во илегалната црква. Додека уште бев во Романија, добивав библии коишто беа донесени на посебни начини. Нема проблеми тие да се внесат, само треба да се обезбедат.

Тие се очајно потребни. Илјадници христијани немаат видено Библија и Евангелие со децетици години во комунистичките земји како Кина и Северна Кореја.

Двајца многу валкани селани дојдоа кај мене дома да купат Библија. Дојдоа од селото и работеа цела зима, копајќи во замрзнатата земја за да заработат за да купат стара распарталена Библија и да ја однесат во нивното село. Бидејќи добив библии од Америка, можев да им дадам нова, а не распарталена. Не можеа да им поверуваат на сопствените очи! Тие сакаа да ми платат со парите што ги заработија. Јас одбив. Брзу се вратија во своето село со новата Библија. Неколку дена подоцна добив писмо во коешто, со огромна радост ми заблагодарија за Библијата. Писмото беше потпишано од триесет луѓе! Тие внимателно ја исекле Библијата на триесет делови и си ја разменувале меѓу себе!

Беше патетично да слушнеш како еден Русин моли за една страна од Библијата за да ја нахрани својата гладна душа. Тие беа среќни да разменат крава или коза за Библија. Еден човек ја замени својата бурма за распарталена Библија. Многу деца никогаш не виделе картичка за Божиќ. Ако имаа една, сите деца од селото ќе се собереа околу неа, и некој постар може да им објасни за бебето Исус, Неговото раѓање од девица, и сторијата за Христос и спасението. Сето ова од една божиќна картичка! Ние праќаме библии, Евангелија и литература на христијаните во овие рестриктивни земји. Ова е еден начин како вие можете да помогнете.

Исто така, печатиме и испраќаме специјална литература за да се бориме против атеистичкото труење што им се дава на децата од градинка па сѐ до факултет. Во Советскиот Сојуз, комунистите издадоа „Водич за атеисти“ којшто е атеистичка „Библија“. Поедноставена верзија се предава на децата во градинка, а понапредна верзија од истиот водич како што растат децата. Лошата „Библија“ го следи детето во неговиот растеж – цело време труејќи го со атеизам. Ние го испечативме и дистрибуиравме „Одговор на водичот за атеисти“ како христијански одговор на отровните атеистички учења.

Нашата труена младина мора да има одговор – Божјиот одговор, христијанскиот одговор, нашиот одговор! Тоа е друга работа што можете да ја направите, да помогнете со специјална литература за земјите каде што Бог е „илегален“. Тоа вклучува илустрирана литература за млади и детски библии.

Мораме да се здружиме со членовите на илегалната црква и да им дадеме финансиски средства за да можат да патуваат со Евангелието при евангелизирањето еден на еден. Многумина се „приковани“ за домот поради недостиг на средства за карти и за храна при патување. Така, тие се заглавени и не можат да патуваат до другите села од триесет или четириесет километри, каде што залудно ги повикуваат да одржат тајни собирања. Преку обезбедување средства за нив секој месец, можеме да ги „отковаме“ за да можат да одговорат на тие повици и да одат во подалечните градови и села со Божјиот збор. На пример,

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 119 11/27/2012 8:55:22 AM

купуваме мотоцикли за пасторите во Виетнам и Кина за да одат да го споделуваат Евангелието во „забранетите области", во нивните земји. Обезбедуваме велосипеди за евангелистите во муслимански Бангладеш, кои сведочат со голем ризик.

Христијаните лаици мора да имаат финансиска помош. Бидејќи се христијани, не успеваат да заработат доволно за живот, така што не им останува ништо со што ќе одат од село во село со Евангелието. Ова е „чудо" од неколку долари што ќе им помогне.

Пасторите од официјалната црква кои вршат и тајна служба со голем ризик, мора да имаат средства, тајно доставени за такви цели. Спремноста на пасторите да ја ризикуваат својата слобода, игнорирајќи ги државните регулативи и проповедајќи го Евангелието на деца, млади и возрасни на тајни средби, не е доволно. Им требаат средства за да продолжат мошне плодоносно да ја вршат тајната мисија. Давање средства за таа намера, ќе им помогне на членовите на илегалната црква да го шират Евангелието.

Следно, мора да го емитуваме Евангелието во рестриктивните земји преку радио. Користејќи радиостаници од слободниот свет, можеме духовно да ја храниме илегалната црква којашто има голема потреба за Лебот на животот. Поради тоа што комунистичката власт користи кратки радиобранови за да ја шират својата пропаганда, милиони луѓе имаат радиоприемници за да ги слушаат тие емисии. Вратата остана отворена за емитување преку радио и оваа работа мора да се искористи. Илегалната црква мора да ја има духовната храна што овие емисии ја обезбедуваат. Тоа е друг начин како можете да помогнете на илегалната црква во рестриктивните земји.

## Трагедијата на семејствата на христијанските маченици

Семејствата на христијанските маченици имаат потреба од нашата помош. Десетици илјади такви семејства, страдаат многу трагично. Кога член на илегалната црква е уапсен, ужасна трагедија го погодува неговото семејство. Обично е

противзаконски да им се помага. Ова е добро испланирано од власта за да го зголеми страдањето на жените и децата на уапсените. Кога некој христијанин ќе оди во затвор – често и со мачење – страдањето само што почнува. Неговото семејство бескрајно страда. Можам да кажам, ако самоорганизираните христијани не праќаа помош за мене и мојата сопруга, јас немаше да доживеам да ги пишувам овие зборови!

Постојано има нови и нови маченици. Иако тие одат во гроб и до својата награда, нивните семејства живеат во ужасни околности. Можеме и мораме да им помогнеме. Се разбира, мораме да им помогнеме и на гладните Индијци и Африканци. Но, кој ја заслужува повеќе помошта на христијаните отколку семејствата на оние кои умреле за Христос и кои се мачени за својата вера во рестриктивните земји?

Од моето ослободување, „Гласот на мачениците" праќа помош на семејствата на христијанските маченици. Она што е сторено е малку во споредба со она што можеме да го сториме со ваша помош.

## Мојата порака од илегалната црква до вас

Како член на илегалната црква, кој преживеа и избега, ви носам порака, молба од браќата кои ги оставив таму.

Тие ми ја дадоа оваа порака којашто ви ја пренесувам. Чудесно преживеав за да ви ја донесам вам.

Ви кажував за итноста на носењето на Христос во комунистичкиот свет и другите поробени земји. Ви кажав за итноста на потребата за помош на семејствата на христијанските маченици. Ви кажав практични начини како можете да ѝ помогнете на илегалната црква за да ја исполни својата мисија во ширењето на Евангелието.

Кога ме тепаа по стапалата, јазикот ми плачеше. Зошто ми плачеше јазикот? Тој не беше тепан. Тој плачеше бидејќи и јазикот и стапалата се делови од едно исто тело. И вие, слободните христијани сте делови од истото тело што е тепано во затворите во рестриктивните земји, каде што и сега има

многу маченици за Христос. Не можете ли да ја почувствувате нашата болка?

Раната црква со својата убавина, жртва, и посветеност оживеа во тие земји.

Додека нашиот Господ Исус Христос се мачеше со молитвата во Гетсеманската градина, Петар, Јаков и Јован беа на далечина од едно фрлање на камен, од најголемата драма во историјата – но тие спиеја во длабок сон. Колку од вашата христијанска грижа и давање се насочени кон помош на маченичката црква? Прашајте ги вашите пастори и водачи, што се прави во ваше име за да им се помогне на браќата и сестрите во рестриктивните земји во светот.

Во тие земји, драмата, храброста и мачеништвото на раната црква се случуваат повторно – и сега слободната црква спие.

Нашите браќа таму, сами и без помош, храбро се борат во најголемата битка на дваесеттиот век, иста по херојство, храброст и посветеност како и Раната црква. А слободната црква спие, несвесна за страдањето и агонијата, како што и Петар, Јаков и Јован спиеја во моментот на најголемата агонија на нивниот Спасител.

Дали и вие ќе спиете додека вашите браќа страдаат и се борат за Евангелието?

Дали ќе ја чуете нашата порака: „Сетете се на нас, помогнете ни!“

„Не нè оставајте!“

Сега ви ја пренесов пораката на верните браќа, мачени за Христос – од вашите браќа и сестри кои страдаат во оковите на атеистичкиот комунизам, и се цел на напад низ целиот свет од Индонезија до Африка. Не ги оставајте.

# ЕПИЛОГ
## Човекот кој се осмели да зборува

Пастор Ричард Вурмбранд не беше првиот христијански водач кој побегна од суровиот третман на романската комунистичка власт, и други го сторија тоа пред него. Сепак, поголемиот дел од Западниот свет остана во незнаење за страдањата низ коишто поминуваат оние од илегалната црква. Зошто никој друг не говореше?

Одговорот му стана јасен на пастор Вурмбранд на неговото заминување од Романија, кога агенти на тајната полиција го предупредија никогаш да не зборува против комунистите. Тие имаа свои агенти на Запад и му стана јасно на Вурмбранд дека тие ќе го следат. И зошто да зборува? Зарем не страдаше доволно?

Но, Вурмбранд зборуваше. И покрај заканите од комунистите и критиките од некои Западни црковни водачи, тој сведочеше за големите страдања на оние кои го преживеаја комунистичкиот пекол и зборуваа за својата победоносна вера.

Во текот на првата година во САД, пастор Вурмбранд беше двапати приведуван за „нарушување" на прокомунистички настани. Беше повикан да сведочи пред Сенатот, соблечен до појас за да ги покаже лузните од осумнаесетте рани од честите мачења. Некои христијански водачи го нарекуваа луд – кој го загубил умот во самица. За други, тој беше „Павле на Железната завеса" или „Глас на илегалната црква". Репортерот на Филаделфија Хералд, за Вурмбранд кажа: „Тој стоеше меѓу лавови, но тие не можеа да го изедат".

Во октомври 1967 година, со 100 долари в џеб, стара машина за пишување и 500 имиња и адреси, Ричар Вурмбранд го издаде првиот број на билтенот Гласот на мачениците. Оваа мала публикација беше посветена на пренесувањето на сведоштвата и искушенијата со коишто се соочуваат нашите браќа и сестри во рестриктивните земји низ целиот свет.

Овој билтен беше поинаков од сите други. Читателите му пишуваа на Вурмбранд, згрозени од ѕверствата што тој ги опишуваше. „Како може ова да биде вистина?" – прашуваа. Други пишуваа дека весникот им предизвикал кошмари и не сакаат повеќе да го добиваат. Но оние кои гледаа преку страдањата и мачењата, видоа убавина – убавина на срцата на мажи, жени дури и на деца кои одбиле да се откажат од Христос. Читателите беа сведоци на живата вера којашто овозможи луѓе како пастор Вурмбранд да ги „бакнат решетките" на нивната ќелија во затворот, и да се радуваат на заедништвото со Христовото страдање.

Во Западниот свет, прогонството на христијаните често се гледа како работа на „човечки права", со нагласка владата да гарантира за верската слобода и за заштитата што таа ја дава. Иако ова можеби е делумно точно, треба да гледаме зад човечкото разбирање, во небесното. Исус рече: „Слугата не е поголем од својот господар!' Ако Ме гонеа Мене, ќе ве гонат и вас; Ако го пазеа Моето Слово, ќе го пазат и вашето (Јован 15:20). Тој исто така нè предупреди: „Имате неволја во светот" (Јован 16:33) и „И ќе бидете намразени од сите заради Моето име" (Матеј 10:22). „Радувајте се и веселете се, зашто голема е вашата награда на небесата"(Матеј 5:12).

Иако сме повикани да ја искористиме секоја можност да им помогнеме на оние во потреба, треба да признаеме дека дел од тоа да се биде христијанин е да се биде прогонуван. Единаесет од дванаесетте ученици на Христос беа убиени. Исус никогаш не рекол дека за нас ќе е поинаку. Тоа е дел од она што сме во Христос. Не е секој од нас повикан за да страда како пастор Вурмбранд. Но, кога ќе дојдат искушенијата, не треба да бидеме изненадени туку треба да се радуваме дека

сме достојни да страдаме за Христос. Зашто Тој исто така рече: „Блажени се оние кои се гонети заради правда, зашто нивно царство е небесно!“ (Матеј 5:10)

Павле го објаснува односот меѓу членовите на телото Христово, во 1 Коринќаните 12:25,26: „За да нема раздор во телото, туку членовите еднакво да се грижат еден за друг. И ако страда еден член, со него страдаат сите членови; Или ако се слави еден член, сите членови се радуваат со него“. Писателот на Евреите додава: „Помнете ги затворениците како да сте оковани со нив; И оние кои страдаат, зашто и самите сте во тело!“ (Евреите 13:3). Ова е стихот на Гласот на мачениците од 1967 година.

Станува јасно, кога го проучуваме Новиот Завет дека прогонството не е, ниту пак ќе биде нешто непознато на Црквата, тука на земјата. Така, ние имаме обврска како членови на телото Христово, да „Затоа утешувајте се меѓусебно и надградувајте се еден со друг“ (1 Солунците 5:11) додека Христос да се врати. Да се прави поинаку ќе биде отфрлање на нашата христијанска одговорност и учењата на Исус.

За оваа цел, Гласот на мачениците работи во скоро 40 земји во светот каде што нашите браќа и сестри систематски се гонат. Во Виетнам, Лаос и Кина, христијаните се тепани, убивани и затворани. Нивните цркви се уништуваат и библиите се горат. Под исламот во последните десетици години, во просек се убиваат околу 400 христијани дневно. Милиони исчезнаа во Судан каде што радикалните исламски сили распнаа илјадници христијани или ги удавија во реката Нил. Други се затворени очекувајќи егзекуција со бесење. Суданските жени се силувани додека им ги одземаат децата и ги продаваат како конкубини или робови на муслиманите на Север. И покрај оваа трагедија, суданските христијани изјавуваат: „Иако нашите домови се запалени и црквите уништени, убедени сме да проповедаме дури и повеќе за Христос“.

Тешко е да се разбере дека радоста и слободата можат да коегзистираат со некои од најлошите страдања, познати на човекот: да се разбере како страдањето може да ни биде дадено

како „дар“ од Христос (Филипјаните 1:29). Но има малку место за човечко разбирање на духовните луѓе кои ќе живеат вечно со Христос.

Билтенот Гласот на мачениците продолжува да ги информира и да ги повикува на дејствување христијаните во целиот слободен свет, за состојбата на оние кои страдаат за нивната вера во Исус Христос. Низ мрежата на канцеларии низ светот, билтенот се објавува во над 30 јазици и се дистрибуира на над 250.000 загрижени верници секој месец.

Службата разви и пет главни цели во служење на денешната прогонета црква:

1. Да обезбедува библии, литература и радиоемисии на нивниот јазик во рестриктивните земји каде што христијаните се прогонувани;

2. Да им дава помош на семејствата на христијанските маченици во тие области;

3. Да преземе проекти за охрабрување за да им помогне на верниците повторно да го изградат својот живот, и сведоштво во земјите коишто страдаа под комунистичкото угнетување;

4. Да ги придобие за Христос оние кои се противат на Евангелието;

5. Да го информира светот за злоделата извршени против христијаните и за храброста и верата на прогонетите.

Ве покануваме да земете учество во оваа служба – „Помнете ги затворениците како да сте оковани со нив; И оние кои страдаат, зашто и самите сте во тело!“ (Евреите 13:3). Охрабрете се од нивната победоносна вера, и искористете ја

можноста да бидете охрабрување за оние кои страдаат поради својата вера во Христос.

Ако сакате да дознаете повеќе за прогонуваната црква денес или да добиете бесплатна претплата на месечниот билтен Гласот на маченици, ве молиме контактирајте нè:

The Voice of the Martyrs

ЗА АВТОРОТ

# За авторот

Пастор Ричард Вурмбранд е евангелски проповедник кој претрпе четиринаесет години затворска казна и мачење во својата татковина, комунистичка Романија. Во Романија се познати неколку имиња, меѓу кои тој е еден од најпознатите нашироко признати христијански водачи, автори и едукатори.



Во 1945 година, кога комунистите ја освоија Романија и се обидоа да ја контролираат црквата за свои цели, Ричард Вурмбранд веднаш почна ефикасна, енергична „илегална“ служба за неговиот поробен народ, како и за освојувачите, руските војници. Тој беше уапсен во 1948 година, заедно со неговата сопруга Сабина. Неговата сопруга работеше три години тешка работа на каналот на Дунав. Ричард Вурмбранд помина три години во самица, не гледајќи никого друг, освен неговите комунистички мачители. Потоа беше префрлен во групна ќелија, каде што тортурата продолжи уште пет години.

Поради неговиот меѓународен углед како христијански водач, дипломати од странските амбасади се интересираа за неговата безбедност кај комунистичката влада и беа информирани дека тој побегнал од Романија. Тајната полиција, претставувајќи се како ослободени затвореници, ѝ кажаа на неговата сопруга дека биле на неговиот погреб на затворските гробишта. На неговото

семејство во Романија и неговите пријатели во странство им било кажано да забораваат на него бидејќи тој е мртов.

По осум и пол години во затвор, тој беше ослободен и веднаш продолжи со неговата работа во илегалната црква. Неколку години подоцна, во 1959 година, тој беше повторно уапсен и осуден на дваесет и пет години затвор.

Ричард Вурмбранд беше пуштен со општа амнестија во 1964 година, и повторно ја продолжи својата илегална служба. Сфаќајќи ја големата опасност од трето затворање, христијаните во Норвешка преговараа со комунистичката власт за неговиот откуп од Романија. Комунистичката власт почна „продажба" на нивните политички затвореници. „Редовна цена" за еден затвореник беше 1.900 долари; нивната цена за Вурмбранд беше 10.000 долари.

Во мај 1966 година, тој сведочеше пред Поткомитетот за внатрешна безбедност на Сенатот на САД и се соблече гол до појас за да ги покаже лузните од осумнаесетте длабоки рани од мачењето по целото тело. Неговата приказна се рашири низ целиот свет во весниците низ САД, Европа и Азија. Вурмбранд беше предупреден во септември 1966 година дека комунистичкиот режим на Романија планира да го убие, но сепак тој не замолчи соочувајќи се со оваа смртна закана.

Како основач на христијанската мисија Гласот на мачениците, тој и неговата сопруга патуваа низ целиот свет, утврдувајќи мрежа на повеќе од триесет канцеларии коишто обезбедуваат помош за семејствата на затворените христијани во исламските земји – комунистички Виетнам, Кина како и други земји каде што христијаните се гонети заради својата вера. Неговата порака е „Мрази ги злите системи, но сакај ги твоите прогонители. Сакај ги нивните души, и обиди се да ги придобиеш за Христос"!

Пастор Вурмбранд е автор на неколку книги, преведени на повеќе од шеесет јазици низ целиот свет. Тој е наречен „Гласот на илегалната црква". Христијански лидери го нарекоа жив маченик и „Павле од железната завеса".

СОДРЖИНА

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| | Предговор | 4 |
| 1. | Големата глад на Русите за Христос | 7 |
| 2. | „Нема поголема љубов...“ | 27 |
| 3. | Откупот и хуманитарната работа од Запад | 41 |
| 4. | Победа над комунизмот со љубовта Христова | 45 |
| 5. | Непобедливата широко раширена илегална црква | 76 |
| 6. | Како христијанството го поразува комунизмот | 94 |
| 7. | Како христијаните од Запад можат да помогнат | 115 |
| | Епилог | 123 |
| | За авторот | 128 |


10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 130 11/27/2012 8:55:23 AM

10 Tortured for Christ Core FINAL.indd 131 11/27/2012 8:55:23 AM



Семејна фотографија од Ричард и Сабина Вурмбранд со синот Михај. Кога двајцата беа во затвор и на присилна работа, Михај растеше како „сирак“ под грижата на другите христијани, но беше исмеван и презиран на училиште. Михај подоцна ќе стане првиот директор на „Гласот на мачениците“ во САД (октомври 1967 година). Тогаш мисијата се викаше „Исус за комунистичкиот свет“.



Насмевка по пуштањето од затвор, пасторот Вурмбранд изненади многу христијани кога покажа безусловна прошка бидејќи го мразеше комунизмот, но ги сакаше комунистите.



Целата фамилија на Сабина Вурмбранд, која беше еврејка, умре во нацистичките логори на смртта. Сабина и Ричард ја имаа привилегијата да поканат дома еден нацист, кој бил во нивниот логор. Тие го нахранија, му пружија љубов и го доведоа до Христос.




Едно од постарите изданија на „Мачени за Христос“, објавено во 1960 -тите. Западните христијани многу малку имаа слушнато за страдањето на нивното семејство на Исток. Во тоа време, многу цркви на Запад одбиваа да објават такви информации.



Повеќе од половина век, христијаните се собираа на богослужби во илегални цркви низ целиот Советски Сојуз. Денеска тајно се собираат во Азија и на Блискиот Исток.



Со лузните од мачењето по вратот, грбот и градите, пастор Вурмбранд го разбира страдањето коешто многу африкански христијани го поминуваат во прогон. Мисијата „Гласот на мачениците“ испраќа помош во Африка, од 1960-тите.




Конференција во Швајцарија – во текот на „железната завеса" (Советската доминација во Источна Европа), пастор Вурмбранд говореше на илјадници богослужби и конференции, организирани од семејството на мисиите на „Гласот на мачениците" коишто сега се организирани во Интернационалната христијанска асоцијација.

10 Tortured for Christ Core PICTURES FINAL.indd 7 11/27/2012 8:43:32 AM



Во текот на дваесеттиот век, христијаните печатеа Евангелија во подруми со тајни влезови. Како што влегуваме во следниот век, таквата работа  продолжува на Блискиот Исток, Азија и на други места. Затвореникот Павле пишува во 2 Тимотеј 2:9, „за коешто страдам сè до окови, како некаков злосторник. Но Божјото слово не е оковано“.



Граничарите на Источна Германија со бургии правеа дупки во вратите на автомобилите за да најдат скриени Библии.



Пасторот Вурмбранд говореше на многу религиозни и политички собири, молејќи го Западот да не ги запостави оние во „семејството по вера“ (Галатите 6:10). Пред Конгресот, тој ја соблече кошулата за да ги покаже раните од прогонството. Зборувајќи многу јазици, тој ги цитираше од руските весници, лагите што ги пишуваа за неговата работа.



Мисијата „Гласот на мачениците“ во Финска си спомнува за христијаните во окови (Евреите 13:3).





Доцните 1970-ти – Том Вајт беше осуден на 24-годишна робија во Куба, за внесување христијанска литература. Многу работници на „Гласот на мачениците“ биле претепани, затворени и убиени.



Во 1900-тите – Одење до едно тајно неделно училиште во шумите на Советскиот Сојуз. Тајни неделни училишта се среќаваат денес во Виетнам, Лаос, Кина, Бутан, на Блискиот Исток и во други краеви.



Зборувајќи во преполните цркви во Русија, Ричард и Сабина Вурмбранд беа сведоци на падот на железната завеса во текот на нивниот живот.



1969 – Балони со Евангелија пуштени во Северна Кореја, дело коешто продолжува триесет години подоцна.



Куба – Фидел Кастро уништи 100.000 Библии. Во раните 1970-ти, доброволците на „Гласот на мачениците“ започнаа да пуштаат Евангелија од авиони и од бродови.

10 Tortured for Christ Core PICTURES FINAL.indd 15 11/27/2012 8:43:37 AM



1990 – Семејството Вурмбранд се врати во својата татковина Романија за да говори во црквите и на националната телевизија, со порака на љубов и простување на нивните непријатели.

10 Tortured for Christ Core PICTURES FINAL.indd 16 11/27/2012 8:43:38 AM